Кн. III-318
Ин. бр. 87/17

***Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје***
***Филозофски факултет***

*Институт за безбедност, одбрана и мир*

*Последипломски студии од областа на безбедноста*

# ВЛИЈАНИЕТО НА МАЛОТО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ВРЗ ВНАТРЕШНИТЕ ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ И БЕЗБЕДНОСНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

*-магистерски труд-*

Ментор
Проф. д-р. Ванчо Кенков

Изработил
Тимко Биљарски

Скопје, јануари 2014

СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ..... **3**

**ГЛАВА 1 - ВНАТРЕШНИ ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ** ..... **10**

1.1. Поим за конфликти ..... 11

1.2. Видови вооружени конфликти ..... 14

1.3. Внатрешните вооружени конфликти како облици на загрозување на националната безбедност ..... 18

1.3.1. Граѓанска војна ..... 24

1.3.2. Вооружен бунт ..... 28

1.3.3. Револуција ..... 29

1.3.4. Воен удар ..... 29

1.3.5. Тероризам и терористички активности преземени во рамките на една држава ..... 30

1.4. Сериозноста на внатрешните вооружени конфликти ..... 32

1.5. Фактори кои влијаат за појава на внатрешни вооружени конфликти ..... 35

**ГЛАВА 2 - МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ** ..... **40**

2.1. Оружје ..... 41

2.1.1. Дефинирање на малото и лесно оружје ..... 42

2.1.2. Карактеристики на малото и лесно оружје ..... 44

2.1.3. Распространетост на малото и лесно оружје ..... 45

2.2. Меѓународна трговија со оружје ..... 51

2.3. Нелегална трговија со оружје ..... 55

2.4. Причини поради кои луѓето набавуваат оружје ..... 57

**ГЛАВА 3 - ВЛИЈАНИЕТО НА МАЛОТО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ВРЗ ВНАТРЕШНИТЕ ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ** ..... **60**

3.1. Влијанието на малото и лесно оружје врз конфликтите и безбедноста ..... 61

3.1.1. Фактори кои влијаеле за настанување и разгорување на конфликтот на Косово ..... 61

3.1.2. Влијанието на малото и лесно оружје врз конфликтот на Косово ..... 64

3.1.3. Фактори за настанување на конфликтот во Република Македонија ..... 66

3.1.4. Влијанието на малото и лесно оружје врз конфликтот во Република Македонија ..... 67

3.2. Влијанието на нелегалната трговија со оружје врз конфликтите ..... 70

3.2.1. Случајот со Република Хрватска ..... 70

3.2.2. Случајот со Босна и Херцеговина ... 72
3.2.3. Случајот со Косово ... 73
3.3. Безбедносните импликации врз државите и населението ... 75

**ГЛАВА 4 - МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА НА МАЛОТО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ... 78**
4.1. Мерки и активности за контрола на мало и лесно оружје ... 79
4.2. Правна рамка и инструменти за контрола на мало и лесно оружје ... 80
4.2.1. Меѓународна правна рамка и инструменти ... 81
4.2.2. Националното законодавство во функција на контрола и намалување на малото и лесно оружје ... 85
4.3. Други активности за контрола и намалување на малото и лесно оружје ... 87
4.3.1. Ограничување на трговијата со мало и лесно оружје ... 87
4.3.2. Акции за разоружување, собирање и уништување на малото и лесно оружје ... 89
4.3.3. Обележување на оружјето, како мерка за контрола ... 92
4.3.4. Акции за подигнување на јавната свест како мерка за контрола ... 92

**ЗАКЛУЧОК ... 93**

**ПРИЛОГ ... 98**

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ... 104**

**БИБЛИОГРАФИЈА ... 105**

## ВОВЕД

По завршување на Студената војна опасноста од употреба на нуклеарни оружја значително е намалена. Бројот на меѓудржавните војни коишто дотогаш можеби претставуваат најголема закана за безбедноста, исто така оди во надолна линија. Но, и покрај тоа што бројот на војните држава- против- држава е намален, сепак, опасноста од судири и конфронтации не исчезнува. На глобално ниво забележителна е една значителна трансформација којашто доведува до промена на природата на конфликтите, за која може да се каже дека е уште посурова и поубиствена. Како облик на загрозување, внатрешниот вооружен конфликт не е нова појава, а локалните војни и граѓанските конфликти беснеат насекаде низ светот како никогаш претходно.

Распадот на големите држави и појавата на нови помали, предизвикува турбулентен период во целиот свет. Различните народи, етникуми и групи, коишто постојат во тие држави и дотогаш функционираат заедно, поттикнати, најверојатно од национализмот или водени од некои други нивни цели и идеи, се почесто се одлучуваат проблемите да ги решаваат по пат на крвави војни. Постојат најразлични превирања, од помали судири, вооружени бунтови, поголеми револуции, па се до големи етнички војни со катастрофални последици. Тоа влијае на појава на големи раселувања на населението и случаи на страшни форми на геноциди. Уште повеќе, ширењето и лесната достапност на малото и лесно оружје (МЛО) предизвикува дополнителна сериозна закана за градењето на мирот и безбедноста.

> „МЛО во вистинска смисла претставува оружје за „масовно уништување." Иако мало и лесно, сепак, тоа предизвикува големи последици и сее смрт или повреди насекаде низ светот. Лесно за користење, криење и за одржување, тоа е основната алатка на насилство во речиси секој конфликт каде што страдаат најмногу невини луѓе."[1]

Поради неговата едноставност за употреба, МЛО е примарна алатка на насилство во речиси сите постојни конфликти, вклучувајќи ги и внатрешните вооружени конфликти. Во рацете на „актери" коишто дејствуваат без никакво или со многу мало почитување на меѓународните закони и хуманитарното право, овие оружја претставуваат огромна опасност за човековиот живот и безбедноста на државите. Едноставно, огромно количество МЛО се произведува, употребува и по потреба

---

[1] Vendley, W.F. and Ali, M.Y. (2010) *A Resource Guide, Africa: Religions for Peace*, Letter of welcome in Small Arms and Light Weapons

циркулира од еден вооружен конфликт во друг. Тој процес сам по себе, може да биде поттикнат од најразлични актери и фактори.

За распространетоста на МЛО придонесуваат и неговите карактеристики. Лесно се одржува и транспортира, евтино е за купување и многу тешко се следи. Од тие причини ова оружје е главниот избор на терористите, членовите на сепаратистичките движења, локалните вооружени групи, командантите и сите други споредни групи кои се клучни играчи во конфликтите. Од друга страна, контролата на МЛО претставува многу тешка задача. Тоа што ова оружје е мало и многу лесно може да се сокрие и пренесува, претставуваат значителен предуслов за неговата огромна распространетост. Поради овие карактеристики, голема е појавата на пренесување на МЛО од еден конфликт во друг.

Исто така ниската цена дополнително придонесува за достапноста на нелегалното мало и лесно оружје, кое пак доведува до ескалирање на конфликти, ја поткопува политичката стабилност и има разурнувачки последици врз човештвото и врз државната безбедност.[2] На пример, во 1999 година е објавен податок дека автоматската пушка АК-47 во Уганда може да се купи по цена на килограм пилешко.[3]

Производството на МЛО претставувало и сè уште претставува една од најразвиените гранки од индустријата во целиот свет. Огромен број компании од околу сто земји во светот произведуваат МЛО и негова муниција. Дополнително олеснување е фактот што многу земји ја откупуваат лиценцата за право на производство на веќе дизајниран примерок од МЛО, со што заштедуваат време и пари и не ги обврзува да вложуваат во истражувања и во развојни програми. На пример, автоматската пушка АК-47 (најпозната како калашников) еднаш дизајнирана од Михаил Калашников од поранешниот Советски Сојуз, е произведувана под истата лиценца во Србија, Бугарија, Кина, Унгарија и во многу други земји.

Покрај тоа што овој тип оружје во многу фабрики се произведува под лиценца, појавата на незаконско производство претставува дополнително зголемување на бројот на МЛО, а следствено на тоа и негово неконтролирано ширење.

Незаконското производство, преносот и распространувањето на МЛО и нивното прекумерно насобирање и неконтролираното ширење во многу региони во светот, има

---

[2] Nairobi Declaration, (2000), [online] Достапно на http://www.globalpolicy.org/security/smallarms/regional/nairobi.htm [пристапено на 12.11.2012]
[3] Robert Neild, Public Corruption; *The Dark Side of Social Evolution*, (London: Anthem Press, 2002), p. 131. [online] Достапно на http://www.globalissues.org/article/78/small-arms-they-cause-90-of-civilian-casualties [пристапено на 01.12.2012]

широк ранг на хуманитарни, социјални и економски последици и претставува сериозна закана за мирот, помирувањето, безбедноста, стабилноста и развојот на индивидуално, национално, регионално и меѓународно ниво.[4]

Профитот што го носи бизнисот со оружје предизвикува голем стимул за трговците, заради што трговијата со МЛО се смета за доста профитабилен бизнис. Речиси не постои држава во Светот којашто на некој начин не е вклучена во неа. Постојат голем број земји коишто извезуваат оружје и земји коишто го увезуваат истото. „И покрај тоа што секоја година се уништуваат 800.000 парчиња оружје, годишно се произведуваат десет пати повеќе. Трговијата со оружје сè уште претставува најисплатлив бизнис".[5]

Трговија со лесно оружје е цел на поновите анализи и активно е поврзана со глобалната трговија со оружје поради нејзината важност во тековните конфликти и нејзината потенцијална улога во вооружување на терористичките групи. Според грубите процени, во светот има 639 милиони парчиња лесно оружје, без минофрлачи и гранати на ракетен погон. Споредено со околу 8 милиони парчиња произведени секоја година, доминира пазарот на старо, главно поради големината на резервите. Поголемиот дел од резервите на лесно оружје – 378 милиони, или околу 60% - ги поседуваат цивили, главно рачни пиштоли кои ги поседуваат терористи или бунтовници кои купуваат оружје од дилери од базите на САД, ползувајќи ја слабата контрола што преовладува во САД.[6]

Од погоре кажаното слободно може да се заклучи дека трговијата со оружје претставува фактор кој влијае за значително засилување на веќе постојни, но доведува до состојба на ескалирање и на нови конфликти.

Пролиферацијата[7] и злоупотребата на МЛО се сложен и повеќеслоен феномен, кој директно влијае врз безбедноста на луѓето од најразлични раси, националности и религии. Како што е наведено погоре, МЛО е лесно достапно, има ниска цена и лесно е за ракување, неговото производство е широко распространето и достапно и по нелегални канали, заради што претставува „оружје на избор" во повеќето конфликти во светот денес и придонесува да се зголеми нивото на вооружените насилства дури и во

---

[4] Милошевска, Т. (2009), *Незаконската трговија со оружје и муниција како потенцијален безбедносен проблем*, Годишен зборник бр.62 на Филозофски Факултет, Скопје

[5] Матевска, М. (2012), *Луѓето се полесно се фаќаат за пиштол*, Радио слободна Европа [online] Достапно на: http://www.makdenes.org/content/article/24610767.html [пристапено на 01.12.2012]

[6] Хартунг, Д. В. *Меѓународна трговија со оружје,* во Вилијамс, П. Д. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје, стр.353

[7] Термин којшто се употребува од индивидуалци и организации коишто лобираат за контрола на МЛО, а се однесува на процесот на распространување на МЛО

областите во мир. „Во светот секојдневно се губат над 1.000 животи токму од малокалибарско оружје. Поголем број од жртвите се цивили.“[8]

Точниот број на парчиња на МЛО и негова муниција претставува енигма, иако и медиумите и научната јавност се обидуваат преку анализи и податоци да дадат барем приближен одговор на тоа прашање. Иако е речиси невозможно да се утврди точниот број на оружје во оптек, сепак, сите податоци укажуваат на тоа дека станува збор за огромно количество. За да го илустрираме изнесеното можеме да се послужиме со податок според кој во моментов во светот има околу 500 милиони парчиња МЛО, односно на секои 12 луѓе по едно парче оружје.[9] И според Матевска (2012) луѓето се полесно се фаќаат за оружје. Од околу 875 милиони парчиња оружје во светот, 74 проценти се наоѓаат во рацете на цивилите, околу 25 проценти им припаѓаат на владите и полициите, и 0,1 процент се кај вооружените групи.[10]

„Постојат најмалку петстотини милиони пушки, пиштоли и друго МЛО коишто циркулираат низ светот, а ова оружје игра голема улога во текот на конфликтите и насилството. МЛО има големо влијание врз општеството воопшто. Ова оружје се користи за да се убијат годишно приближно 300.000 луѓе во вооружени конфликти и 200.000 годишно во криминални активности. Уште милиони луѓе се тероризирани, повредени, осакатени или протерани од нивните домови да живеат како внатрешно раселени лица. Во Југоисточна Европа влијанието на неконтролираната пролиферација и поседување на МЛО продолжува да претставува клучна закана за социјален и за економски развој. МЛО придонесуваат за континуирана пролиферација на криминални елементи и организиран криминал, дејствувајќи како поттикнувачи за насилство и заканувачко однесување. Ова оружје има сличен негативен ефект и врз безбедноста и градењето на мерки за доверба во текот на транзициониот период на многу земји од регионот наспроти нивното членство во евро- атлантските институции.“[11]

За убиствената моќ на конвенционалното оружје не треба многу да се говори. Се претпоставува дека од МЛО загинале повеќе луѓе отколку од хемиското, биолошкото и од другите оружја за масовно уништување заедно. Според резолуцијата A/RES/50/70 од 15 јануари 1996 година на Генералното собрание на Обединетите нации, МЛО

[8] Vendley, W.F. and Ali, M.Y. (2010), *A Resource Guide, Africa: Religions for Peace*, Letter of welcome in Small Arms and Light Weapons
[9] Robert Neild, Public Corruption; *The Dark Side of Social Evolution*, (London: Anthem Press, 2002), p. 131. [online] Достапно на http://www.globalissues.org/article/78/small-arms-they-cause-90-of-civilian-casualties [пристапено на 01.12.2012]
[10] Матевска, М. (2012), *Луѓето се полесно се фаќаат за пиштол*, Радио слободна Европа [online] Достапно на: http://www.makdenes.org/content/article/24610767.html [пристапено на 01.12.2012]
[11] SEESAC, (2010), *МЛО во Југоисточна Европа*, Парламентарен прирачник , Белград

претставува најдестаблизирачко конвенционално оружје. Слично како и во случајот за бројот на МЛО и бројот на ранети и загинати луѓе од овој вид оружје не може точно да се утврди. Според некои податоци во светот од оружје дневно умираат 1.000 луѓе, а околу 3.000 секојдневно се ранети.[12]

Индивидуите и групите кои политички не се соогласуваат многу полесно прибегнуваат кон насилство отколку кон мирно решавање на конфликтите. Големото количество на МЛО, посебно на автоматски пушки и на рачни гранати, значително ја зголемуваат убиствеността во конфликтите. Тоа води до голем број на цивилни жртви и ранети, нарушувајќи го економскиот, социјалниот и политичкиот развој на земјата.[13]

Сликата којашто се однесува на светско ниво во целост се пресликува и на Балканот. Настаните од минатото и податоците кои се однесуваат на бројот на оружјето говорат дека состојбата не треба да се потценува. Последиците кои се резултат на употребата и злоупотребата на МЛО се алармантни. Нема потреба посебно да се нагласува дека постоењето на оружјето на Балканските простори отсекогаш претставува голем проблем. Употребата на оружје од различните групи, причина е за многу насилства, војни и крвопролевања на овие простори уште од 1990 година. Конфликтите во поранешна Југославија во почетокот на 90-тите години, како и конфликтот во Косово во 1999 година и Република Македонија во 2001 година го потврдуваат тоа. Постоењето на оружје на овие простори излезе на виделина во споменатите конфликти, коишто оставија траен белег во историјата на сите засегнати држави. Тоа оружје не престанува да предизвикува проблеми и ден-денес. Голем број цивилно население е жртва на ова оружје, кое натаму предизвикува социјални и етнички тензии коішто можат да прераснат во нови конфликти и да ја загрозат националната, па дури и регионалната безбедност.

Според податоци на „Small arms survey", којшто претставува независен проект на Институтот за меѓународни студии во Женева, повеќе од половина милион Срби поседуваат вкупно 1.144.863 парчиња оружје, а поединци поседуваат и повеќе од едно огнено оружје. На 100 жители има дури по 58,2 парчиња оружје. Србија е на второто место на листата на земји по бројот на оружје, во однос на бројот на жителите. Први на оваа листа се САД, каде што се пребројани 88,8 парчиња оружје на секои сто жители,

---

[12] Матевска, М. (2012), *Луѓето се полесно се фаќаат за пиштол*, Радио слободна Европа [online] Достапно на: http://www.makdenes.org/content/article/24610767.html [пристапено на 01.12.2012]
[13] Laurence, J.E. (1998), *Light Weapons and Intrastate Conflit*: A Report to the Carnegie Commision on Preventing Deadly Conflict, New York

додека на третото место се наоѓа Јемен со 54,8 парчиња. Меѓутоа бројот на нерегистрираното и илегално оружје може да биде многу поголем.[14]

Според еден податок, во 2007 година во Македонија имало околу 160 илјади парчиња МЛО, а бројот на нелегално поседувано вакво оружје бил проценет на над 170 илјади парчиња. Од 2002 до 2007 година биле конфискувани и уништени 20 илјади парчиња оружје.[15]

Се проценува дека во Република Македонија само цивилното население поседува околу 256.000 парчиња оружје што ја става на 73 место од 178 земји во кои приватни лица поседуваат оружје.[16]

Иако собирањето, односно акумулирањето на МЛО само по себе не може да доведе до конфликт, неговото постоење и тоа како може да ја зголеми напнатоста. Насилството станува се посмртоносно, а со зголемувањето на чувството на несигурност се зголемува и побарувачката на оружје кое уште повеќе ја влошува состојбата. Односно секој поединец кој се чувствува небезбедно, пристапува кон набавка на оружје за лична заштита, кое во даден момент е подготвен да го употреби, што пак влијае на зголемување на бројот на оружје и загрозување на општата безбедност.

**Цели и значење на трудот**

Провокацијата за истражување на оваа тема авторот ја најде во потребата да се посочи на опасноста од постоењето на МЛО, последиците од неговата употреба, влијанието кое го има за појава на внатрешни вооружени конфликти и нивно интензивирање, како и последиците врз безбедноста и врз стабилноста на државите. Ако се има предвид големиот број на МЛО и муниција кои граѓаните ги поседуваат и неговата зачестена употреба, несомнено е потребно да се вложат напори за намалување и спречување на можноста од избивање внатрешни конфликти и загрозување на безбедноста. Аспирациите на Република Македонија за влез во евроатланските организации, само по себе ја наметнува потребата од преземање директни и конкретни мерки за евиденција и контрола на оружјето, со посебен акцент на справувањето со нелегалното оружје.

[14] Плус Инфо, (2012), *Србите се вооружени до заби,* [online], (објавено на 18.12.2012). Достапно на: http://plusinfo.mk/vest/72010/Srbite-se-vooruzheni-do-zabi [пристапено на 20.12 2012]
[15] Македонска информативна агенција (МИА), (2007), [online] Достапно на http://www.idividi.com.mk/vesti/svet/392161/index.htm [пристапено на 01.12.2012]
[16] Ganpolicy.org. (2012) *Macedonia, Gun Facts, Figures and the Law* [online] Достапно на: http://www.gunpolicy.org/firearms/region/macedonia [пристапено на 15.06.2012]

Овој труд има за цел да го разгледа влијанието на малото и лесно оружје во предизвикување на внатрешни вооружени конфликти и загрозување на безбедноста. Во таа насока разгледано е и влијанието на МЛО за време на вооружените конфликти и по завршувањето на истите.

Како појдовна точка за создавање на трудот земена е хипотезата дека постоењето и употребата на МЛО има директно влијание врз појавата на внатрешните вооружени конфликти и доведува до безбедносни импликации по државата. Понатаму, како посебни фактори разгледани се: достапноста до МЛО, капацитетот на надлежните институции за справување со МЛО, геополитичките случувања во регионот како фактор кој има влијание врз безбедноста, како и влијанието на нелегалната трговија со МЛО врз појавата и интензивирањето на внатрешните вооружени конфликтите.

Заклучоците и препораките изнесени како резултат во овој труд може да се искористат како рамка за дополнување на одредени документи или истражувања од оваа област, промена или дополнување на легислатива итн.

Овој труд треба да послужи за дополнување на други трудови од оваа област, да помогне при нови истражувања на идните генерации за согледување на влијанието на МЛО во создавање на конфликти и осознавање на опасноста од негова употреба во загрозување на безбедноста.

# ГЛАВА 1 - ВНАТРЕШНИ ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ

## 1.1. Поим за конфликти

Конфликтите по својата содржина претставуваат променливи, динамични, повеќекратно предизвикани и сложени општествени појави кои можат да имаат различни причинители. Тие отсекогаш биле константна појава, како на ниво на помали групи или заедници, така и во глобалните општества и меѓународните заедници. Поради нивната голема застапеност, во последните години од XX век конфликтите стануваат значителна теориска и политичка тема. Постојат многу мислења, излагања и идеи за тоа што е конфликтот, како се проширува и како е дефиниран.

Не е лесно да се најде совршена дефиниција или задоволително објаснување кое ќе ги опфати сите аспекти на овој комплексен феномен, особено доколку се дефинираат различните видови и аспекти на конфликтот.

Поради големата актуелност на конфликтите како појава постојат многу автори коишто се обидуваат да го дефинираат поимот конфликт. За да се разбере подобро поимот наведени се неколку дефиниции.

Според дефиниција која е користена од Георгиева (2007) „Конфликтот претставува состојба во којашто најмалку два актера, или нивни претставници се обидуваат да ги остварат своите спротивставени цели со онеспособување, директно или индиректно, на способноста на противникот за дејствување."[17]

Според Коцева и Петровски (2012) „Конфликтот претставува постојана содржина на општественото и социјалното егзистирање на различни нивоа. Како феномен којшто претставува деструктивно однесување и вклучува насилство, конфликтот се дефинира како „динамичен феномен, манифестен конфликтен процес составен од фази на иницирање, ескалација, контролирано одржување, стивнување и разрешување".[18]

Според Гоцевски (1997) „под конфликт најчесто се подразбира судир меѓу две или повеќе лица или групи кои применуваат сила како средство за да победат или да се одбранат".[19]

Според истиот автор причините за појава на конфликтите можат да бидат најразлични, но главно можат да се категоризираат во три нивоа:

---

[17] Георгиева, Л. (2007), *Творење на мирот: Мирот, безбедноста и конфликтите по студената војна,* Филозофски Факултет, Скопје, стр. 133

[18] Коцева, Д. и Петровски, В. (2012), *Мултикултурализам - Етнички конфликт како општествен феномен - Причини и анатомија на конфликтот*, Годишен Зборник на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, стр.77

[19] Гоцевски, Т. (1997), *Современи тенденции во одбраната*, Македонска ризница, Куманово, стр.126

1) Конфликти поради ограничени ресурси;

2) Конфликти поради незадоволени базични потреби;

3) Конфликти поради различни вредности.

Треба да се има предвид дека повеќето конфликти претставуваат комбинација од две нивоа, а може да ги опфаќаат дури и сите три горенаведени нивоа. Со преминување на конфликтите од првото кон третото ниво, се потешко се доаѓа до негово разрешување.[20]

Нацев и Начевски (2001) конфликтот го дефинираат како „феномен спрема којшто поединците, но и различните социјални групи градат и заземаат соодветен став. Неговото значење во генерална смисла може да се опише во позитивна конотација, како феномен што низ раздвижување и акција предизвикува соодветни општествени промени, или пак во негативна смисла, како феномен што предизвикува деструктивно однесување и вклучува насилство.“[21]

Слична дефиниција дава и Котовчевски (2007) според кој „конфликтот претставува мошне комплексен феномен на човечката интеракција, феномен кој најчесто го следат мошне депресивни поими, како што се “долга битка или судир“, спротивставеност на меѓусебно исклучување импулси, желби и тенденции, а честопати претставува и синоним за војна или насилство, односно се што асоцира на: борба, лутина, болка, војна, правење лошо, убивање, тепање и сл.“ Од ова може да се констатира дека конфликтот е речиси универзално виден како негативна појава, како закана за највлијателните човечки и општествени вредности.[22]

Истиот автор навлегува подлабински во своето објаснување на конфликтот и неговиот т.н. животен циклус:

Секој конфликт има свој животен циклус. Конфликтот се создава, се појавува, потоа постигнува свој емоционален, а честопати насилен климакс, за потоа да се намали, да „исчезне“ и често повторно да се појави. Најилустративен пример претставува граѓанскиот конфликт, кој кога еднаш ќе се појави, со одредени прекини може да трае и со векови. Затоа тој претставува најопасен и најнепредвидлив. Животниот циклус на конфликтот може да се подели на три последователни фази: пред насилството, за време на насилството и по насилството. Од ова може да се каже дека конфликтот претставува состојба во која се инволвирани најмалку две страни

---

[20] Ibid.,стр.133

[21] Нацев, З. и Начевски, Р. (2001), *Безбедноста и Националната одбрана*, Македонска ризница, Куманово

[22] Котовчевски, М. (2007), *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, стр.19

(поединци, групи, држави) кои се стремат кон цели кои се некомпатибилни од самиот почеток или кон една иста цел која меѓутоа може да биде постигната единствено од едната страна. Конфликтот можеме да го дефинираме и како состојба во која се инволвирани најмалку две страни (поединци, групи, држави) кои сакаат да применат средства кои се некомпатибилни за остварување на одредена цел.[23]

Според Гоцевски (1997) во зависност од тоа кои се страните на конфликтот, може да постојат три вида конфликти:

- Интерперсонални конфликти кои се јавуваат помеѓу поединци. Такви се на пример конфликтите на релација сопруг-сопруга, родител-дете, брат-сестра, ученик-наставник и сл.
- Интергрупни конфликти се оние што се одвиваат меѓу групи со најразлична големина, формирани според најразлични основи. Меѓу нив спаѓаат семејства, работни и други организации, потесни и пошироки заедници, етнички групи, цели држави, народи, раси итн.
- Интрагрупни конфликти се одвиваат помеѓу припадници на помали групи и по правило ги вклучуваат сите припадници на таа група. Конфликти од ваков вид се одвиваат во рамките на семејствата, спортските екипи, работните групи, различните комисии и одбори и сл.[24]

Помеѓу најновите теории за поделба на конфликтите најкарактеристична е поделбата според учењето на Јохан Галтунг, каде тие се делат на:

- Конфликти на моќ и конфликти на општествени димензии;
- Конфликти на моќ и конфликти на светски димензии;
- Интраперсонални конфликти;
- Интерперсонални конфликти.[25]

Од горе изнесеното може да се заклучи дека најчесто конфликтот е дефиниран како динамичен процес кој во животниот циклус вклучува фаза на иницирање, фаза на ескалација, контролирано одржување и стивнување и разрешување. Најчестите фактори кои придонесуваат за појава на конфликт се:

1) Перцепирањето на ситуацијата од конфронтираните страни;
2) Стереотипите од другата страна;
3) Минатото искуство во односите меѓу страните.[26]

---

[23] Ibid.
[24] Гоцевски, Т. (1997), *Современи тенденции во одбраната*, Македонска ризница, Куманово, стр.127
[25] Котовчевски, М. (2007), *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, стр.27

Теоретичарите на конфликтот ја истакнуваат важноста и на „хроничниот" или „конфликтот со длабоки корени", кој се пренесува од генерација на генерација, бидејќи продира во психолошките потреби за свој личен идентитет и сигурност, за групно припаѓање и за (само)почитување.[27]

Од ова може да се заклучи дека на конфликтот обично се гледа како на негативна појава која претставува динамичен процес во кој мора да постојат најмалку две спротивставени страни со различни интереси (да нападнат или да се одбранат) кои притоа користат различни средства за остварување на својата цел. Конфликтот претставува вечен сопатник на човекот, од неговото настанување, и како сенка го следи во текот на целиот период на историскиот развој, од најстари времиња се до денес.

## 1.2. Видови вооружени конфликти

Различни автори и организации имаат различна поделба на вооружените конфликти. Така на пример, според Женевската конвенција (1979) и протоколите, конфликтите се делат на интернационални вооружени конфликти, војни за национално ослободување и неинтернационални (внатрешни) вооружени конфликти. Според Меѓународното хуманитарно право, конфликтите пак се поделени во две групи, интернационални вооружени конфликти и неинтернационални (внатрешни) вооружени конфликти.

Како што е наведено од Вилијамс (2008), класификација е направена и според програмата на УПСАЛА за податоци за конфликти (UCDP), каде што вооружениот конфликт се дефинира како оспорена некомпатибилност која ја засега владата или територијата, или обете, каде што употребата на вооружени сили меѓу двете страни доведува до најмалку 25 смртни случаи.[28]

Според тоа, постојат следните видови на вооружени конфликти:

1. Државни вооружени конфликти се оние во кои владата е една од завојуваните страни. Овде се вбројуваат неколку вида на конфликти:

- Меѓудржавен вооружен конфликт настанува меѓу две или повеќе држави;

---

[26] Гоцевски, Т. (1997), *Современи тенденции во одбраната*, Македонска ризница, Куманово, стр.135
[27] Коцева, Д. и Петровски, В. (2012), *Мултикултурализам - Етнички конфликт како општествен феномен - Причини и анатомија на конфликтот*, Годишен зборник на Универзитет „Гоце Делчев", Штип, стр.77
[28] Вилијамс, Д.П. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје, стр. 158

- Вооружени конфликти во државата, кои настануваат меѓу владата и внатрешните спротивставени групи, во кои спаѓаат:
  - граѓанската војна, која се води за контрола на постојната влада;
  - државните формации/ сецесионистички конфликти, кои се водат помеѓу владата и територијално фокусирана спротивставена група која сака прекројување на границите на државата.
- Интернационализиран меѓудржавен конфликт- настанува меѓу владата на една држава и внатрешни спротивставени групи, но со дополнителна интервенција од други држави во вид на трупи.
- Вооружен конфликт надвор од државата- настанува меѓу државата и недржавна група надвор од државната територија.

2. Недржавни вооружени конфликти се оние каде што настанува организирано вооружено насилство, но признаената влада не е една од страните. Пример за тоа се насилните конфликти помеѓу т.н. „босови" и клановите.

УПСАЛА прави уште една поделба според интензитетот, давајќи ја оваа скала на вооружени конфликт, и се однесува на:

- *Мали вооружени конфликти* кои вклучуваат најмалку 25 починати од војувањето во текот на една година, во кое има помалку од 1.000 мртви во текот на целиот конфликт.
- *Средни вооружени конфликти* кои вклучуваат над 25 починати од војувањето и вкупен збир од најмалку 1.000 мртви, но помалку од 1.000 во една година.
- *Војна* претставува вооружениот конфликт кој вклучува барем 1.000 мртви од војувањето во текот на една година. [29]

Котовчевски (2007) дава слична определба и поделба на вооружените конфликти кои ги дефинира како борба на инкомпатибилност што ја засегнува владата и/или територијата каде што се употребува вооружена сила помеѓу две групи, во кои најмалку едната е Владата на државата и резултира со најмалку 25 жртви поврзани (предизвикани) од борба. Во тој контекст, редоследот на вооружените конфликти е следниов:

**А) Мал вооружен конфликт**, во кој има најмалку 25 жртви од борбите годишно и помалку од 1.000 жртви од траењето на конфликтот.

[29] Ibid.

**Б) Среден вооружен конфликт,** во кој има најмалку 25 жртви од борбите годишно каде што вкупно има најмалку 1.000 жртви, но помалку од 1.000 жртви годишно.

**В) Војна**, во која има најмалку 1.000 жртви од борбите годишно.

**Г) Голем вооружен конфликт,** ги опфаќа двете (најсериозни, најсурови, најопасни) нивоа на конфликтот- средниот вооружен конфликт и војната.[30]

За поцелосно расветлување на феноменот на конфликтите истиот автор ја дава и следната поделба, во која ги дели конфликтите на:

- **Конфликт со висок интензитет** е вооружениот конфликт во кој се зголемуваат нивоата на насилство и репресија надминувајќи го прагот од 1.000 жртви (не е неопходно сите да се поврзани со борбите) во период од една година.
- **Конфликт со низок интензитет** е вооружениот конфликт кој предизвикал од 100 до 1.000 жртви (не е неопходно сите да се поврзани со борбите) во период од една година. Во оваа фаза има отворено непријателство и има вооружени судири помеѓу конфликтните страни, репресијата се употребува за совладување или одвраќање на вооружениот бунт. Постои голема разлика помеѓу герилското и конвенционалното војување.
- **Насилен политички конфликт** е вооружениот конфликт што предизвикува помалку од 100 жртви (не е неопходно сите да се поврзани со борбите) во период од една година. Конфликтната група ги менува своите стратегии од ненасилни во насилни.[31]

Според Freeman (2000) важно е да се направи разлика помеѓу ситуации на внатрешен вооружен конфликт и други видови конфликтни ситуации. Меѓународното право признава барем четири различни видови на конфликтни ситуации, од кои секоја е регулирана со различен сет на правните норми: ситуации на тензии и немири; меѓународни вооружени конфликти; војни за национално ослободување; и внатрешен вооружен конфликт, каде:

- **Ситуации на внатрешните тензии и немири**. Овој термин се однесува на ситуации пократки од вооружен конфликт, но вклучуваат употреба на сила и други репресивни мерки од владата за одржување или остварување јавен ред и мир или јавната безбедност.

---

[30] Котовчевски, М. (2007), *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, стр.36

[31] Ibid., стр.37

- **Меѓународен вооружен конфликт.** Изразот „меѓународен вооружен конфликт" се однесува на ситуации кои вклучуваат две или повеќе држави вклучени во вооружен конфликт.
- **Војни за национално ослободување.** Терминот „војни за национално ослободување“ се однесува на вооружените конфликти во кој „народите се борат против колонијална доминација и туѓа окупација и против расистички режим во остварувањето на нивното право на самоопределување".
- **Внатрешен вооружен конфликт.** Терминот „внатрешен вооружен конфликт“ се однесува на сите вооружени конфликти, кои не може да се карактеризираат како меѓународни вооружени конфликти или војни за национално ослободување. Според член 1 на Протокол II на Женевската конвенција се предвидува дека внатрешен вооружен конфликт „мора да се одвива на територијата на една држава, помеѓу вооружените сили на таа држава и бунтовничките вооружените сили или на други организирани вооружени групи, кои се под команда, и се обидуваат да заземат контрола над дел од територијата, како и да ја оневозможат таа држава да ја контролира својата територијата и да извршува воени операции.“ [32]

Како што е наведено во Jongman (2001) според PIOOM (Foundation – Interdisciplinary Research Programme on Root Causes of Human Rights Violations) конфликтите се делат на:

- **Конфликти со висок интензитет,** во кои спаѓаат вооружените конфликти со високо ниво на насилство и репресија којшто ја надминува бројката од 1.000 мртви во период од една година. Се карактеризираат по отворените насилства и високо ниво на промени што можат да иницираат меѓународна интервенција. Во оваа категорија спаѓаат и масовните убиства на неуниформирани цивили.
- **Конфликт со низок интензитет** во кои спаѓаат вооружените конфликти во кој се предизвикани од 100 до 1.000 жртви во период од една година. Во него постои отворено насилство и има вооружени битки помеѓу завојуваните страни и се користи репресија за да се потчини или одврати

[32] Freeman, M. (2000), *The Journal of Humanitarian Assistance, International Law and Internal Armed Conflicts: Clarifying the Interplay between Human Rights and Humanitarian Protections*, [online] Достапно на: http://sites.tufts.edu/jha/archives/152 [пристапено на 17.06.2013]

востание. Тука може да постои премин од герилско војување во конвенционално војување.[33]

Според Коцева и Петровски (2012) денес низ целиот свет постои вистинска епидемија на вооружени граѓански или интернационални конфликти поттикнати од силни струи на агресивен етнички национализам - често се мисли дека тие се „внатрешни“, но можат брзо да се прошират надвор од границите на националните држави.[34]

Разорната моќ на внатрешниот вооружен конфликт за жал ја обележува епохата на современата човечка цивилизација, наплатувајќи секојдневно огромен данок во крв.

Од ова може да се заклучи дека различни автори даваат различни поделби за конфликтите. Најчесто поделбите се правени според тоа кои се актерите во конфликтите, колкава е територијата што ја зафаќаат и со колкав интензитетот се одвиваат. Во овој труд предмет на истражување се само внатрешните вооружени конфликти, без разлика на нивната големина и интензитет.

## 1.3. Внатрешните вооружени конфликти како облици на загрозување на националната безбедност

Војните и конфликтите како облици на загрозување на човекот му се познати уште од неговото настанување. Во текот на годините единствени параметри кои се менувале се начинот на војување и видот на оружјето. Оттука се поставува прашањето кој е факторот кој придонесува за појава на војни и конфликти? Одговорот може да се бара на повеќе места како, на пример, во нерешениот статус на етнички и верски заедници, идеолошки разлики, постојана желба за прекројување на териториите, честите територијални претензии, потребата од вклучување на меѓународни фактори во решавање одредени спорови итн. Како и да е, сите овие отворени прашања, но и многу други во дадени случаи можат да бидат клучниот фактор за појава на одреден конфликт, па дури и војна.

Треба да се има предвид фактот дека заштитата на националната безбедност е клучен услов за опстанок на секоја држава.

---

[33] Jongman, J.A. (2001),*World Conflict & Human Rights*, Washington, стр.6

[34] Коцева, Д. и Петровски, В. (2012), *Мултикултурализам - Етнички конфликт како општествен феномен - Причини и анатомија на конфликтот*, Годишен Зборник на Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр.77

Националната безбедност претставува безбедноста на територијата на една држава, заштитата на луѓето и нивниот имот и одржување на основните функции на државата.

Поранешниот министер за одбрана на Словенија, Антон Гризолд, националната безбедност ја дефинира како безбедност на државата, а нејзината содржина ја опфаќа безбедноста на националната теорија (вклучувајќи го воздушниот простор и територијалните води), заштитата на животите на луѓето и нивниот имот, одржување на националната сувереност и остварување на темелните функции на државата.[35]

Според Гоцевски (2006) облиците на загрозување на безбедноста можат да бидат внатрешни и надворешни. Заедничко и за двата е што тие можат да бидат вооружени, невооружени и комбинирани. Истиот автор прави уште една поделба на вооружените облици на загрозување на безбедноста во кои спаѓаат: граѓанските конфликти (кои пак се делат на: расни конфликти, конфликти на околината, идеолошки конфликти, конфликтите на државите и органите на моќта и конфликти на идентитетите), вооружениот бунт и тероризмот од масовни размери.[36]

Во Меѓународното хуманитарно право, внатрешните вооружени конфликти се дефинираат како „долготрајни вооружени судири помеѓу владини вооружени сили и сили на една или повеќе вооружени групи; или судири помеѓу различни групи кои се борат за територија во рамките на една држава"[37]

Да ја разбереме појавата вооружен конфликт ќе се послужиме и со стандардната дефиниција која ја дава Брезоска (2007) и којашто се однесува на концепцијата искажана од Карл Фон Клаузевиц, дека „Војната претставува продолжување на политиката со други средства".[38] Вооружениот конфликт се базира на истиот концепт како и војната и исто така може да се смета како продолжување на политиката, иако се користат малку поразлични дефиниции. Според тоа вооружениот конфликт има пет основни елементи и тоа: насилство, употреба на оружје, битка, политички цели и учеството на владата како најмалку еден од актерите во конфликтот. Разликата помеѓу вооружениот конфликт и војната е во размерот односно големината (војната се дефинира како конфликт со многу поголеми размери отколку вооружениот конфликт).

---

[35] Нацев, З. и Начевски, Р. (2000), *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово, стр. 385

[36] Гоцевски, Т. (2006), *Основи на системот на националната одбрана*, 4. Дополнето издание, Филозофски факултет, Скопје, стр.30-50

[37] ICRC, (2008), ANNUAL REPORT, International Committee of the Red Cross

[38] Brzoska, M. (2007), SIPRY Yearbook, Appendix 2C. Collective violence beyond the standard definition of armed conflict *Collective violence beyond the standard definition of armed conflict,* Достапно на: http://www.sipri.org/yearbook/2007/02/02C [Пристапено на 20.09.2013]

На „внатрешни вооружени конфликти" се мисли на насилни или потенцијално насилни политички спорови, чиишто корени повеќе се препишуваат на домашни отколку на надворешни фактори, каде што вооруженото насилство зазема место, или постои опасност да избие во границите на една држава. Тоа вклучува насилство врз цивилни или воени лица; вооружени етнички конфликти или самоубиствени кампањи; борба помеѓу криминални организации за доминација; револуции итн. Нивото на насилство може да варира од слаби терористички акции, преку герилски битки до граѓански војни или геноциди. Во повеќето случаи главни актери се владите или вооружените групи, но во случај кога се слаби државните структури или не постојат, насилни групи може да војуваат и помеѓу себе.[39]

За разлика од првата половина на XX век во којшто доминираа војни помеѓу државите или таканаречените меѓународни војни, после Втората светска војна бројот на внатрешните конфликти значително се зголемува. Овој тренд продолжува да се движи во таа насока, а денес повеќето модерни војни имаат карактер на внатрешен конфликт со надворешно мешање.

Германските историчари Gantzel и Schwinghammer (2000), имаат забележано дека овој раст на појавата на внатрешниот конфликт во однос на меѓудржавен конфликт се случува за прв пат по Наполеоновите војни. Иако граѓанските војни во различни времиња ескалираат низ целиот свет, некои делови на светот се повеќе изложени на таквиот вид конфликти за разлика од другите. Во првите педесет години на XX век во Азија има висока застапеност на граѓанските војни. Африка во 60-тите години, после деколонизацијата доживува голем број граѓански војни, за по 80-тите години да има стапка пониска од просекот во споредба со остатокот од Светот. Латинска Америка е на врвот по број на граѓански војни достигнувајќи ја својата кулминација во 80-тите години, додека земјите на поранешниот Советски Сојуз и Источна Европа таа бројка ја достигнуваат во 90-тите години.[40]

Според Arshi моделот на внатрешните вооружени конфликти може да се разгледа на два начина. Според првиот, внатрешни вооружени конфликти претставуваат конфликтите кои се водат против државата или конфликтите попознати како граѓанска војна. Тука спаѓаат сепаратистичките движења и терористички активности против владите во организирана форма кои нагло се зачестени во

[39] Brown, M. E. (1996), The *International dimensions of internal conflicts,* Center for Science and International Affairs, Cambridge, Massachusetts, стр. 20-40

[40] Gantzel K.J and Schwinghammer, T. (2000), *Warfare Since the Second World War*, New Brunswick, New Jersey

последната деценија. Вториот тип вклучува етнички конфликти или конфликтот „човек против човек“. Тука спаѓаат и конфликтите за територија, религиозните конфликти и етнички насилства, убиства или други кривични дела. [41]

„Популарноста“ на внатрешните вооружени конфликти го потврдува и општото мислење кое преовладува дека појавата на конфликтите „држава против држава“ бележи значителен пад, додека во појавата на конфликтите внатре во државите е забележан пораст. Постојат неколку фактори и извори кои укажуваат на тоа. Може да се каже дека меѓудржавните конфликти добиваат поголемо глобално внимание, но конфликтите внатре во државните имаат поголемо влијание врз регионите.




Слика 1: Активни конфликти според видот на конфликтот и регионот 1946-2005[42]

Од претходната слика може да се забележи дека на сите континенти внатрешните вооружени конфликти преовладуваат, односно се најзастапени. Може да се каже дека тоа е типична ситуација за периодот по Втората светска војна. Исто така, може да се забележи дека на Европскиот континент и во Африка бројот на внатрешните вооружени конфликти е речиси двојно поголем од бројот на другите видови вооружени конфликти. Тоа на пример не е случај во Азија, Средниот Исток и во Америка.

---

[41]Arshi S. H., *Internal conflicts and regional security in South Asia*, in Singh, H. (2013), *Pentagon's South Asia defence and strategic year book 2013*, Pentagon Press, New Delhi, p.37-44

[42] Извор: Вилијамс, Д.П. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје, стр. 162

И во последно време внатрешните вооружени конфликтите продолжуваат да претставуваат главна грижа на меѓународната заедница, особено на Блискиот Исток, Западна Азија и на Африка.




Слика 2: Конфликти според видот 1945- 2005[43]

И според Brown (1996) внатрешните конфликти претставуваат едни од најприсутните форми на вооружени конфликти денес. Цивилни војни беснеат во многу земји, кои претставуваат главните виновници за убивањата и раселувањето на милиони луѓе. Внатрешните конфликти ги дестабилизираат регионите, прекршувајќи ги меѓународните закони и норми на однесување, што може да влијае врз националните интереси, како и на поширокиот регион. Научните работници коишто се занимаваат со прашањата за војната и мирот, политичкиот и економскиот развој и политичките и социјалните права, треба да бидат загрижени за последиците предизвикани од внатрешните конфликти. Креаторите на политиките коишто се одговорни за националната и меѓународната безбедност, исто така, треба да бидат длабоко загрижени за овие проблеми. За жал, последиците предизвикани од внатрешните

[43] Извор: Вилијамс, Д.П. (2012), *Студии по безбедност*: *Вовед*, Арс ламина, Скопје, стр.159

конфликти не се добро разбрани. Општопозната изрека во овие конфликти е дека се водени од „долговековна омраза“ и дека тие се „прелеваат“ од едно место на друго.[44]

Според Котовчевски (2007) внатрешниот вооружен конфликт претставува вооружен судир кој го водат определени антагонистички вооружени групи- подгрупи (класни, национални, етнички, политички, верски, племенски и други) во рамките на националните, односно државните граници. Во внатрешните вооружени конфликти спаѓаат интензивните поединечни акти на насилство, државните удари во кои доминира примената на насилството (воена сила), востание, вооружен бунт и граѓанските војни.[45]

Во праксата многу е тешко целосно да се разграничат и дефинираат вооружените конфликти. Ова е резултат на неможноста да се направи јасна поделба на тоа за каков внатрешен вооружен конфликт станува збор. Тоа е последица на нивното вкрстување и поврзаност. На пример, вооружен судир насочен против владата или нејзини членови може да се толкува и како востание или вооружен судир за остварување сепаратистички или други цели, па и да се оди до таму да се смета за најгруба варијанта на граѓанска војна.

Од сѐ ова може да се заклучи дека во внатрешните вооружени конфликти се вбројуваат сите конфликти кои се случуваат во рамки на границите на една држава. Во праксата не постојат цврсти и прецизно дефинирани критериуми за јасно и целосно разграничување на тоа за каков внатрешен вооружен конфликт станува збор, и дека мошне е тешко доволно прецизно да се направи јасна дистинкција помеѓу нив. Тешкотиите во нивното дефинирање и определување се резултат и на високиот степен на нивна поврзаност и способност за трансформација и преминување од еден облик во друг. Тие можат да се појават во најразлични облици и да ја загрозат националната безбедност на државата.

Но, со сигурност може да се каже дека еден од најзастапените внатрешни конфликти претставува традиционалната граѓанска војна, иако има и помалку застапени облици како што е употреба на воена сила од државата против бунтовници или конфликт помеѓу две спротивставени страни во рамките на државата итн.

---

[44] Brown, M. E. (1996), *The International dimensions of internal conflicts*, Center for Science and International Affairs, Cambridge, Massachusetts, стр. 20-40

[45] Котовчевски, М. (2007), *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, стр.109

### *1.3.1. Граѓанска војна*

Граѓанската војна се смета за една од најдоминантните и најопасните форми на војување. Таквиот облик може да предизвика огромно страдање, со многубројни човечки жртви, нанесувајќи сериозни проблеми во оппттествена, економска и политичка смисла. Граѓанска војна како облик се среќава најчесто во посиромашните земји, притоа влијаејќи негативно по нивниот развој, придонесувајќи за нивно дополнително ослабување и спречување во намерата за нивен каков било евентуален напредок.

Како што е споменато претходно, детерминирањето на кој било посебен конфликт предизвикува сериозна полемика. Така и дефинирањето на граѓанските војни е многу тешко пред сè заради комплексноста на многуте разновидни судири.

За да се обидеме да ја разбереме граѓанската војна ќе погледнеме неколку дефиниции.

Според Spectator Mundi (2013) „граѓанска војна е вооружениот конфликт што се одвива на територијата на една суверена држава во која, од една страна војува државата, додека другата страна има истакната цел од политичка природа, како и одреден степен на воена организација.[46]

Дефиниција за граѓанска војна дава и Sambanis (2013) според кој „Граѓанската војна претставуваа вооружен конфликт во рамките на една земја.“ Но, со ова не се добива целосно објаснување на поимот и со него не се открива комплексноста на овој термин. За да може еден конфликт да се квалификува како граѓанска војна, се смета дека треба да бидат исполнети неколку критериуми, како:

- Да се одвива на територијата на меѓународно призната држава во која има најмалку 500.000 жители;
- Завојуваните страни да се политички и воено организирани и да имаат нагласени цели;
- Владата да се јавува како една од завојуваните страни, или во случај на отсуство на централната власт, една од страните да бидат политичките сили кои се аспирантите за овој статус;

[46] Spectator Mundi (2013), *Oruzani konflikti*, Достапно на http://www.spectatormundi.org/oru382ani-konflikti.html [13.06.2013]

- Припадниците на главната бунтовничка група првично мора да бидат локално организирани и регрутирани, без оглед на последователното надворешно регрутирање;
- Послабата страна во конфликтот да е способна за обезбедување ефективен отпор...[47]

Причините за настанување на граѓанските војни можат да бидат неколку. Според Котовчевски (2007) состојба на граѓанска војна настанува тогаш кога заради нехомогеност или распаѓање на власта се судираат определени спротивставени противнички политички, религиозни и други општествени подгрупи. Тоа е состојба кога настанува турбулентен и хаотичен општествен амбиент и кога не е во можност владата на определена држава успешно и целосно да ја извршува својата власт. Граѓанските војни можат да имаат за цел промена на постојаниот политички систем, промена на актуелната власт, отцепување или присоединување кон друга држава или создавање посебна самостојна држава.[48]

Граѓански војни често настануваат и како резултат на мешање во внатрешните работи на други земји. Не е ретка појавата на мешањето на големите сили, што доведува до претворање на определени региони во перманентни кризни жаришта кои денес опасно го загрозуваат светскиот мир и безбедност.

Граѓанските војни се водат во секојдневните животни простори кои стануваат крвава арена на судири на довчерашните соседи, пријатели, соработници, а некогаш дури и меѓу членови на исто семејство. Тоа е војна во која преку нишанот на оружјето се гледаат луѓето од определени општествени (под)групи, кои имаат заедничко минато, историја, или заеднички живот и судбини. „Новите непријатели" некогаш делеле ист јазик, религија и култура, но сепак, живееле заедно, заедно работеле, заедно се школувале и другарувале, а понекогаш стапувале и во заеднички бракови. [49]

Од ова може да се заклучи дека граѓанската војна претставува вооружен судир којшто се случува во границите на една држава, зад кој мора да има политичка заднина. Се одвива на територијата на меѓународно призната држава, помеѓу вооружени сили на државата и други вооружени групи. Најчесто неа ја започнуваат бунтовници, кои сакаат да иницираат некаква промена, како промена на устав во сопствената земја, да отцепат

[47] Gantzel, K.J. and Schwinghammer, T. (2000), *Warfare Since the Second World War*, New Brunswick, New Jersey стр.22-55
[48] Котовчевски М, (2007), *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, стр.111
[49] Ibid., стр.118

дел од територијата итн. Граѓанската војна не ретко е иницирана и од надворешно мешање.

На граѓанската војна најчесто и претходат сериозни внатрешни немири и тензии кои може да ескалираат до определена критична фаза. Притоа владата е принудена воено да интервенира и да воведе ред и функционирање на правната држава на целата своја територија.

Граѓанските војни можат да ја зафаќаат целата територија на државата во која се водат или да зафаќаат одредени региони во рамките на определена држава.

***<u>Етнички конфликти</u>***

Етничкиот конфликт претставува најчест пример на граѓанска војна. Со сигурност може да се каже дека околу половината од граѓанските војни и другите внатрешни конфликти претставуваат етнички конфликти или се почнати како резултат на нарушени меѓуетнички односи. Тие се многу честа појава и веќе подолго време претставуваат главен извор на несигурност во светот.

За изнаоѓањето на причините поради кои настануваат етничките конфликти, општествените науки сѐ уште се далеку од какво било објаснување. Знаеме дека повеќето држави во светот се мултиетнички и дека постојат некои етнички врски кои се мирољубиви, но сепак, не е мал бројот на случаи на држави во кои етничките конфликти стануваат насилни. Дискусиите за етничката припадност и етничките конфликти се многу непрецизни бидејќи има несогласување околу тоа што претставува етнички конфликт.

За да се обидеме да ги разбереме подобро етничката група и етничкиот конфликт, ќе ја дадеме следната дефиницијата на Смит (1986) според кој, „една група се смета за етничка ако членовите ги споделуваат следниве особености: заедничко име, заеднички предци, елементи на заедничка култура (најчесто јазик и религија), заеднички историски спомени и приврзаност кон иста територија, додека еден конфликт се смета за етнички само ако се разликуваат вклучените страни, пред сѐ, врз основа на етничката припадност.[50]

За причините поради кои настануваат етничките конфликти ќе го разгледаме тврдењето на Кауфман според кој, етничките конфликти често стануваат насилни кога е слаба владата, кога доведува митско- симболичниот комплекс на групата до тоа да се

[50] Кауфман С. Ј. *Етнички конфликти*, во Вилијамс, Д. П. (2012) *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје, стр.200-213

сметаат за непријатели, кога се плашат за опстанокот на својата група или конкурентните страни сакаат политичка доминација врз спорна територија.[51]

На тоа се надоврзува со тврдењето дека етничките групи покажуваат поголем интерес за контрола на територијата со која географски и историски се поврзани и во која многубројно се концентрирани, отколку за територијата на која тие се дисперзирани или малубројни. Контролата над територијата и за етничката група и за државата е круцијален фактор за опстанок и стабилност. Од ова се гледа зошто припадниците на етничката група се подготвени да се жртвуваат за да ја воспостават контролата над територијата која ја сметаат за родно место, бидејќи тоа значи можност за употреба на својот јазик, културно изразување и верска практика.[52]

Во периодот по завршувањето на Студената војна и по соборувањето на комунистичките режими во Источна Европа, на просторите на поранешниот Советски Сојуз и поранешна Југославија владее еден период во кој појавата на етнички конфликти е значително голема. Етничката шареноликост на народите кои таму живеат, едноставно претставува „плодна почва" за неизбежни судири на идентитетските различности, јасно искажувајќи ги своите територијални аспирации и сепаратистички и иредентистички тенденции. Немањето механизам на политичарите за справување, и немањето желба за надминување на постојните разлики во мултиетничките општества, најчесто завршува со вооружени борби со катастрофални последици. Многу лесно излегува од контрола и се проширува по системот на „сврзани садови", често опфаќајќи цели области и региони.

Ако се земе предвид дека повеќето земји во светот се етнички разновидни, станува јасно зошто толку голем број судири настанале по етничка основа низ целиот свет. Тие обично почнуваат одненадеж, некогаш изгледаат наивно и можат да бидат предизвикани од мал инцидент. По иницирањето, тие лесно се прошируваат, ги зголемуваат размерите и може да предизвикаат насилство на поголема територија. Многу често го привлекуваат вниманието на меѓународната јавност, а честа е појавата една етничка група да е потпомагана од страна, во борбата против друга етничка група.

---

[51] Ibid.
[52] Ibid.

### *1.3.2. Вооружен бунт*

Вооружениот бунт, исто така, претставува внатрешен вооружен конфликт. Иако со помал размер споредено со граѓанската војна, сепак и тој претставува сериозен облик на загрозување на националната безбедност.

За да го разбереме ќе ја дадеме дефиницијата што ја користи Гоцевски (2006), според кој „вооружениот бунт претставува борба на определени класни, национални, политички или други општествени групи, внатре во една држава, за остварување определени политички или економски цели. Се јавува како резултат на наталожени и нерешени социјални, економски, политички и други противречности во општеството. Во таква ситуација определена општествена група смета дека своите цели може да ги постигне исклучиво со употреба на сила, односно со борба. Вооружениот бунт е насочен против актуелната влада. Најчесто тој е лоциран на ограничена територија, но може да ја зафати и целата земја. Започнува спонтано, како резултат на некој негативен настан, а подоцна се проширува. Доколку не биде задушен вооружениот бунт, тој многу лесно може да прерасне во граѓанска војна.“[53]

Котовчевски (2007), ја дава следната дефиниција: „Бунтот е организирана вооружена-политичка борба чија цел може да биде преземање на власта преку револуционерен пресврт и заменување на постојната влада (власт)“. Според тоа за целосно расветлување и дефинирање на феноменот „вооружен бунт“ и „бунтовничка активност“ потребно е да се разгледа и дефиницијата на Централната разузнавачка агенција на САД – ЦИА според која: „бунтот претставува одолжена воена- политичка активност насочена кон остварување комплетна или делумна контрола на ресурсите на земјата преку употреба на нерегуларни воени сили или илегални политички организации“. Бунтовничката активност вклучува герилска војна, тероризам и политичка мобилизација, на пример, пропаганда, регрутација, јавни и прикриени партиски групи, и меѓународна активност- креирана да ја ослаби владината контрола и легитимност. Заеднички именител на најмногу бунтовнички групи е нивната желба да контролираат посебна област. Оваа цел ги разликува бунтовничките групи од чисто терористичките организации, чии цели не вклучуваат креирање на алтернативна влада способна за контрола на дадена област.[54]

---

[53] Гоцевски, Т. (2006), *Основи на системот на националната одбрана*, 4. Дополнето издание, Филозофски Факултет, Скопје, стр.50

[54] Котовчевски, М. (2007*), Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, стр.131

Од ова можеме да заклучиме дека вооружениот бунт претставува борба на одредени групи, внатре во една држава, за остварување на некои цели. Тој е насочен против актуелната влада и најчесто е лоциран на помала територија, но може да зафати и поголема територија. Доколку не биде задушен на време, тој лесно може да прерасне во граѓанска војна. За да се направи разлика дали во даден случај станува збор за вооружен бунт или граѓанска војна како показател може да се земе интензитетот на зафатените воените дејства, периодот на траење, бројот на вооружените сили и колкава е територијата којашто е зафатена со борбите.

### *1.3.3. Револуција*

Револуција, исто така, претставува внатрешен облик на загрозување на националната безбедност. Слично како и веќе набројаните облици, може да се каже дека и таа има политичка основа. Со неа најчесто се симнува некоја политичка структура од власт, и се заменува со друга.

Според Котовчевски (2007), револуција претставува „отфрлање на некој воспоставен поредок, при што државната власт се пренесува од едно раководство на друго, често проследено со радикална реконструкција на општествените и на економските односи“.[55]

Иако не е задолжително, сепак за изведување на револуциите некогаш неопходна е употребата на оружје. Тоа понекогаш ја прави доста опасна поради самиот факт дека со револуциите често се вршат промени на некои диктаторски режими, кои што по автоматизам употребуваат оружје за да се одбранат. Многу е веројатно тие борби да се интензивираат и не е исклучена можноста од создавање поголем вооружен конфликт. Иако некогаш наликува како да се случуваат ненадејно, сепак тие можат да имаат длабоки внатрешни и надворешни корени.

### *1.3.4. Воен удар*

Насилното преземање на власта од војската е една од карактеристиките на сите периоди во човековото општество.

За да го разбереме поимот воен удар, ќе ја разгледаме дефиницијата од Spectator Mundi (2013) каде: воен удар претставува насилно уривање на легално избрани претставници, наследници или насилни режими, од вооружените сили, што резултира

[55] Ibid.

во воспоставување нови воени и цивилни режими, притоа не навлегувајќи дали дејствието преземено претставува легален чин или не.[56]

После Втората светска војна, во светот изведени се или имало намера да се изведат над двесте воени удари. Најголем број се случиле во Латинска Америка и во Африка.

Во Латинска Америка, најпознати во Венецуела (1945), Бразил (1964), Панама (1968), Чиле (1973), Парагвај (1989) итн. Во Африка, воени удари имало во Конго во (1960, 1965), Во централно Африканската република во (1965), во Гана (1966), во Уганда (1971), во Нигерија (1985) и последниот бран на воени удари во 2003 година во Гвинеја Бисао, Сао Томе и Принципе и Централно Африканската Република. На Европскиот континентот, во Франција (1958), во Грција (1967), во Италија (1970), во Португалија (1974), Кипар (1974), во Шпанија (1981), во Полска (1991).[57]

### *1.3.5. Тероризам и терористички активности преземени во рамките на една држава*

Тероризмот во денешно време претставува една од најголемите закани за човештвото. Речиси секаде во светот постојат фанатици, кои водени од најразлични побуди и причини лесно можат да нанесат удари, односно да „удрат" на безбедноста. Дејствувајќи поединечно или во групи, користејќи се со „асиметрични" мерки, многу успешно ја постигнуваат својата цел, да нанесат човечки жртви, да предизвикаат страв, и да го привлечат вниманието на светската јавност.

Според резолуцијата 49/60 на Генералното собрание на ОН (усвоена на 9 декември, 1994), тероризмот претставуваат „кривично дела кои имаат за цел да предизвика состојба на терор во јавноста, група на лица или одредени лица за политички цели, кои во секој случај се неоправдани, без оглед на размислувања од политичка, филозофска, идеолошка, расна, етничка, верска или која било друга природа."

Гоцевски (2006) тероризмот го дефинира како „примена на непосредно и организирано насилство на една или повеќе групи кои се спремни и по физички пат да ја наметнат својата волја на државата, односно општеството и да применуваат

[56] Spectator Mundi (2013), *Oruzani konflikti*, Достапно на http://www.spectatormundi.org/vojni-udari---uvod.html [13.06.2013]
[57] Ibid.

психички терор спрема масите предизвикувајќи притоа колективни и индивидуални комплекси на страв, несигурност и апатија.“ [58]

Иако на тероризмот како појава се гледа како на глобална закана, сепак тој може да се случува и во рамките на само една држава.

Така според Гоцевски (2006) тероризмот може да биде меѓународен и внатрешен, каде што во меѓународниот тероризам спаѓаат државниот тероризам, тероризмот на екстремни емигрантски организации и индивидуалниот тероризам. Во внатрешниот тероризам спаѓаат тероризмот како облик на владеење, тероризмот како облик на опозиција и индивидуалниот тероризам.

Според истиот автор тероризмот како внатрешен облик на загрозување на безбедноста се јавува поради: околностите на материјалниот развиток; специфичностите на историскиот и националниот развиток; промените во системот на вредностите и губењето на перспективите на целината на општеството; блокирање на механизмите за унапредувањето и создавањето на социјални разлики; моралната криза и моралните дилеми кај мноштвото население, особено кај младината; културната и духовната немоќ на хегемонистичките делови од владејачката класа; моралната пустош, неодговорност и корупција; [59]

Ако не се дејствува благовремено против тероризмот, тој лесно може да добие масовни размери.

Според Арапската конвенција за уништувањето на тероризмот, усвоена од Советот на арапските министри за внатрешни работи и Советот на арапските министри за правда во Каиро, Египет во 1998 година, тероризмот е дефиниран како каков било чин на закана или насилство, без оглед на мотивите или целите, која се појавува во унапредување на индивидуална или колективна кривични агенда и се обидува да сее паника меѓу луѓето, што предизвикува опасност, да им наштети на нив, да ги доведува нивните животи, нивната слобода или безбедност во опасност, или кои сакаат да предизвика штета на животната средина или на јавни или на приватни имоти.

Според тоа, за тероризам може да се сметаат сите кривичните дела, било против вооружени лица или цивили, кои се преземаат со намера некој да се убие или да му се нанесе тешка телесна повреда. Односно, сите обиди кои имаат за цел да доведат до состојба на терор и општ хаос во јавноста, или во одредена група на лица, и сите акти

---

[58] Гоцевски, Т. (2006), *Основи на системот на националната одбрана*, 4. Дополнето издание, Филозофски Факултет, Скопје

[59] Ibid.

преземени да се заплашува населението или да се принудува некоја влада или меѓународна организација да преземе или да се откаже од нешто.

### 1.4. Сериозноста на внатрешните вооружени конфликти

Brown (1996) смета дека внатрешните конфликти претставуваат сериозен облик на загрозување на Националната безбедност. Според него тоа може да биде поради неколку причини. Како прво, тие се широко распространети, можат да предизвикуваат огромно страдање, влијаат на земјите соседи и не ретко ги вклучуваат и нив, значително ја поткопуваат регионалната стабилност и често ги привлекуваат интересите на „големите моќници“ и меѓународните организации. [60]

За лесното ширење и големата распространетост на внатрешните вооружени конфликти, нивната честа појава и големите територии коишто можат да ги зафаќаат веќе стана збор погоре во овој труд, кога посебно беа разгледани облиците на загрозување на националната безбедност.

Нивната широка распространетост, пред сѐ, се однесува на способноста, после избувнувањето брзо да се прошират и да зафатат и друг регион. Како пример може да се земе ситуацијата за време на распадот на Југославија и конфликтите кои ја зафатија поранешната федерација, каде што воените жаришта циркулираа од еден регион на друг. Имено, после тензиите во Словенија и по нејзиното осамостојување, амбицијата за самостојна држава се појави и од хрватскиот народ. Тензиите кои настанаа со барањето за отцепување, многу брзо беа проследени со воени интервенции на Југословенската народна армија (ЈНА) против силите за територијална одбрана во Хрватска. После одреден период, (според некои аналитичари и зачудувачки долг) желбата за самостојна држава се појави и кај Муслиманската заедница во Босна и Херцеговина. Со сигурност може да се каже дека зафатеноста на ЈНА, и дејствијата кои ги преземаше на многубројните фронтови во Хрватска и Босна и Херцеговина, едноставно, ги „отвори вратите“ за ново поделба. На повидок беше и ново отцепување и формирање самостојна држава и во покраината Косово. Иако дадените примери претставуваат посебни случаи и треба да се третираат одделно, сепак не може да се занемари фактот дека постоењето на еден конфликт, на некој начин ја разбудило идејата за појава на друг, или оставило доволно простор за негова подготовка. Имено,

[60] Brown, M. E. (1996*) The International dimensions of internal conflicts*, Center for Science and International Affairs, Cambridge, Massachusetts стр.4-40

побунетите групи во потенцијално опасните или високо ризични области, успеваат да направат подлога за започнување нов конфликт, искористувајќи ја дефокусираноста на безбедносните структури кои се презафатени со дејствијата на веќе постојните конфликти.

Внатрешните вооружени конфликти се значајни и по тоа што обично предизвикуваат огромно страдање, особено на цивилното население. Во повеќето внатрешни конфликти „влогот" е голем и пожртвуваноста е огромна, па во намерата за докажување често не се бираат средствата. Тука често се вклучени директни, намерно предизвикани напади врз цивили. Во обидите за контрола над одредена територија, цивилното население не ретко бива мачено, убивано или раселувано од противничките сили. Заплашувањата, убиствата, силувањата и насилното протерување се често употребуваните методи. Бројот на раселени или убиени лица во таквите конфликти изнесуваат десетици до стотици илјади, а некогаш достигнува и до милиони. Најпознат е случајот во Босна и Херцеговина од 1992 година.

Влијанието што го имаат врз опкружувањето, исто така, може да биде сериозна закана. Тие често негативно влијаат врз безбедноста на соседните земји, а не се ретки случаите и да бидат вклучени во конфликтот спротивно на сопствена волја. Самите воени дејствија и насилството од противничките вооружени сили или групи, предизвикуваат големи бранови на бегалци, кои во потрага по засолниште и побезбедно место, принудени сè да ги преминуваат и домашните граници. Колку поголема е бројката на раселените лица, толку е потешко за државата домаќин да се справи со нив. За нас најблизок пример претставува случајот од 1999 година со бегалците од Косово. Тогаш, што поради бомбардирањата на НАТО, што поради дејствијата на безбедносните служби на војската на СРЈ, огромен број на Косовско население беше принудено да ги напушти своите домови и да бара засолниште во Македонија и во Албанија. Раселувањето од 1999 година уште долго ќе остане запаметено како „Бегалската криза од 1999 година", за чие справување тогашното раководство на Република Македонија јавно и отворено побара асистенција од Меѓународната заедница. Случајот со Руанда во 1994 година, покажува колкави размери може да достигне тоа раселување, кога за само еден ден околу 250.000 бегалци ја преминале границата со Танзанија. За вкупната бројка на раселени лица само после неколку месеци, да изнесува околу 2 милиона луѓе пребегнати во Танзанија, Заир и Бурунди. Ниедна од овие земји не била доволно подготвена да прими таков наплив на бегалци.

Вреди да се спомене и случајот, кој покажуваа дека некогаш и мал број на раселени лица, може да предизвикаат сериозни проблеми и значително да ја загрозат безбедноста на земјата-домаќин.

„Британија прими мал број истакнати харизматични и влијателни исламистички свештеници кога сакаа да избегаат од репресивниот режим на Блискиот Исток, кој се насочи против нив поради нивните екстремистички исламистички ставови. Меѓу нив беа шеикот Омар Бахри Мохамед, кој го формира исламистичкото студентско движење Ал-Мохаџирун и ја радикализира британската муслиманска младина. Абу Хамза, авганистански воен ветеран и екстремистички проповедник кој џамијата во Финзбури парк ја претвори во рај за исламистите и центар за регрутирање на Ал Каеда. Тука беше и Абу Катада, свештеник кој сега е именуван за духовен лидер на Ал Каеда во Европа и чии говори влијаеја врз неколку европски самоубиствени бомбаши, вклучувајќи го и Закаријас Мусави, дваесеттиот човек вклучен во нападите од 11 септември и Ричард Рајд, кој носеше бомба во чевли. Овие екстремистички свештеници помогнаа да се радикализираат многу млади британски муслимани, регрутираа и испраќаа британски муслимани да се борат во Босна и во Чеченија и организираа патувања за терористичка обука во Авганистан.“ [61]

Внатрешните конфликти се важни затоа што лесно можат да го привлечат вниманието на „големите сили“ и меѓународните организации. Во некои случаи, државните интереси на големите сили можат да бидат засегнати со внатрешни конфликти и тоа да влијае на безбедноста врз стратешки важните места, како што се на пример областите богати со нафта. Регионите зафатени со внатрешни вооружени конфликти, исто така, можат да претставуваат и добар пазар за оружје.

Внатрешните вооружени конфликти можат да го привлечат вниманието на меѓународните организации и преку прекршувањето на меѓународните закони и меѓународните норми за однесување.

Сериозноста на внатрешните вооружени конфликти е голема и поради фактот што многу лесно може да станат меѓудржавни.

Според Котовчевски (2007) голема е опасноста граѓански конфликт да прерасне во меѓудржавен. Зголемената тенденција цивилните војни да станат меѓународни (да вклучат надворешни воени сили) има особено влијание врз меѓународната политика. Според една студија „процентот на цивилни војни кои станале меѓународни“ се

[61] Вилијамс Д. П. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје, стр.474

зголемил од 18% во периодот 1919-1939 на 27% во периодот од 1946-1965 и на 36% во периодот 1966-1977 година. Во текот на Студената војна, ваквата интернационализација во голема мерка била предизвикана од геополитичкиот натпревар меѓу Истокот и Западот, со воени интервенции од трети страни кои се обидувале да зајакнат една или друга страна, како на пр. во Виетнам, Етиопија, Ел Салвадор, Авганистан и Јемен. Советскиот Сојуз и другите држави од неговиот блок често даваа поддршка за „војни за национално ослободување" во кои револуционерни групи, обидувајќи се да го отфрлат колонијалното владеење (на пр. во Ангола и во Мозамбик), применувале тактика на герилско војување за да ги совладаат посилните конвенционални воени сили на власта, кои пак, биле обучувани од САД или од неговите регионални сојузници за антитерористички тактики во борбата против герилците.[62]

Од ова може да се заклучи дека внатрешните вооружени конфликти претставуваат сериозна закана за националната безбедност на државите и како такви треба да се третираат. Често се појавуваат, лесно се прошируваат и може да зафаќаат помали или поголеми територии. Предизвикуваат огромно страдање, особено на цивилното население и често го принудуваат на раселување. Во конфликтот многу лесно може да бидат вклучени и другите земји во потесното опкружување, дури и спротивно на сопствената волја, и да го привлечат меѓународното внимание.

### 1.5. Фактори кои влијаат за појава на внатрешни вооружени конфликти

Внатрешните вооружени конфликти не се нова појава, но во периодот по Втората светска војна нивното присуство станува доста забележително, а најголемото вниманието на меѓународната јавност почнуваат да го привлекуваат во периодот после Студената војна. По настанувањето на некои нови држави, забележлива е појава на нестабилни политички и општествени системи кои сами по себе претставуваат причина за појава на немири внатре во државите. Но, исто така, има и случаи кога настануваат конфликти и во држави кои постојат со децении.

Се проценува дека во 80-тите години започнале 28 цивилни војни, а уште шест продолжиле од 70-тите и во оваа деценија; некои од нив беа разрешени во доцните 80-ти и 90-ти (како на пример Никарагва и Мозамбик), но за сметка на нив, се појавија

[62] Котовчевски, М. (2007), *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, стр.113

нови случаи на цивилни судири (како примерите во неколку поранешни Југословенски републики и Советскиот Сојуз).[63]

Според Brown (1996) постојат неколку клучни фактори за појава на внатрешни вооружени конфликти. Тука спаѓаат: слабата држава, етничката застапеност, политиката што се води во државата, економската ситуација и социјалната структура, културата и перцепцијата.[64]

Држава со слаба структура е почетната основа на многу анализи за внатрешните конфликти. Некои држави се слаби уште со нивното настанување. Многу држави во Африка и во Југоисточна Азија коишто се настанати како колонии се создадени вештачки. Во нив недостига политички легитимитет, политичка култура и политички соодветни институции способни за контрола и спроведување на основните вредности. Истото може да се каже и за многу од земјите создадени по распадот на Советскиот Сојуз и Југославија. Најголемиот дел од овие нови држави функционирале само преку најосновните политички институции.

Исто така, има и случаи, кога со тек на времето ослабуваат државите. Во некои случаи, државите ослабуваат поради постоење внатрешни проблеми, како на пример широко распространетата корупција, неспособноста на институциите и немањето капаците за да се постигне економски развој итн. Кога се слаби државните институции, голема е веројатноста дека ќе се случат насилни конфликти. Исто така, во слаба држава, некои групи можат да се почувствуваат небезбедно и незаштитено, па ќе се обидат самите да се заштитат. Такви проблеми често се јавуваат кога се во фаза на распаѓање големи федерации или мултиетнички држави, па етничките народи се принудени сами да се грижат за својата безбедност. При преземањето на таков чекор за самостојна одбрана, народите често ја загрозуваат безбедноста на другите, што може да доведе до значителен безбедносна закана.

Етничката застапеност е можеби најбитниот фактор. За етничките групи и етничките конфликти веќе стана збор погоре во овој труд. Специфично за државите со етнички малцинства е тоа што тие се повеќе склони кон конфликти отколку другите, поради фактот што одредени типови на етничка застапеност се попроблематични од други. Некои држави се етнички хомогени, и нормално се соочуваат со помалку проблеми од тој тип.

---

63 Котовчевски, М. (2007), *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје, стр.113

64 Brown, M. E. (1996), *The International dimensions of internal conflicts*, Center for Science and International Affairs, Cambridge, Massachusetts

Во над 180 држави коишто постојат денес, помалку од 20 се со етнички иста застапеност, ако се земе предвид дека етничко малцинство се смета помалку од пет проценти од населението. Некои земји, како што е Јапонија и Шведска, имаат иста етничка застапеност. Други, како Полска, Унгарија и Чешка имаа многу мало малцинство. Една од причините зошто Полска, Унгарија и Чешка беа релативно стабилни до средината на 1990 е токму немањето на малцинствата.[65]

Исто така, важно е да се спомене дека етничката хомогеност не е гаранција за внатрешна хармонија. Пример, Сомалија претставува една од најхомогените држави во Подсахарска Африка, во неа сѐ уште се провлекуваат војните помеѓу клановите и натпреварите за надмоќност помеѓу локалните водачи.

Во некои држави во коишто постојат етнички малцинства, етничките народи се измешале меѓусебно, додека во одделни провинции или региони од државата малцинствата настојуваат да живеат одвоено. Државите со различни типови на етнички малцинства се соочуваат со различни внатрешни проблеми. Помала е веројатноста дека земјите со измешана етничка популација ќе се соочат со отцепување.

Безбедноста во државата зависи значително од степенот и сеопфатноста на политичкиот систем. Голема е веројатноста дека затворените, авторитативни системи ќе предизвикаат значително незадоволство. Посебно, ако се застапувани повеќе интересите на некои етнички народи на сметка на другите. Дури и во најдемократски услови, може да се појави незадоволството доколку не постои правична застапеност во владата, судството, безбедносните служби, политичките партии, јавната администрација и во други установи и политички институции. Тогаш легитимноста на целиот систем може да биде ставен во прашање. Постои веројатност внатрешните конфликти да се случат доколку има случаи на угнетување или насилството од државата.

На некои места, националноста и граѓанството се базираат повеќе на етничките разлики, отколку на идејата дека сите што живеат во државата имаат еднакви права и привилегии.

Според некои размислувања, етничките конфликти се често резултат и на провокација од елитите во време на политички и економски неприлики. Етничките нереди и „жртвените јагниња“ се многу актуелни „алатки“ кои се користат, додека „мас медиумите“ се ставаат во улога на ширење на пропаганда и зголемување на тензиите.

---

[65] Ibid.

Кампањите водени од Слободан Милошевиќ во Србија и Фрањо Туѓман во Хрватска ни се доволно познати на сите!

Речиси и да не постои земја во која не постоеле или не постојат економски проблеми. Тие можат да бидат манифестирани на еден или друг начин, порано или подоцна. Несомнено ваквиот тип проблеми може да предизвика внатрешни тензии.

Во индустријализираниот свет, проблеми можат да се појават дури и ако државната економија е во пораст, но ако темпото на напредок не ги задоволува социјалните потреби. Во Источна Европа, државите од бившиот Советски Сојуз, делови од Африка, се трансформираа од главни креатори на пазарот и пазарните економии, во главни носители на економски проблеми, со највисока стапка на невработеност и неконтролирана инфлација. Невработеноста, инфлацијата и потребата од ресурси, придонесуваат за социјални фрустрации и тензии кои можат да придонесат за појава на конфликти. Накратко, економскиот пад (стагнација, влошување и уништување) може да биде многу дестабилизирачки.

Дискриминаторскиот економски систем, било на класна или етничка дискриминација, може да иницира чувство на незадоволство и фрустрација кај оние склони на насилство. Нееднаквите економски можности, нееднаквиот пристап до основните ресурси (како што е на пример обработлива површина) и капитал и многубројните разлики во стандардот на живеење, се основните знаци дека оние што не добиле придобивки од економскиот систем, на него ќе гледаат како нефер и нелегитимен.

Неодамнешна студија од OECD, во која се опфатени 34 од најсиромашните земји во светот, опишува како речиси две третини од нив се заплеткани во конфликт или, пак, само што излегле од него. Со други зборови, сиромаштијата и пошироката модалност на подразвојот, нè водат автоматски кон конфликт, сепак, го носат во себе високиот ризик на насилство кој во секој момент може да настане. Сиромаштијата е поврзана со конфликтот во однос на претпоставка, можност. Во исто време, насилството само по себе ги портретира комплицираноста и длабочината на сиромаштијата.[66]

Културните и перцептивните гледања, исто така, може да се идентификуваат како фактори за појава на внатрешни конфликти. Секако на прво место е дискриминацијата на малцинствата. Исто така, тука спаѓаат несоодветните услови за

[66] Дафилд, М. (2012), *Глобално владеење и нови војни*, Арс ламина, Скопје, стр. 121

едукација, правните и политичките пречки за употребата и изучувањето на јазиците на малцинствата и пречката за слободно религиско изразување. Мерки за претопување на малцинската популација комбинирана со програми за носење голем број други етнички народи на местата населени со малцинства, претставуваат форма на културен геноцид. Такви форми се употребувани од Јосиф Сталин во Советскиот Сојуз во 1930-тите и 1940-тите години во Кавказ. Слични акции се преземани од Кина во Тибет во 1950-тите. Некои полесни форми на асимилациони политики се водени од Бугарија врз етничките Турци, на Грција врз македонското население од Егејска Македонија, на Словачка врз етничките Унгарци и во Тајланд над некои племиња.

Историјата и перцепцијата за себе и за другите има големо влијание. Многу народи имаат легитимни замерки против други за некаков тип неправда кој им е нанесена во минатото. Некои „вековни омрази“ имаат историски почетоци. Како и да е, некои народи ги прикриваат или величаат нивните сопствени истории, демонизирајќи ги нивните соседи, ривали или непријатели. Овие етнички митологии се значително проблематични во случај кога ги отсликуваат гледиштата на едните и другите заемни ривали, што е чест случај.

# ГЛАВА 2 - МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ

## 2.1. Оружје

Според Законот за оружјето (Службен весник на Република Македонија бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 138/13, 164/13), донесен на 20.11.2012 година, и изменет осум пати, за оружје се смета „секој предмет или орудие, направени со цел под притисок на гасови, кои настануваат при согорување на експлозивни материи, гасови под притисок или друга потенцијална енергија, да исфрлаат проектил во облик на единечно зрно, сноп од сачми, гас, течност, стрели или друга состојка, што предизвикува повреди опасни за здравјето и животот на луѓето, како и секој друг предмет чија основна намена е вршење напад врз физичкиот интегритет на луѓето."

За оружје, согласно со ставот 1 на членот 2 на основниот закон, се смета: огнено оружје; колекционерско оружје; оружје за самозаштита; пневматско оружје; гасно оружје; експлозивно оружје; оружје со тетива; ладно оружје; оружје за светлосно-звучна сигнализација и електрични парализатори.

Според член три од истиот Закон одделни изрази употребени во овој Закон го имаат следново значење:

„Огнено оружје" се сите видови пушки, пиштоли и револвери, како и други направи кои под притисок на барутни гасови низ цевката исфрлаат балистички проектил во облик на единечно зрно или сноп од сачми;

„Кусо огнено оружје" е оружје чија цевка е со должина до 30 см или чија вкупна должина не е поголема од 60 см;

„Долго огнено оружје" е оружје чија цевка е подолга од 30 см или чија вкупна должина надминува 60 см;

„Автоматско огнено оружје" е оружје кое по секое пукање автоматски се празни и полни и кај кое со едно притискање на чкрапецот се испукуваат повеќе или сите куршуми од магацинот на оружјето;

„Полуавтоматско огнено оружје" е оружје кое по секое пукање, автоматски се празни и полни и кое може да испука само еден куршум со едно притискање на чкрапецот;

„Репетирачко огнено оружје" е оружје кое по испукувањето се полни и празни рачно, со ставање на куршум во цевката, земен од магацинот и пренесен со помош на механизам;

„Еднострелно огнено оружје“ е оружје без магацин кое пред секое испукување се полни рачно со ставање куршум во лежиштето на куршуми и во вдлабнатиот дел предвиден за таа цел на влезот од цевката;

„Пневматско оружје“ се сите видови пушки, пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на компримиран воздух или друг компримиран гас низ цевката исфрлаат проектили со различен облик;

„Гасно оружје“ се сите видови пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на барутни гасови или сличен гас насочено распрснуваат или исфрлаат со муниција, иритирачки гас кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето. [67]

Согласно со кажаното Законот за оружје на Република Македонија нема посебна категорија во која го вбројува исклучиво малото и лесно оружје. Од поделбата и објаснувањата може да се види дека целото МЛО спаѓа во категоријата огнено оружје.

Разликата меѓу огнено оружје дефинирано во Законот, и стандардните дефиниции за МЛО е тоа што терминот МЛО генерално се однесува на оружје со калибар до 100мм, додека за огненото оружје како што е дефинирано не постои ограничување во калибарот.

Оттука, многу е веројатно дека МЛО нема да биде третирано како посебен вид оружје и во акциите за разоружување, собирање и уништување ќе биде ставено во групата на огнено оружје. Веќе е споменато дека обидите да се одреди точниот број на МЛО и да се контролира истото се многу тешко остварливи, па ова дополнително го усложнува процесот.

### *2.1.1. Дефинирање на малото и лесно оружје*

Може да се каже дека сè уште не постои општо прифатена дефиниција за тоа што претставува МЛО.

Обединетите Нации излегоа со она што тие го нарекуваат „дефиниција“, но всушност тоа е некомплетна листа на видови оружје, што со потешкотија се користи во каква било дипломатска и оперативна средина. Како и да е, генерално, договорено е дека терминот МЛО се однесува на оружје и муниција со калибар помал од 100мм. Тука влегуваат не само пушките со жлебови, пиштолите и автоматските оружја туку и

[67] Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ број 7/05), донесен на 20.11.2012)

минофрлачи, рачни воздушни минофрлачи (МАНПАДС), рачни противтенковски ракети, конвенционални експлозиви и детонатори.[68]

Според нив МЛО го сочинуваат:

- Мало оружје: револвери и пиштоли со автоматско полнење, пушки и карабини, автоматски пушки, полуавтоматски огнени оружја и лесни митралези.
- Лесно оружје: тешки митралези, рачни и вградени фрлачи на гранати, преносни противтенковски и противвоздушни топови, безповлечни оружја, преносливи лансери за противтенковски и противоздушни проектили и минофрлачи со калибар помал од 100 мм.[69]

Групата на владини експерти на Обединетите нации (GGE) разви дефиниција за МЛО во 90-тите години и оваа „дефиниција" ги сместува МЛО во три категории:

*Мало оружје*

- Револвери и саморепетирачки пиштоли
- Пушки и карабини
- Полуавтоматска пушка (SMG)
- Јуришно оружје
- Лесни митралези (LMG)

*Лесно оружје*

- Тешки митралези (HMG)
- Монтирен гранатен фрлач кој се монтира под цевката на пушката
- Преносливо противвоздушно оружје
- Преносливо противтенковско оружје и неотскочно оружје
- Преносливи лансирачи на противтенковски проектили и ракетни системи
- Преносливи лансирачи на противвоздушни проектилни системи
- Минофрлачи (калибар <100мм)

*Муниција и експлозиви*

- Куршуми (рамки) за мало оружје
- Гранати и проектили за лесно оружје
- Преносливи контејнери со проектили, или гранати за една употреба и противвоздушни и противтенковски системи
- Противпешадиски и противтенковски гранати
- Нагазни мини
- Експлозиви

[68] SEESAC (2010), *МЛО во Југоисточна Европа*, Парламентарен прирачник, Белград
[69] United Nations General Assembly (1997), http://www.un.org/Depts/ddar/Firstcom/SGreport52/a52298.html

Според „Документот за МЛО на ОБСЕ" малото и лесно оружје се дефинира како преносно оружје, направено и модифицирано со воени спецификации, кое се користи како смртоносен инструмент за војување. Малото оружје е наменето за индивидуалци кои припаѓаат на вооружените или на безбедносните сили. Малото оружје ги опфаќа следниве категории на оружја: револвери и автоматски пиштоли; пушки и карабини; јуришни пушки; автоматски и полуавтоматски огнени оружја; лесни митралези. Лесното оружје е наменето за неколку лица припадници на вооружените или безбедносните сили кои функционираат како тим. Лесното оружје ги опфаќа следниве категории: тешки митралези; рачни подцевни и вградени фрлачи на гранати; преносливи противтенковски и противвоздушни оружја; безповлечни оружја; подвижни противтенковски и противвоздушни проектили и ракетни системи; минофрлачи помали од 100мм.[70]

Во слободна форма кажано, во генерална смисла МЛО претставува секое оружје коешто има убиствена моќ, може да биде носено од поединец или транспортирано во помало возило. Меѓутоа доколку го поделиме на мало оружје и лесно оружје ќе речеме дека мало оружје е тоа што може да го носи и употребува едно лице, додека лесното оружје мора да го носи и користи помал тим и да се транспортира од лесно возило или од животно.

### *2.1.2. Карактеристики на малото и лесно оружје*

Евтино е, лесно достапно и едноставно за употреба. Тоа е најлесниот опис за едно од најсмртоносните оружја кои постојат на планетата. Споредено со скапите проектили и тешки за одржување тенкови, авиони или хеликоптери, станува јасно зошто е толку распространето низ светот.

Според Che (2007) поради неговата едноставна природа, МЛО е мошне лесно за употреба дури и од луѓе кои имаат многу кратка или воопшто немаат поминато воена обука. Ова ја објаснува неговата употреба од необучени борци, па дури и деца војници како што тоа било случај во многу вооружените конфликти во Либија, Сиера Леоне и во Уганда. Покрај тоа, овој вид оружје не бара некое големо одржување и логистичка поддршка и може да остане оперативно подолг период. На пример АК-47, коешто се смета за неприкосновено број еден МЛО во светот, може да остане во функција од 20-40 години со релативно мало или никакво одржување, во зависност од условите на кои

[70] OSCE (2000), Document on Small Arms and Light Weapons

е изложено и употребувано. Дури и во случаи оружјето да почне да покажува дефект поради староста, нефункционалните компоненти може да бидат заменети со нови или резервни делови земени од други оружја.[71]

Друга причина поради која најчесто се избира МЛО претставува неговата убиствена моќ. Оружјето што денес се произведува е доста софистицирано во поглед на ефикасноста, а способно е за исфрлање 300 куршуми во една минута. Со такво оружје во рака само еден човек може да претставува огромна закана за општеството. Со вградување на новите технологии за „паметно наведување" на пример кај преносливи лансирачи или противтенковските проектили и ракетни системи, минофрлачи и други лесни противтенковски оружја огнената моќ може неколкукратно да му се зголеми и да го направи позастрашувачко, поубиствено и поразорно од кога и да е.

Причините поради кои вооружените групи попрво се одлучуваат да набават и употребуваат лесно оружје наместо тешкото оружје може да бидат неколку. Прво, софистицираното напредно и тешко оружје чини многу повеќе, има потреба од негово прикривање, а за неговото користење е потребна обука и тешко е за преместување од едно место на друго. Исто така, произведеното софистицирано оружје тешко се распоредува на бојното поле, а само по себе побарува одржување и за него е потребен оспособен персонал.

За разлика од него МЛО е поевтино, полесно за употреба и може да биде транспортирано, шверцувано, сокривано, преместувано и продавано незабележително.

### *2.1.3. Распространетост на малото и лесно оружје*

Изнесените карактеристики на МЛО придонесуваат за огромна распространетост на ова оружје во светот.

Според податоците на Small Arms Survey во Светот постојат околу 875 милиони парчиња на огнено оружја. Од нив, поголемиот дел, односно околу 650 милиони се наоѓа во рацете на цивили.[72]

Но, сепак тешко е да се дадат прецизни податоци поради неподготвеноста, односно неволноста на многу држави да информираат за нивното легално производство, извозот и увозот на оружјето. Состојбата дополнително ја отежнуваат и

---

[71] Che, K. N. (2007) *Small Arms and Light Weapons*, Africa's true WMD's: The role of SALW in conflict and insecurity in Sub-Saharan Africa, Stadstschlaining, Austria

[72] Small Arms Survey (2007), *Completing the Count,* Civilian firearms, стр.66

нелегалните активности поради што е речиси невозможно да се утврди прецизна бројка.

Најчестите корисници на МЛО можат да се групираат во неколку општи групи: безбедносните сили во државите, цивилите, приватните агенции за обезбедување, вооружените групи и бандите. Сепак, количеството и софистицираноста на оружјето кои тие го поседуваат може да се разликуваат во голема мера.

- Безбедносните сили на државите ги вклучуваат војската, полицијата, царината, граничната полиција и други органи за спроведување на Законот. Земени заедно, тие поседуваат околу една четвртина од вкупните залихи на мало оружје.
- Цивили кои поседуваат мало оружје ги сочинуваат колекционерите на оружје, ловците, спортските стрелци, поединци кои се плашат за нивната лична безбедност и криминалците. Огненото оружје во приватна сопственост, било легално и нелегално, се смета дека сочинува околу 75 насто од глобалните резерви на мало оружје;
- Приватните агенции за обезбедување се однесуваат на законски регистрирани деловните субјекти кои обезбедуваат, врз основа на договор, даваат безбедносни и / или воени услуги, без оглед на тоа дали тие работат во ситуации на конфликт.
- Вооружени групи се вооружени организации кои се спротивставуваат на државата со принуда на сила. Тие вклучуваат разни актери, вклучувајќи ги и опозиционите и бунтовничките движења, провладините милиции, и одмаздничките групи.
- Банди се вооружени групи кои се вклучени главно во криминално однесување и имаат тенденција да работат во урбаните средини. [73]

Од сево ова можеме да констатираме дека најголемиот дел од мало оружје се наоѓа во рацете на цивили, од околу ¾ од вкупното количество оружје.

Производството на МЛО е најголема и најзастапена гранка во воената индустрија. Потврда за тоа е фактот дека во 2004 година постоеле над 1294 компании во над 90 земји низ светот кои произведувале МЛО.[74] Овие бројки се променливи, но ништо не го побива фактот дека бизнисот со оружје е многу профитабилен и доста

---

[73] Small Arms Survey 2013, *Armed Actors*, Достапно на:http://www.smallarmssurvey.org/armed-actors.html Пристапено на 04.11.2013]
[74] Small Arms Survey (2004), *Rights at Risk*, стр.1

примамлив, причина која придонесува да се зголемуваат производствените капацитети на компаниите кои се занимаваат со оваа дејност.

Друг податок говори дека на годишно ниво 530.000 до 580.000 парчиња на мало оружје за воени потреби се произведува со лиценца или како нелиценцирани копии.[75]

Повеќето земји коишто се на првите позиции во производство на МЛО, исто така, се наоѓаат на врвот како земји извознички. Некои земји пак, имаат значителни индустриски производни капацитети за мало оружје само за да го задоволат домашниот пазар.

Табела 1. Приходи остварени од извоз на МЛО по држави [76]

| Сума во милиони $ | Држави |
|---|---|
| 500+ | САД |
| 100-499 | Австрија, Белгија, Бразил, Кина, Германија, Италија, Русија |
| 50-99 | Канада, Чешка, Финска, Франција, Израел, Јапонија, Норвешка, Јужна Кореа, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Турција, Велика Британија |
| 10-49 | Бугарија, Хрватска, Индија, Иран, Мексико, Холандија, Северна Кореја, Пакистан, Полска, Португалија, Романија, Саудиска Арабија, Србија, Сингапур, Словачка, Јужна Африка, Тајван,Украина |

На претходната табела се прикажани просечните суми на извезувано мало оружје кое државите ги оствариле во периодот од 2001 до 2008 година и се наредени во четири категории. Бројките претставуваат просек за дадениот период и се однесуваат на извозот за една календарска година.

Табела 2. Просечни средства потрошени за увоз на МЛО по држави [77]

| Сума во милиони $ | Држави |
|---|---|
| 500+ | САД |
| 100-499 | Канада, Франција, Германија, Саудиска Арабија, Велика Британија |
| 50-99 | Авганистан, Австралија Белгија, Кипар, Италија, Јапонија, Холандија, Норвешка, Јужна Кореа, Шпанија |
| 10-49 | Австрија, Азербејџан, Колумбија, Данска, Египет, Финска, Грција, Индија, Ирак, Израел, Либија, Мексико, Пакистан, Полска, Португалија, Русија, Шведска, Швајцарија, Тајланд, Турција, Обединети Арапски Емирати, Венецуела |

[75] Small Arms Survey (2013), *Producers* , Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/de/weapons-and-markets/producers.html, Пристапено на [04.11.2013]
[76] Извор: http://www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/H-Research_Notes/SAS-Research-Note-11.pdf
[77]Извор: http://www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/H-Research_Notes/SAS-Research-Note-12.pdf

На табелата се прикажани просечните суми од увезувано мало оружје коишто државите ги оствариле во периодот од 2001 до 2008 година и се наредени во четири категории. Бројките претставуваат просек за дадениот период и се однесуваат на увозот за една календарска година.

Од двете табели може да се заклучи дека сумите на средствата коишто државите ги издвојуваат за увезување на оружје, односно ги заработуваат од извезување на оружје се огромни.

Постојат неколку фактори кои влијаат врз распространетоста на оружјето:

- Производителите на оружје претставуваат основен извор на истото. Се смета дека оние производители коишто го почнале производство за време на Студената војна и денес претставуваат главни понудувачи. Имено, за време на Втората светска војна, голем број земји произведувале МЛО, но неговата пролиферација и достапност е значително намалена и на некој начин контролирана од големите сили. Денеска оружјето е многу полесно достапно за групи или индивидуалци кои имаат намера преку негова употреба да почнат војна или да ја дестабилизираат легитимната влада и општествените системи.
- Друг извор, претставува постоењето на големото количество ново или користено оружје од вооружените сили. Поголем дел од ова оружје лесно може да го најде својот пат до конфликтните региони, преку шверцерските канали, како што тоа беше случај со Албанија во 1997 година, или преку отворените пазари како резултат на нецелосното разоружување, како во случајот со Ел Салвадор и Мозамбик. Случајот со оружјето од Албанија во 1997 година и неговото појавување на конфликтните региони во соседството, подетално ќе биде разгледано подолу во овој труд.

Според Милошевска (2009) оружјето најчесто се набавува со купување од непријателски земји и нивни разузнавачки служби, односно купување на илегалниот пазар, потоа со кражби од складишта со оружје, и со изработка во тајни фабрики. Бидејќи производството на оружје во светот ги надминува потребите за редовно вооружување на армиите, останува огромно количество кое се шверцува на илегалниот пазар. Како носители на криумчарењето се јавуваат поединци, компании, па и одредени држави, односно постојат три паралелни пазари за продажба на оружје:

- Бело- што се врши директно преку владите;

- Сиво- преку приватни компании, но под надзор на владата; и
- Црно- преку самостојни трговци и поединци.

Во опасните лавиринти на купопродажбата посебна улога имаат поединците, а денес најпознати и најголеми препродавачи се лицата од Блискиот Исток. [78]

Слична констатација дава и Пикарели, според кој нелегалното тргување со лесното оружје е профитабилна, но мрачна форма на меѓународен криминал, кој се проценува на околу милијарда долари годишно. За разлика од трговијата со дрога и со луѓе, лесното оружје се тргува на 3 нивоа: регулиран недозволен пазар, нерегулиран сив пазар и недозволен црн пазар. Сивиот пазар најтешко се контролира бидејќи се инволвирани државни власти и се чини легален сè до последната фаза на трансфер. Групи инволвирани во конфликти во светот избегнуваат ембарго на оружје пренесувајќи го оружјето преку трета земја, чии власти издаваат дозволи за извоз за одредено мито. Но, црниот пазар на оружје, особено на користеното, е уште еден важен извор. Оружјето е чест предмет на размена на црниот пазар, кое се заменува за жито и за нелегални производи, како наркотици.[79]

Според организацијата Saferworld (2012) МЛО може да го пронајде својот пат до општествените кругови на неколку начини:

- Нелегална трговија;
- Злоупотреба од владини или полициски сили;
- Вооружување групи од владата;
- Циркулирање на оружјето од еден конфликт во друг;
- Преку препродавачи;
- Поради слабиот капацитет од страна на некои земји да го контролираат и набљудуваат воздушниот простор;
- Рачно изработено оружје[80].

Глобалната нелегална трговија со оружје игра значајна улога во распространувањето на МЛО низ светот. ОН проценуваат дека околу 40% од оружјето коешто се нашло во конфликтите региони кои се појавиле по 1990 година било пренасочено преку нелегалните пазари.

---

[78] Милошевска, Т. (2009), *Незаконската трговија со оружје и муниција како потенцијален безбедносен проблем*, Годишен зборник бр.62 на Филозофски факултет, Скопје стр.478
[79] Пикарели, Т. Џ, *Меѓународен организиран криминал*, во Вилијамс П. Д. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје
[80] SAFERWORLD (2012), *Small arms and light weapons control*: A training manual, стр.22

Не ретко се случува индивидуалци кои имаат добиено оружје врз основ на нивната припадност на владини или полициски сили истото да го злоупотребат. Тоа претставува најчест случај во сиромашните Африкански држави. За таков пример зборуваат Human Rights Watch (2001) кога за време на конфликтот во Ацех, член на војската на Индонезија го препродавал службеното оружје за да заработи. Според истата организација Индонезиските безбедносни служби продаваат огромно количество на оружје на бунтовничките групи.

Некои влади им доделуваат оружје на групи лојални на нив со цел да им помогнат во борбата против други вооружени групи. Таков е примерот во Јужен Судан, каде што етничката група Лоу Неур добила оружје од Суданските вооружени сили и Ослободителната армија на суданскиот народ.

Конфликтите многу често лесно се прошируваат и преку границите на земјата каде што настануваат. Во такви случаи оружјето го следи проширување „во чекор". Такви се случаите, на пример со конфликтите во поранешните Југословенски држави, поранешните држави на Советскиот Сојуз итн. За нас најголемо значење има примерот на префрлањето на оружјето од конфликтот на Косово во Македонија.

Препродавачите на оружје играат доста значајна, но многу негативна улога во распространување на оружјето. Тие нелегално набавуваат оружје и истото преку свои канали го пласираат на засегнатите страни во други конфликти. Во ваквиот бизнис со оружје не ретко се вклучени и по неколку десетици луѓе во својство на преговарачи, финансиери, транспортери итн.

Поради слабиот капацитет на некои земји да го контролираат и набљудуваат воздушниот простор им се остава простор на компаниите за карго пратки да се вклучат во синџирот на распространување на оружјето. Пренесувањето на оружје по воздушен пат е најизразено кај државите на Африканскиот континент, како резултат на немањето патна и железничка инфраструктура за негов транспорт. Во ваквите случаи не секогаш компаниите знаат што превезуваат. Многу често се случува пратките да се испраќаат со фалсификувани документи за да се избегнат евентуални контроли и инспекции.

Најмал удел во распространување во оружјето има рачно изработеното оружје. Тоа се користи само од мали вооружени групи, кои што немаат ресурси за набавка на соодветно оружје и муниција.

Според Small Arms Survey постојат неколку начини преку кои МЛО може да се најде на пазарот. Тука станува збор за трансферите на оружје во светот кои се одвиваат

од неколку актери во кои спаѓаат: извезувачите, увезувачите, авторизираните трговци и нелегалните трговци.[81]

Поради многуте начини за трансфер на оружјето конфликтите траат подолго, а тоа влијае и врз зголемување на бројот на жртви. Можноста оружјето многу лесно да го најде својот пат до конфликтот за многу држави претставува и директно влијание во нивната безбедност од соседните држави или други заинтересирани фактори. Најчесто нелегално трансферираното оружје се користи од недржавните учесници во конфликтот, а финансиските средства со кои е набавено тоа оружје се таканаречени „црни пари", односно се обезбедени од нелегални активности. Понекогаш може да се случи легалните трансфери на оружје да бидат пренасочени кон илегални патишта. Тоа најчесто се случува преку директно спонзорство од владата, невладини учесници со кршење на ембарго итн. (Случајот за прекршување на ембарго за набавка на оружје за потребите на Хрватска од Аргентина ќе стане збор подолу во трудот). Познати се и случаи каде што нелегалното оружје е стекнато преку ограбување на владините резерви или резервите на безбедносните структури, ограбување на продавници за оружје и сл.

На пример, таков е случајот со ограбувањето на воените магацини во Албанија во 1997 година кога се проценува дека огромно количество на МЛО дошло во рацете на цивили, а потоа тоа станува предмет на нелегална трговија.

## 2.2. Меѓународна трговија со оружје

Трговија со МЛО е предмет на посериозни анализи во последно време и е дел од глобалната трговија со оружје поради нејзината важност во тековните конфликти. Оваа трговија е особено важна за тековните конфликти, но потенцијално има улога и во вооружување на бунтовнички и терористички групи.

Според грубите процени, во светот има 639 милиони прачиња лесно оружје, без минофрлачи и гранати на ракетен погон. Споредено со околу 8 милиони парчиња произведени секоја година, доминира пазарот на старо, главно поради големината на резервите. Поголемиот дел од резервите на лесно оружје – 378 милиони, или околу 60% - ги поседуваат цивили.[82]

---

[81] Small Arms Survey (2013), *Transfers*, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/de/weapons-and-markets/transfers.html, [пристапено на 04.11.2013]

[82] Хартунг, Д. В. *Меѓународна трговија со оружје* во Вилијамс, П. Д. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје, стр.353

Во трговијата со МЛО, нивни делови, додатоци и муниција за истото, е вклучена речиси секоја земја во светот. Во 2012 година се проценува дека обртот на средства од меѓународната трговија со мало оружје изнесувала најмалку 8,5 милиони долари. Овие процени се значително повисоки од проценетите 4 милиони долари во 2009 година, како одраз на зголемената вредност на трансферите на одредени предмети и целосниот збир на овие со преостанатите трансфери.[83]

Се смета дека динамиката со која се тргува со оружје по завршувањето на Студената војна, па сè до нападите во САД на 11 септември е значително изменета. Меѓутоа односите меѓу државите и натаму зависат од продажбата на воена опрема и оружје. Поради зголемувањето на интензитетот на војните внатре во државите лесното оружје сè повеќе е барано.

Постојат три главни правци во трговијата со оружје: главни борбени системи, лесно оружје и технологија соодветна за градење нуклеарно оружје. Меѓународната трговија со оружје е поврзана со мирот и со безбедноста, правдата и неправдата, развиеноста и неразвиеноста.[84]

Трговијата со оружје во некои случаи влијае на разгорување на регионални и локални конфликти. Од друга страна, може да создаде баланс на силите и со тоа да влијае на спречување на конфликти. Трговија со оружје им дава можност на репресивните и диктаторски режими да ги злоупотребуваат човековите права и да ги загушуваат демократските движења. Исто како што оружјето може да се користи за терористички активности, тоа може да се користи и како поддршка на угнетените во борбата против геноцид и етничко чистење.

Според Хартунг влијанието на извезеното оружје зависи од силите што ја одредуваат трговијата, а и условите во кои се користи. Динамиката на глобалната трговија со оружје значително се измени во изминатите 5 децении, од Студената војна до војната против теророт. Причините за тргување се движат од геополитички (цементирајќи ги врските со клучните стратешки сојузници) до геоекономски (обезбедување обемни договори за оружје со кои се субвенционира одбранбената индустрија во земјите- извознички на оружје).

Според истиот автор глобалната трговија со оружје се состои од три различни елементи: (1) трговија со главните системи, како борбени авиони, тенкови и борбени

---

[83] Small Arms Survey (2013), *Transfers*, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/weapons-and-markets/transfers.html, [пристапено на 04.11.2013]

[84] Хартунг, Д. В. *Меѓународна трговија со оружје* во Вилијамс, П. Д. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, стр.345

бродови, (2) трговија со лесно оружје од АК-47 до рачни проектили и (3) трговија со предмети за „двојна употреба" со цивилна и воена примена, вклучувајќи сè, од пиштоли и невооружени хеликоптери, до опрема која може да се користи за производство на нуклеарно, хемиско и на биолошко оружје.[85]

Според Гримет (2006), најпознат и најнабљудуван елемент на глобалниот бизнис со оружје е трговија со конвенционалното оружје. Најголемите земји- производители на оружје, како САД, Русија, Британија, Франција и Кина – петте постојани членки на Советот за безбедност на ОН – контролираат од 2/3 до ¾ на глобалната продажба на оружје. Овие земји сочинуваа меѓу 64% и 84% од севкупната глобална продажба на оружје.[86]

Според Фин (2003), Приливот на оружје од САД кон Мексико е многу голем. Статијата од 1993 г. под наслов *Кливлендскиот обичен дилер* вели дека во 1992 и во 1993 мексиканските власти идентификувале над 8.700 пиштоли од САД, но службените лица од двете страни сметаат дека бројот е многу поголем. Покрај оружје во рацете на цивили, уште 241 милион парчиња оружје, или 38% се во рацете на воените сили. (Small Arms Survey 2002). Дел од тоа завршува во рацете на терористите. На пример, се сомнева дека оружје собрано од Ал Каеда во мај 1993 при бомбардирање на 3 станбени населби во Саудиска Арабија им било продадено од членови на Националната гарда на Саудиска Арабија.[87]

Податоците говорат дека има 70 до 100 милиони копии во светот само на едно автоматско оружје, рускиот АК-47, попознат како калашников. Ова оружје е многу популарно како меѓу бунтовниците и терористите, така и меѓу вооружените сили. По соборувањето на Садам Хусеин, САД започнуваат да ја вооружуваат новата војска на Ирак токму со АК-47. Ова е оправдано ако се знае дека Ирачаните и порано ја имаат користено истата и веќе биле навикнати на нејзино користење и ако се има предвид нејзината голема издржливост и неопходноста да се користи во ветровитите и прашливи услови во Ирак.

Во претходното поглавје кога беа разгледани начините на распространување на лесното оружје спомнато е дека најлесно до ова оружје се доаѓа или со кражба или со набавка од владини сили и со помош на лабавите локални закони за оружје. Исто така, спомнато е дека нелегалниот пат по кој терористите и бунтовниците доаѓаат до оружје

[85] Ibid.
[86] Ibid.
[87] Ibid., стр.353

или познатиот *црн пазар,* исто така, е еден од начините на распространување на оружјето. Во денешно време овој црн пазар оперира глобално ползувајќи најсовремени комуникации, транспорт, банкарство и брокерски услуги.

Тајниот трансфер на оружје, каков што е трансферот што САД го прават до бунтовничките групи во Авганистан за време на советската окупација, се смета за сива зона, односно прикриен трансфер. Сепак, овој трансфер е во согласност со законите на САД заради тоа што таквото оружје е купено од бунтовнички групи кои сакаат да соборат окупаторска сила. Но, и во такви случаи, оружје купено со тајна продажба има голема веројатност да заврши во резервите на глобалниот црн пазар.

„Според процените на Службата за истражување на Конгресот, од САД се одлеаја 2 милијарди долари во оружје и обука на различни авганистански бунтовници само во 80-тите“.[88]

Иако многу тешко се доаѓа до податоци, различни аналитичари веруваат дека најголемиот дел од лесното оружје и експлозив употребувано од бунтовниците против коалицијата предводена од САД- Британија во војната во Ирак е оружје кое доаѓа од внатрешни извори. Од Small Arms Survey 2004, аналитичарите веруваат дека по пропаѓањето на силите на Садам Хусеин во април 2003 година не останало многу од неговата војска. Меѓутоа останати се многу резерви на инвентар и на лесно оружје. Исто така, се верува дека голем дел од оружјето што е најдено било разграбано, а остатокот не е внимателно чуван, заради што, ова оружје се смета за дел од најголемиот и најбрз трансфер на лесно оружје во светот.

Најголемата потреба за брокерите со оружје и нивните владини и невладини клиенти за нелегално оружје е потребата за фалсификувани сертификати за крајните корисници. Со тоа се овозможува премин на оружјето на царините во која било земја на транспортната маршрута, по што пристигаат или во земјата која стои на сертификатот и потоа се пренесени во трета земја или директно се доставуваат до третата земја која не стои на сертификатот.[89]

---

[88] Ibid.

[89] Хартунг, Д. В. *Меѓународна трговија со оружје* во Вилијамс, П. Д. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје, стр.353

## 2.3. Нелегална трговија со оружје

Според резолуцијата усвоена од Генералното собрание на ООН (2001)[90]:

„Недозволената трговија ќе значи увоз, извоз, набавка, продажба, испорака, пренос или трансфер на огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција од или преку територијата на една држава членка на територијата на друга држава членка, доколку една од засегнатите држави членки не го овластила истото во согласност со условите од овој Протокол или доколку огненото оружје не е означено во согласност со членот 8 од овој Протокол".

Незаконската трговија со оружје претставува еден од најсложените и најопасни проблеми на современиот свет. Криумчарењето и нелегалната трговија со оружје и муниција претставува една од значајните дејности на транснационалниот организиран криминал, која исто така, остварува огромни профити. Покрај финансискиот мотив, овие валкани активности често ги следат и мотиви од политичка и воена природа во функција на остварување на определени цели на воените стратегии и геополитички и геостратегиски комбинаторики.[91]

Според Котовчевски (2008) денес, определени организации на транснационалниот организиран криминал почнуваат илегално да произведуваат некои типови на лесно рачно оружје кое веднаш го пласираат на црниот пазар. Оружјето лесно го набавуваат и од фирмите за производство на оружје на слабите и корумпирани држави кои не се во состојба да обезбедат соодветна контрола. Исто така, порозните меѓународни граници, непрофесионализмот на структурите на интегрираното гранично обезбедување ги отвораат „портите" за влез или непречен трансфер на оружјето во сите региони на светот, посебно во кризните региони и постконфликтните држави во кои покрај „комунистичкото" оружје сè поприсутно е и оружјето произведено и во некои земји членки на НАТО.[92]

Трговијата со оружје на црниот пазар обично зазема значајно место на регионално или на локално ниво. Најчесто начинот на кој се пренесува оружјето е таканаречениот „ant trade", односно пренесувањето на мало количество оружје во повеќе наврати. На таков начин, со тек на време се акумулира големо количество

[90] Резолуција усвоена од Генералното собрание (8 јуни 2001 год), 55/225, Протокол против недозволено производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција како дополнение на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал.
[91] Милошевска, Т. (2009), *Незаконската трговија со оружје и муниција како потенцијален безбедносен проблем*, Годишен зборник бр.62 на Филозофски Факултет Скопје
[92] Ibid.

нелегално оружје од крајните корисници. На тој начин ситните трговци со оружје, за период од само неколку години можат да станат важен фактор во недозволената трговија со оружје.

Ова може да се илустрира со примерот од Мексико. Имено, мексиканските власти изјавуваат дека 90 проценти од оружјето коешто го имаат запленето потекнува од САД (произведено таму или увезено од нивна страна). Ова оружје често е купено од продавниците за оружје, а потоа е шверцувано преку граница. Додека поединечните трансакции се во мали размери или барем изгледаат како такви, конечната бројка на внесено оружје во Мексико е многу голема.[93]

По правило трговијата на црниот пазар се одвива тајно помеѓу приватни трговци и производителите на оружје. Во оваа трговија не ретко е вклучено нелиценцирано оружје коешто е украдено, запленето или одземено од владиниот арсенал или од легитимните трговци. Црниот пазар својата популарност ја доживува во 80-тите години од минатиот век. Оттогаш тој претставува профитабилен бизнис за трговија како со лесно, така и со тешко оружје, меѓутоа секако подоминантно е лесното. Иако оружјето купено на овој начин е поскапо, секако и поризично, сепак тргувањето на црниот пазар е многу честа појава.

Додека јавно достапните докази покажуваат дека поголемиот број од недозволената трговија со оружје се практицира од приватни лица, сепак и одредени влади придонесуваат за нелегалната трговија, преку намерно вооружување на паравоени групи инволвирани во борбата против ривалските влади, терористи со слична идеологија, или други недржавни вооружени групи. Овие типови на размена на оружје коишто се добро познати во Африка и другите региони, засегнати со вооружени конфликти, обично се одвиваат во спротивност со регулативите на ООН и имаат за цел да ги дестабилизираат земјите во регионот.

Се претпоставува дека и покрај ембаргото поставено од ООН, во последните години тајно се испорачани десетици илјади парчиња на МЛО во рангот на АК-47 ,па се до MANPADS, оружје кое е доставено до различни вооружени групи во Сомалија.

[93] Small Arms Survey, (2013), *Illicit Trafficking*, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/weapons-and-markets/transfers/illicit-trafficking.html [пристапено на 04.11.2013]

## 2.4. Причини поради кои луѓето набавуваат оружје

Причините поради кои луѓето набавуваат оружје можат да бидат најразлични. Овде влегуваат економски, безбедносни, социјални итн.

Во економски може да се вброи потребата за поседување оружје од припадниците на различни кланови и групи, па дури и нарко картели кои оружјето го поседуваат и користат за да ги заштитат сопствените нелегални бизниси. Исто така, профитот со кој се стекнуваат поединци или држави при трговија со оружје може да се смета за економска причина.

Заради зачувување на безбедноста во државата вооружените безбедносни структури поседуваат оружје. Доколку индивидуалци се почувствуваат загрозено, или не се сигурни дека државата, односно владата може да им ја обезбеди потребната сигурност пристапуваат кон набавка на оружје за самите да се заштитат. Во многу случаи ова оружје се набавува и поседува легално односно со дозвола, меѓутоа истото може да биде набавено по нелегален пат и поседувано спротивно на законите.

Поседувањето оружје меѓу цивилите може да се смета и како симбол или статус на машкост, па многу луѓе оружјето го набавуваат и поседуваат од социјални причини. Во овие може да се вброи и т.н. *култура на оружје*, што посебно детално ќе биде разгледана во продолжение.

Како и да е, и без разлика која е причина луѓето да набават оружје, крајниот резултат е зголемување на бројот на оружје во државата и општеството воопшто.

***Култура на оружје***

Поимот „култура на оружје" во последно време успева да се наметне како поим којшто го привлекува вниманието на инволвираните во оваа проблематика, пред сè заради тоа што е поврзан со поседувањето на МЛО и се однесува и на појавата на вооружени конфликти. „Култура на оружје“ или англискиот термин „Gun culture“ најчесто се користи за означување на појавата во која одредена група луѓе од некоја причина, набавуваат, поседуваат или употребуваат оружје во едно одредено општество.

Медиумите и другите набљудувачи понекогаш на „културата на оружјето" гледаат како на сериозна причина за појава на вооружен конфликт. Некои од нив сметаат дека таа претставува главна причина за распространетоста на МЛО во општеството, коешто оружје, исто така, придонесува за зголемен излив на насилство во некои области.

На пример, Албанците кои живеат во Косово и во Македонија имаат посебен однос спрема оружјето. Странски набљудувачи често прикажуваат дека во Косово е особено силна „културата на оружје“ која пак е опишана како клучен фактор за конфликтот во Косово во текот на 1990-тите, кога голем бројот на етнички Албанци дигнаа оружје против претставниците на Сојузна Република Југославија (СРЈ). Заедничко за Албанците кои живееја на просторите на денешна Албанија, Македонија, Косово и Јужна Србија, беше постоењето на добро вооружени семејни кланови, кои честопати градеа семејни ѕидини (kulle) за да се заштитат од натрапници. Се претпоставува дека до почетокот на XX век, сите машки членови во ваквите семејства имаа свое оружје.”[94]

Исмановски (2008) пренесува цитат од Неритан Алибали во кој се вели:

„Оружјето претставуваше органски дел на секој Албанец, негов сопатник во добри и лоши времиња, средство со кое тој си го обезбедуваше животот. Кога ќе се родеше машко дете во семејството, луѓето зборувале дека племето се збогатило со една пушка. Кога ќе умре маж, жените на глас плачеле, лелекајќи дека една пушка останала без сопственик. Пушката всушност претставува некаков симбол на мажественост, која ја „гарантира“ личната безбедност, безбедноста на семејството, кланот и племето низ вековите.”[95]

Многу повеќе одошто во другите европски земји, земјите од Западен Балкан имаат долга и вкоренета историја на поседување и користење оружје. На пример, Србија има највисок број на ловци по глава на жител во цела Европа, додека сите други земји користат оружје за да прослават раѓање, свадби и верски празнувања. Фактот што толку голем број на домаќинства поседуваат оружје е проблематичен во смисла на регионалната безбедност, а потенцијалот за насилен конфликт се зголемува во значителна мера.[96]

Некои аналитичари сегашната пролиферација на оружје на Балканот и во Македонија ја поврзуваат со насилните конфликти од блиското минато, како и со кражбата на оружјето од воените магацини во Албанија за време на политичките немири од 1997 година. Сепак, на ова тврдење може да му се спротивстави фактот што во овој регион лицата чуваат оружје во своите домови и многу порано пред да се случат овие настани. Доколку погледнеме историски ќе дојдеме до заклучок дека оружјето

[94] Исмановски С. (2008), *Конфликтот во Македонија 2001: Тероризам или борба за права*, Институт отворено општество Македонија, Скопје, стр.42
[95] Ibid.
[96] SEESAC (2010), *МЛО во Југоисточна Европа*, Парламентарен прирачник, Белград

одиграло значајна улога во различни настани на овие простори. Ова пред сѐ се должи на „културата на оружје“ што се негува од дамнина.

И во некои други држави и региони во Светот постои култура за поседување и носење оружје. „Воениот стил“ и поседувањето оружје може да се смета за статусен симбол, извор на лична безбедност, средство за егзистенција, знак на машкост, а во некои случаи и како симбол на етнички и културен идентитет. Сама по себе, таква култура не мора да значи дека ќе доведе до насилство. Но, со самото поседување на оружјето постои ризик дека за решавање на конфликтот предност ќе добие употребата на оружје пред дијалогот. Исто така, може да се случи трансформацијата од „култура на оружје“ на култура на насилство. Тоа најчесто се случува кога една држава не може да ја гарантира безбедноста на своите граѓани или не е во можност да има контрола на нелегални активности во кои овие оружја се користат.

Културните норми, општествени вредности и историските традиции во некои земји влијаат за домашната регулатива на оружје. На пример, обука за користење пиштол за самоодбрана, за спортски цели, или воената обука е честа појава во многу земји. На вооружените сили, полицијата или милицијата во повеќето земји им е дозволено да носат и да го корист оружјето во согласност со домашните закони, а во некои земји, како што се САД, тоа им е дозволено и на приватните граѓани. Правото да се поседуваа и носи оружје дури може да биде предвидено во националното законодавство и националните устави, како што е случај во САД.

# ГЛАВА 3 - ВЛИЈАНИЕТО НА МАЛОТО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ВРЗ ВНАТРЕШНИТЕ ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ

## 3.1. Влијанието на малото и лесно оружје врз конфликтите и безбедноста

Во Глава 2 од овој труд разгледани се факторите кои влијаат на настанување на конфликтите. Во нив спаѓаат: слабата држава, етничката застапеност, политички фактори, економски и социјални фактори, културни и перцепривни фактори. Треба да се нагласи дека конфликт може да настане само во случај кога еден или повеќе од наведените фактори се јавуваат како предуслов за настанување на истиот.

За да се разгледа влијанието кое МЛО го има во внатрешните вооружени конфликти во продолжение ќе бидат разгледани достапните податоци од конфликтите во Косово 1999 година и во Македонија 2001 година, кои претставуваат примери за внатрешни вооружени конфликти.

### *3.1.1. Фактори кои влијаеле за настанување и разгорување на конфликтот на Косово*

Веќе е наведено дека на овие простори постои „култура на оружје" и дека населението располага со големо количество оружје како легално, така и нелегално. За постоењето на оружје на просторите на денешно Косово и на некои делови од Македонија говорат и податоците коишто ги објавува Југословенската полиција уште пред распадот на поранешната федерација.

Уште во 1989 година Федералната Југословенска полиција проценува дека само во Косово има околу 400.000 парчиња нелегално оружје. Се смета дека повеќето од ова оружја било во рацете на жителите Албанци, но имајќи ги предвид блиските семејни врски и сличната социјална структура меѓу Албанците во Косово и во Македонија, се верува дека бројот на оружје во планинските области во северна и во западна Македонија бил значително поголем.[97]

Ако се имаат предвид овие податоци прашањето коешто се поставува е: *Дали во случајот со Албанците од Косово и од Македонија, поседувањето на оружје може да се вброи само во „култура на оружје"?* или, *Дали подолг период се подготвувало населението за вооружено востание во областите каде што се населени во поголем број, а „културата на оружје" може да се бара само како оправдување?*

---

[97] Исмановски, С. (2008), *Конфликтот во Македонија 2001: Тероризам или борба за права*, Институт отворено општество Македонија, Скопје, стр.43

Иако нема прецизен податок кога е формирана, некои податоците говорат дека ОВК настанала во почетокот на 90-тите, но јавноста за прв пат ќе дознае за овие „борци за човекови права“[98] во 1996, кога ги прават првите координирани напади над Југословенските безбедносни служби. Тогаш, акциите се сведуваат на единечни напади на полициски станици или службени лица на полицијата, претежно во рурални и во потешко достапни области.

Веќе во 1997 година почнуваат да се преземаат поинтензивни акции и настаните и случувањата на Косово да стануваат позабележителни, за ситуацијата да ескалира во март 1998 година. Во ова време забележителни се терористички активности и спротивставување на бунтовниците против добро вооружените Безбедносни служби на Југославија.

По обидите за апсење на еден од основачите и водачи на ОВК, Адем Јашари, од Безбедносните служби на Југославија, мобилизацијата во редовите на ОВК значително зајакнува и се зголемува мотивацијата во редовите на паравојската.

Тогашните челници на Југославија го повикуваат Ибрахим Ругова, кој е на чело на Демократскиот сојуз на Косово и е водач на косовските Албанци, на преговори, на кои тој одбива да учествува. Од почетокот на 1998 до јуни 1999, косовските Албанци изведуваат повеќе од 2.800 терористички акции[99]. Безбедносните сили на Југославија преземаат мерки за спречување на овие активности, но од локалното население и меѓународната заедница ова го карактерисуваат како терор над Албанското население. Се случуваат неколку масакри и инциденти по кои меѓународната заедница предводена од НАТО алијансата решила да интервенира.

Во 78 дневното бомбардирање против Србија користени се најмодерни воздухоплови. Војната завршува со Резолуција 1244, по која Југославија привремено го предава суверенитетот на Косово. На 17 февруари 2008 година Косово ја прогласува својата независност, иако Србија до денес не го признава отцепувањето од нејзината територија.

Фактори кои имаат свое влијание во настанување на конфликтот на Косово се: етничката застапеност, слаба држава, политички фактори, социјални, економски фактори итн. Размислувањата на дел од аналитичарите се дека еден од факторите за настанување на конфликтот на Косово, а подоцна и на конфликтот во Македонија, е нескриената желба на мнозинството албанско население за отцепување на овие

---

[98] Термин со кој самите се именуваат

[99] *Рат за Космет*, (2007), видео, Golg Inter Music, Автор: Мирослав Лазански

територии и припојување кон Албанија, односно формирање на голема Албанска држава.

По распадот на поранешна Југославија, на почетокот на деведесеттите години од минатиот век, територијата на Косово останува во состав на новоформираната држава Србија. Претежно е населена со етничко Албанско население кое живее во етнички локални енклави, скоро изолирано, далеку од урбаниот центар на државата. Предводени од идејата за формирање на сопствена држава, во рамките на покраината, а под превезот на борба за човекови права, ОВК регрутира некаде околу 20.000 борци кои учествуваат во конфликтот. Во периодот пред започнување на конфликтот, Србија целото свое внимание го насочува кон веќе отворените фронтови во Хрватска и Босна и Херцеговина, учествувајќи во тамошните конфликти. Заради тоа има многу слаба контрола на сопствената територија и на границата со Албанија. Албанците кои живеат на Косово ја искористуваат дефокусираноста на војската и успеваат за многу краток периодот преку границите да внесат големо количество на оружје и да се организираат за вооружен бунт.

Косово е далеку најслабо развиен дел од распаднатата држава, со многу мала индустрија, поради што зависело од средствата за „слабо развиени подрачја“, обезбедени од поразвиените Југословенски републики. Со дезинтеграцијата на Југославија во 1991 година, косовските Албанци практично биле препуштени сами на себе. Целата финансиска помош од страна била укината. Косовската индустрија, неправилно раководена со децении до 1991 година комплетно била лишена од инвестиции, и била речиси во потполн застој. Земјоделието како егзистенција, помошта од членовите на најголемата и најдобро организирана дијаспора која живее и работи во Западна Европа, и сивата економија, биле единствените извори на приходи за косовските Албанци.[100]

Сепак, и покрај сите наведени фактори кои се услов за избувнување на конфликтот, Албанците од Косово се решаваат својата борба да ја водат како борба за човекови права. Тие сметаат дека политиката која Србија ја води спрема Косово, е дискриминирачка и угнетувачка. Се жалат на недоволна застапеност во институциите на системот, немање право на образование на мајчин јазик и немање можност за исполнување на основните потреби.

[100] Hajdinjak, M. (2002), "*The Yugoslav Wars and the Development of Regional Criminal Networks in the Balkans: Smuggling in Southeast Europe*", Center for the Study of Democracy, Sofia

### *3.1.2. Влијанието на малото и лесно оружје врз конфликтот на Косово*

Оружјето кое го користело населението од Косово во почетокот на конфликтот, е оружје за лична употреба, кое го имале благодарение на „Културата на оружје" што се негува на овие простори. Како и да е, количеството на ова оружје е незначително и најверојатно немало да биде доволно за спротивставување на добро вооружените безбедносни структури на СРЈ. Хронолошки гледано, овој конфликт добива сосема друга насока и поголем интензитет по политичките случувања во соседна Албанија, во пролетта 1997 година кога насилно е урната владата на Сали Бериша. Имено, за време на тие немири од демонстрантите се извршени напади на касарни и е украдено поголемо количество оружје. Се претпоставува дека големо количество токму од ова оружје преку границата е префрлено токму на територијата на Косово и е искористено за вооружување на дотогаш слабо вооружената ОВК. После овој настан забележан е зголемен број на терористички активности.

Според CPDES (2005), Поранешниот албански министерот за одбрана, Перикли Тета, оценува дека во септември 1997 година во Албанија биле оштетени околу 1.200 воените складишта од кои беа украдени околу 652.000 парчиња оружје од различен калибар, меѓу кои 1,5 милијарди парчиња муниција, 3,5 милиони рачни гранати, 3.600 тони експлозивни направи и милион мини ограбени од магацините. Притоа 50.000 парчиња на МЛО некако остануваат во рацете на Воените сили на Албанија по немирите во 1997, а на огромната бројка од 600.000 парчиња на МЛО им „се губи трагата". Сосема е јасно дека во периодот од 1997 – 1999 година кога реално албанските власти не се во можност да ги контролираат границите на државата претставува погоден момент за шверц на оружје. Во тоа време во Тирана има луѓе кои собираат оружје и го праќаат на Косово.[101]

За пренесувањето на оружјето од територијата на Албанија на територијата на Косово говорат и борците на ОВК коишто директно учествувале во таквите акции.

Според Khakee and Florquin (2003) поранешен припадник на ОВК ќе изјави:

> „Одевме таму во различни групи, понекогаш тоа беа големи групи од 50-300 луѓе, а понекогаш одевме во помали од 5 до 20 луѓе ... Во селата во Северна Албанија ... ќе го земевме оружјето (обично АК-47, рачни фрлачи на гранати, помало количество мини) и муницијата во нашите ранци, а

[101] CPDES, (2005), *Turning the page: Small arms and light weapons in Albania*, стр.7

понекогаш ги товаревме на коњи и на магариња... И пак се враќавме по истиот пат, ризичен и тежок.“[102]

Впрочем, овој период претставува клучен за обезбедувањето на оружјето за борците на ОВК. Во услови кога веќе оружјето постоело и било надвор од секаква контрола, се ангажирале сите ресурси за негово распоредување на критичните места. Иако Албанија бил основниот извор, сепак постоеле и други канали.

Мора да се спомене дека Албанија не претставувала единствениот извор за оружје. Според CPDES (2005) во тоа време ОВК се снабдувала со оружје од повеќе страни како што се Бугарија, Романија, Унгарија, Чешка, Хрватска, но сепак се верува дека над 50% од оружјето користено во Косово е оружје што е украдено во Албанија.[103]

Во медиумите и литературата можат да се најдат повеќе податоци за тоа колкава е бројката на одлеаното оружје од Албанија, меѓутоа никој со сигурност не може да даде прецизни информации и бројки. Тоа, пред сè, се должи на големото одлевање на оружјето, нефункционирањето на институциите и немањето контрола над територијата и границите.

Се проценува дека арсеналот на оружје во ОВК на крајот на војната, во јуни 1999 година изнесува најмалку 32.000 парчиња МЛО.[104]

Друг податок пак покажува дека станува збор за многу поголемото количество оружје на територијата на Косово.

Според Khakee и Florin (2003) се претпоставува дека во Косово во мај 2003 постоеле околу 330.000- 460.000 мало оружје кое го поседуваат цивили. Најголемиот дел од ова оружје биле пиштоли и пушки. Видовите на оружје кои се пријавени од полицијата на УНМИК, како и од фокус групи и анкети, вклучуваат пиштоли Застава и ТТ, како и автоматските пушки калашников и застава. Во помала мера вклучуваат, ракетни лансери, полуавтоматски пушки, снајперски пушки, и гранати. [105]

---

[102] Khakee, A. and Florquin, N. (2003), *Kosovo and the Gun*: Baseline Assessment of Small Arms and Light Weapons in Kosovo, :Special Report, стр 13

[103] CPDES, (2005), *Turning the page: Small arms and light weapons in Albania*, стр.40

[104] Khakee, A. and Florquin, N. (2003), *Kosovo and the Gun*: Baseline Assessment of Small Arms and Light Weapons in Kosovo, :Special Report, стр 13

[105] Ibid., стр 1

### *3.1.3. Фактори за настанување на конфликтот во Република Македонија*

По распадот на Југославија, Република Македонија претставува единствена држава од поранешната федерација којашто својата самостојност ја стекна без вооружен конфликт на нејзина територија. Уште долги години потоа, Република Македонија се обидува да го зачува епитетот *„оаза на мирот"* и покрај својата мултиетничка конструкција.

После превирањата на Косово и конфликтот којшто се случува во 1999 година како да се чувствува дека на ова, до тогаш мирно поднебје, може да се случи војна која ќе остави траен белег во поновата историја. Едноставно, постојат неколку фактори кои што може да влијаат на иницирање на првата написла.

Република Македонија претставува мултиетничка држава, во која покрај мнозинството Македонци, е населена и со етничко Албанско население. Тоа сочинува околу ¼ од вкупниот број, населено претежно во северниот, северозападниот и западниот дел, односно во регионите кои граничат со Косово и со Република Албанија. Следствено на тоа етничката застапеност се јавува како еден од факторите кои влијаат врз појавата на конфликт.

Слично како во случајот со Косово, неправедната застапеност во институциите на системот, дискриминаторската политика, и немањето можност за соодветна употреба на албанскиот јазик ги истакнуваат како главни причини за почеток на оружено востание. Иако и во Република Македонија како и во случајот со Косово, кај поголемиот дел од Албанското население, забележителна е желбата за остварување на сонот за „Голема Албанија"

За внатрешниот конфликт во Македонија се посочуваат одредени чекори како подгревање на недовербата кај етничките малцинства, на кои се надоврзува кризата во Косово, порозноста на границите, шверцот со оружје, фактори кои придонеле повремените вооружени погранични инциденти да ги разгорат тензиите и сл.[106]

Овие фактори потпомогнати од големото количество оружје присутно на овие простри, особено по завршување на конфликтот на Косово доведоа до преземање на вооружени дејствија од паравоени формации, против безбедносните сили на Република Македонија, пролетта 2001 година.

[106] Богевска, М. К. (2011), *Од етничка разновидност до етничка еднаквост: Улогата на Охридскиот рамковен договор во интеграцијата на етничките заедници*, Скопје, стр. 41

Фронтот на воените дејствија започнува во Тетово, од каде што се пренесува до Куманово, а оттаму и во близина на Скопје. Во меѓувреме континуирано се случуваат напади од заседи врз македонските безбедносни сили.

Кризата во Македонија сериозно ја најавува инцидентот од 21 јануари 2001 година, кога е извршен напад од ОНА врз полициска станица во Теарце, каде што еден полицаец загинува, а тројца други се повредени. После тоа ОНА најавува таканаречена кампања за ослободување на етничката албанска територија со цел да се бори за еднакви права на албанското малцинство коешто живее на територијата на Република Македонија. Иако во почетокот изгледа дека ОНА не добива голема поддршка од албанската етничка заедница, со проширувањето на воените дејствија на поголема територија, редовите на паравоената формација секојдневно се зголемуваат.[107]

Во јуни 2001 година, тогашниот претседател Борис Трајковски јавно упатува апел до НАТО да помогне за ставање крај на конфликтот. Со потпишувањето на Охридскиот рамковен на 13 август 2001 и демобилизација на ОНА по завршувањето на операцијата на НАТО „Неопходна жетва" треба да се стави крај на кризата.[108]

### *3.1.4. Влијанието на малото и лесно оружје врз конфликтот во Република Македонија*

Според CPDES (2005) по завршувањето на конфликтот во Косово, групите на етничките Албанци со седиште во Република Македонија, како што е Ослободителната народна армија (ОНА) и Албанската национална армија (АНА), стануваат приматели на дел од оружјето, кое било шверцувано од Албанија за снабдување на бунтовниците во Косово во претходните години.[109]

Истото го потврдуваат и тврдењата на највисоки државни функционери во Министерството за внатрешни работи во тоа време коишто велат дека: оружјето што е прошверцувано во Македонија главно потекнува од Албанија и од Косово. За да се доведе ова нелегално оружје во Македонија, криумчарите одбираат еден од четирите помалку познати канали од овие соседни земји. Постојат три канали на шверцување од Косово и еден од Албанија. Од Косово, пратката на илегалното тргувано оружје започнува во Прешево, Витина или Глобочица и завршува во различни помали села

---

[107] Rusi, I.(2002) *From Army to Party: The Politics of the NLA, in Ohrid and Beyond: A Cross-ethnic Investigation into the Macedonian Crisis*, IWPR: London, pp. 19–34.
[108] Grillot, R.S., Paes, W.C., Risser, H. and Stoneman, O.S. (2004), *A Fragile Peace: Guns and Security in Post-conflict Macedonia*, UNDP and the Small Arms Survey, p. 5
[109] CPDES, (2005), *Turning the page: Small arms and light weapons in Albania*, стр.7

околу Македонија, вклучувајќи го Лојане, Злокуќани, Танушевци, Радуша, Брест и Јажинце. Речиси сите од овие канали поминуваат низ официјални гранични контролни точки или планински илегални погранични премини. Потеклото на поголемиот дел од оружјето што циркулира внатре и надвор од Косово според извештаите е со кинеско, бугарско и југословенско потекло. [110]

Друга област каде што постои ослабена погранична контрола е „зелената граница" со Косово. Од Косовскиот конфликт во 1999, чуварите на границата коишто работат под надлежност на Министерството за одбрана на Република Македонија, забележале голем број нелегални преминувања и откриле контрабанди. Исто така, неколку инциденти на нелегална трговија со наркотици и оружје биле регистрирани. [111]

Истото го потврдува и тврдењето на Симиќ (2000) велејќи дека за време на конфликтот во 2001 во Македонија, многу оружје било шверцувано преку границата со Косово за потребите на ОНА во борбата против Македонските безбедносни сили и покрај присуството на трупите на КФОР на границата.[112]

Според CPDES (2005) се проценува дека во 2001 година ОНА во Македонија располагала со помеѓу 10.570 и 14.050 парчиња на МЛО[113].

Големото количество оружје кое го поседувале овие групации го потврдува и Али Ахмети, еден од командантите на ОНА во едно негово интервју:

> „Се знае дека ОНА имаше најразновиден арсенал на оружје, насобран од различни извори, вклучувајќи ги и најсовремените 9М32-стрела-2М, проектили земја-воздух, 120 мм и 82 мм минофрлачи, противтенковски мини, 12,7 мм митралези, калашникови и други видови моќни снајпери и пушки од типот АК-47, АКМ, АК-74, М76/77, М59/66 и М-48 „Ние бевме една навистина добро организирана и опремена армија."[114]

Од наведеното може да се заклучи дека трансферирањето на оружјето од Косово и Албанија всушност влијае во одреден степен за појава на конфликтот во Македонија. Не смее да се заборави социјалниот фактор, односно „културата на оружје" што етничките Албанци ја негуваат, но исто така мора да се потенцира дека тоа количество

[110] Милошевска, Т. (2009), *Незаконската трговија со оружје и муниција како потенцијален безбедносен проблем*, Годишен зборник бр.62 на Филозофски Факултет, Скопје
[111] Ibid.
[112] Милошевска, Т. (2009), *Незаконската трговија со оружје и муниција како потенцијален безбедносен проблем*, Годишен зборник бр.62 на Филозофски Факултет, Скопје
[113] CPDES, (2005), *Turning the page: Small arms and light weapons in Albania*, стр. 41
[114] Исмановски, С. (2008), *Конфликтот во Македонија 2001: Тероризам или борба за права*, Институт отворено општество Македонија, Скопје, стр.63

на оружје, а посебно на муниција, немало да биде доволно за конфликт со толкав интензитет и времетраење.

Иако официјалните бројки за количеството на оружје кое го поседувале вооружените групи во конфликтот во Македонија не се познати, некаква слика може да се добие од бројот на собрано оружје во акциите за разоружување на населението, преземени по завршување на истиот.

Имено, помогнати од мисијата на НАТО, безбедносните сили на Република Македонија организираат две акции за разоружување на населението: „Неопходна жетва" и „Килибарна лисица", во кои се собрани повеќе од 11.000 парчиња оружје и 500.000 парчиња муниција. Ниту една од овие акции не е окарактеризирана како сосема успешна бидејќи количината на собраното оружје е помала од претходно проценетата бројка.[115]

И по завршувањето на конфликтот во Македонија во есента 2001 година, во земјата продолжува да бидат присутни тензиите меѓу етничките Албанци и Македонци. Се верува дека голем број на нелегалното оружје кое беше присутно во конфликтот остана во рамките на државните граници. Се претпоставува дека многу од тоа оружје произлегува од конфликтот во 2001 година, но и од војувањата во блиските за овој регион конфликти како што се Босна и Херцеговина и Косово. „Културата на оружјето" се смета и како една од главните пречки за опоравување во постконфликтните периоди.

Од овие примери може да се заклучи дека МЛО директно влијае на појавата на внатрешни вооружени конфликти. Случаите на грабежите на магацините, нелегалните набавки и чување на МЛО во регионот, „културата на оружје" итн., придонесоа за акумулирање големо количество на оружје од страна на Албанските националисти коешто го искористија за отпочнување на конфликти на Косово и во Македонија.

Слабите гранични контроли, шверцот со оружје и другата нелегалната трговија придонесоа до зголемување на количеството на МЛО во регионите каде што веќе конфликтите беа распламтени и тоа исто оружје придонесе за зголемувањето на интензитетот на конфликтот и на зголемување на последиците од него. Слободно можеме да кажеме дека големото количество на оружје коешто беше во оптек, влијаеше и на пролонгирањето на тие конфликти и го одолговлекуваше нивното завршување.

Последиците од оружјето собрано пред почнувањето на конфликтот и за време на конфликтот, исто така, влијаат врз безбедноста и по евентуалниот завршеток на

[115] АНАЛИТИКА (2011), *Македонија: Извештај за анализа на состојбата за анализа на состојбата на реформите во безбедносниот сектор 1991 – 2008 година*, Скопје

конфликтот. Искуствата покажуваат дека и по завршувањето на конфликтите, на терен во оптек останува да циркулира големо количество МЛО, коешто е многу тешко да се контролира или собира. Истото тоа оружје може да влијае врз безбедноста на населението, да претставува голема опасност за Националната безбедност, но и постои можност да доведе до повторна ескалација на конфликтот.

## 3.2. Влијанието на нелегалната трговија со оружје врз конфликтите

Влијанието што оружјето го има за време на конфликтите може да се утврди преку разгледување на примерите за шверц на оружје во земјите од Западен Балкан. Тука е опфатен периодот по распадот на Југославија, кога е веќе започната војната за осамостојување на републиките. Притоа, на едната страна се властите на републиките кои бараат независност, додека на другата страна е Југословенската народна армија (ЈНА) во обид да спречи какво било отцепување.

Развивањето на каналите за шверц во Хрватска, Босна и Херцеговина и Косово е постигнато во специфични околности, коишто не постојат во другите поранешни Југословенски републики, а уште помалку во другите земји во транзиција. Војната во која војските на Хрватите, босанските муслимани и косовските Албанци се борат против супериорните воени и подобро вооружени сили се должи токму на шверцот со оружје. Односно опстанокот на овие народи се препишува токму на шверцот со оружје.[116]

### *3.2.1. Случајот со Република Хрватска*

За време на конфликтот во Хрватска, постојат два главни канали за шверц на оружје. Најголемиот дел од пешадиско оружје коешто било прошверцувано во Хрватска е со потекло од Советскиот Сојуз, а е увезено од Унгарија, Романија, и други поранешни земји од источниот блок. Најголемиот дел од ова оружје во Хрватска влегло преку Словенија и особено преку Унгарија. Овие канали биле развиени и контролирани од многубројни поранешни припадници на ЈНА и на Југословенските тајни служби, коишто потекнувале од Хрватска и коишто за време на конфликтот, решиле да

---

[116] Hajdinjak, M. (2002), "*The Yugoslav Wars and the Development of Regional Criminal Networks in the Balkans: Smuggling in Southeast Europe*", Center for the Study of Democracy, Sofia

преминат од страната на Хрватска во моментите кога почнал процесот на прогласување на независност.[117]

Во документарниот филм со наслов „Смртта на Југославија", Мартин Шпегељ поранешен министер во владата на Република Хрватска ја потврдува нелегалната трговија со оружје на почетокот на конфликтот, изјавувајќи: „Два камиона со оружје ја поминаа границата (со Унгарија) кај Чаковац и истото многу брзо е распоредено по полициските станици на целата територија на Република Хрватска."[118] Таквиот начин на шверц на оружје продолжува и во понатамошниот тек на конфликтот.

Друг важен канал за нелегалната трговија со оружје бил увозот од Јужна Америка. Главна улога тука одиграла бројната Хрватска дијаспора, којашто била најголема и најдобро организирана од сите Југословенски нации. Хрватските емигранти придонеле за обезбедување на најголемиот дел од средствата за набавка на оружје и во многу случаи биле одговорни за добро организираната набавка и испорака на оружје, посебно од Аргентина, каде што хрватската заедница е најбројна.

Кога била формирана Хрватската безбедносна информативна агенција- тајна служба на хрватското Министерство за одбрана во април 1991 година, нејзините агенти ги преземале операциите за шверц на оружје и ги контролирале за време на војната. Не е возможно да се процени целосното количество и вредност на оружјето прошверцувано во Хрватска додека земјата била предмет на меѓународното ембарго со оружје. За периодот од 1991 и 1992 година нема достапни точни податоци, но се претпоставува дека тогаш поголемиот дел од оружјето било прошверцувано во Хрватска. Само во периодот од 1993 – 1995 година во Храватска има внесено оружје во вредност од 308 милиони долари.[119]

Официјалните истражувања во Аргентина покажуваат дека тогашниот претседател Карлос Менем бил инволвиран во продажбата на оружје за Хрватска. На крајот од 1991 година (кога на сила била Резолуцијата 713, од 25 септември 1991 на Советот на Безбедност на ОН, со која е наметнато ембарго за оружје на републиките од поранешна Југославија), Менем потпишал два тајни претседателски декрети, авторизирајќи продажба на 6.500 тони на оружје за Панама. Тоа оружје било транспортирано во Хрватска со бродови на државната Хрватска компанија Croatia Line. Во 1992 година друг таен претседателски декрет бил потпишан од државната

---

[117] Ibid.

[118] *The Death of Yugoslavia* (1996), Video, Brian Lapping Associates, BBC, Directed by Paul Mitchell.

[119] Ibid.

аргентинска компанија Fabricaciones Militares за продажба на оружје на Боливија во вредност од 51 милиони долари. Оваа испорака, којашто вклучувала 8.000 автоматски пушки, 18 парчиња на 155мм топови, 2.000 автоматски пиштоли, 211.000 рачни гранати, 3.000 памперо ракети, 30.000 монтирни гранатни фрлачи, 3.000 мини, 60 минофрлачи, и неколку милиони парчиња муниција, исто така, била испорачана во Хрватска.[120]

### *3.2.2. Случајот со Босна и Херцеговина*

Начинот на развивање на шверцерските канали во Босна и Херцеговина е правен според истата шема како и во Хрватска. Зголемувањето на несигурноста и небезбедноста и изгледите за распад на Југославија направиле подлога за профитабилната трговија со оружје. На почетокот на војната во Босна и Херцеговина, босанските муслимани биле далеку најслабо вооружена страна во конфликтот и биле очајно зависни од нелегалниот увоз на оружје. Важна улога за шверцот на оружјето во Босна и Херцеговина одиграла Third World Relief Agency (TWRA) која била формирана во 1987 година во Виена, како хуманитарна агенција за муслимани. Во 1992 година агенцијата отвора канцеларија во Сараево и почнува да соработува со босанската влада. Помеѓу 1992 и 1995 година околу 350 милиони долари биле уплатени на сметката од оваа агенција, донирани од Саудиска Арабија, Иран, Судан, Турција, Брунеи, Малезија и Пакистан. [121]

Поголемото од оружјето испорачано преку TWRA било од советско производство и купено во најразлични земји во Источна Европа. Најпрво, било испорачувано на аеродромот во Марибор во Словенија, и оттаму било транспортирано по копнен пат преку Хрватска. Во август и септември 1992 година, над 120 тони оружје пристигнале во Марибор. На крајот на септември, тој канал бил затворен, но бил заменет со поризичната испорака со хеликоптер директно до запоседнатата од муслимани Тузла и до аеродромот во Зеница во Босна и Херцеговина. Во 1993 година германската полиција уапсила 30 босански муслимани и турски дилери на оружје. Босанците преговарале за испорака на лесно оружје во вредност од 15 милиони долари. Истрагата покажала дека токму TWRA била вклучена како финансиски брокер на договорот. TWRA почнала да ги откажува своите активности во Босна во 1994 година, нешто што било забележано според приливот на пари на сметката во Die Erste Osterreich Bank. Во

---

[120] Ibid.
[121] Ibid.

1993 година биле уплатени 231 милиони долари, додека во 1994 и 1995 година, износот бил само 39 милиони долари. Според проценките, базирани на австриските истраги, над половина од донираните 350 милиони долари биле користени за набавка на оружје за босанските муслимани. По повлекувањето на TWRA, најважните снабдувања на оружје во Босна и Херцеговина ги презема Иран. Истрагата покажала дека вредноста на оружјето прошверцувано во Босна, во 1994 и во 1995 година достигнало помеѓу 500 и 800 милиони долари. Босанската влада, исто така, купувала оружје и од европски снабдувачи. [122]

### *3.2.3. Случајот со Косово*

Со дезинтеграцијата на Југославија во 1991 година, косовските Албанци практично биле препуштени сами на себе. Помошта од членовите на најголемата и најдобро организирана дијаспора која живее и работи во Западна Европа и дел во САД, и сивата економија, биле единствените извори на приходи за косовските Албанци.

Албанци од Косово се поврзувани со трговијата на дрога во Европа со декади. Нивното инволвираност посебно се однесува на пазарите со хероин во Германија, Австрија и Швајцарија. Испраќањето пари од косовските Албанци коишто работат во странство и парите од дрогата претставуваат основен извор за средствата за вооружување на новоформираната Ослободителна војска на Косово.

The Observatoire Geopolitique des Drogues, Парискиот институт, во 1994 година забележува дека испораката на хероин од Косово била користена за финансирање на големи набавки на оружје и дека Американските приоритети на Балканот „затвораle очи пред трговијата со дрога со која се финансира вооружувањето на ОВК" [123]

Поради кризата во Албанија во 1997 година значително се зголемува трговијата на „хероин за оружје". Многубројни армиски магацини во Албанија биле ограбени. Според извештаите, над 200.000 парчиња на автоматски пушки АК-47, 350.000 парчиња на полуавтоматски М44, 40.000 парчиња на автоматски пиштоли, 2.500 парчиња на гранатни лансери, 700 парчиња на минофрлачи, околу 1,5 милиони парчиња на муниција, десетици илјади рачни гранати и стотици илјади мини биле украдени. Помалку од 25% од ова оружје било собрано и вратено назад. Најголемиот дел било продадено на ОВК. Според некои извештаи, на пазарот за оружје во Трипоје, Албански град на километар оддалеченост од косовската граница, во јуни 1998 година

---

[122] Ibid.
[123] Ibid.

калашников можело да се купи за ситна сума од околу 150 германски марки. Со време, градот се наполнил со борци на ОВК, чии кампови за обука биле во близина и кои можеле да дојдат во градот за да купат оружје за новите доброволни борци коишто се приклучувале на ОВК.[124]

***Компарација и согледувања***

Од изнесеното може да се заклучи дека набавката на оружје за време на секој од конфликтите поодделно одигрува важна улога во неговиот тек и интензивирање. Од примерите за шверц со оружје во Хрватска, Босна и Херцеговина и на Косово се гледа дека и во трите случаи постојат неколку заеднички работи:

- Прва и можеби најзначајна сличност е начинот на обезбедување средствата за набавка на оружјето. Се смета дека има неколку причини поради коишто се пристапува кон финансирање на вооружените групи и набавка на оружје. Пред сè овде предничат етничките или верските побуди (помошта на муслиманите во војната во БиХ, па и во Косово), националните побуди (помошта од хрватската дијаспора, од косовската дијаспора), итн.;
- Втора важна карактеристика е воспоставувањето канали за шверц на оружје. Тука важна улога има помошта од други држави или влади, како што е Аргентина во случајот со Хрватска;
- Трето, изнаоѓањето начини за испорака на оружјето во конфликтните региони. Тука важна улога имаат воените лица, поранешни припадници на ЈНА, кои во конфликтот преминуваат од страната на бунтовничките групи;
- Последната, четврта сличност е фактот дека во сите случаи станува збор исклучиво за шверц со мало и лесно оружје.

Во наведените три случаи, набавката на оружје значително влијае врз текот на настаните и нивно пренасочување во друг правец. Со помош на големото количество на мало и лесно оружје кое пристигнува во конфликтните региони, бунтовничките групи успеваат значително да го интензивираат отпорот и да зајакнат. Иако не располагале со големо и тешко вооружување, побунетите групи успеваат да ѝ зададат значителен отпор на ЈНА, која во тоа време е вооружена со тешко вооружување, вклучувајќи тешка артилерија, тенкови итн.

За ефикасноста на МЛО во овие конфликти говори и фактот дека и Хрватска, Босна и Херцеговина и Косово денес претставуваат независни држави. Иако вооружени

---

[124] Ibid.

само со МЛО, сепак војските на побунетите страни успеваат да дадат жилав отпор на далеку поспремените и повооружени единици на ЈНА.

### 3.3. Безбедносните импликации врз државите и населението

Последиците од внатрешните вооружени конфликти, а со тоа и од употребата на мало и лесно оружје, можат да се класифицираат во неколку групи, како што се: безбедносни, социјални, економски, еколошки итн.

Безбеднсоните импликации од вооружените конфликти може да се поделат на:

- Импликации кои настануваат за време на конфликтот;
- Влијание врз безбедноста во постконфликтниот период.

Несомнено најголемите импликации кои настануваат за време на конфликт се однесуваат на човечките жртви, насилствата и уништувањето на имотот. Иако несразмерно со природата на конфликтот, најголеми жртви најчесто се жените и децата. Жените многу често се злоставувани и сексуално малтретирани, додека децата се експлоатирани па дури и регрутирани како дел од бунтовничките групи. Меѓутоа, една од позначајните безбедносни импликации е и појавата на расселување на населението, односно појавата на бегалци, како внатре во областа, така и надвор од неа. Следствено на кажаното како бегалци од конфликтните области, најчесто се повторно се јавуваат жените и децата.

Цивилите разумно бегаат од воената зона, посебно, етничките граѓански војни создаваат голем број бегалци, бидејќи таквите војни често се водат за тоа која група ќе ја контролира спорната област, па етничките чистења се често употребувано оружје, односно користен метод на заплашување на населението и реализација на „мрачни" цели. Кога жртвите остануваат во својата држава (како на пример случајот со 1,8 милиони бездомни Босанци) технички тие се „внатрешно раселени лица", а не бегалци, а нивниот меѓународен ефект е ограничен. Но, ако ја преминат меѓународната граница, бегалците може да се сметаат за закана за меѓународната безбедност на многу начини.[125]

Треба да се спомене и примерот со бегалската криза од Косово во 1999 година, кога стотици илјади албански бегалци ја преминуваат албанската и македонската граница. Со тоа се предизвикува дестабилизација во одредени сегменти и тензична

[125] Кауфман С. Ј. *Етнички конфликти*, во Вилијамс, Д. П. (2012) *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје, стр.200-213

етничка рамнотежа меѓу етничките Македонци и македонските Албанци. Бројот на раселени лица, коишто биле примени од страна на Македонија се проценува на 350.000.[126]

Безбесносни импликации од внатрешните конфликти исто така може да има и на воено ниво. Територијата на соседна држава може да се користи за пренесување на оружје и опрема за бунтовничките групи, како и за изведување на терористички акции. Не се ретки случаите кога вооружените сили на земјата сосед се вклучуваат во внатрешните конфликти. Но, земјите соседи не секогаш претставуваат невини жртви во превирањата во регионот. Во неколку случаи, соседните земји се одговорни за појава на внатрешен конфликт. Во многу случаи мешањето во веќе постоечките конфликти, уште повеќе ја влошуваат ситуацијата. Затоа внатрешните конфликти во многу случаи се важен предуслов за регионална стабилност.

По завршувањето на конфликтите состојбата во областа зафатена од конфликт воопшто не е едноставна, односно целосниот мир не настанува веднаш по завршување на конфликтот. На пример, во Северна Ирска до постигнување на мир беа потребни да се изодат 15 години.

Безбедносните импликации коишто се јавуваат по завршување на конфликтите се огледаат пред сѐ во можноста на територијата зафатена од конфликтот да не може да се воспостави целосна контрола, населението да не се чувствува безбедно долг период по завршување на конфликтот, па дури да влијае на безбедноста и на поширокиот регион или опкружување.

Друга безбедносна импликација може да претставува „остаток" на неформални организирани групи, не ретко и поединци, на кои им е доделено оружје за да учествуваат во конфликтот. Дури и по неговото завршување истите тешко се разоружуваат и контролираат. Поради тој факт, во постконфликтните региони забележлив е пораст на криминални дејствија, убиства, самоубиства итн.

Споредувајќи ги податоците од 2000 година, како предконфликтна и 2002 како постконфликтна во Република Македонија, се забележува зголемување на бројот на инциденти коишто се случиле како резултат на употреба на оружје. Во 2000 година тој број изнесувал 121 додека во 2002 година изнесувал 127. Зголемен број на инциденти е забележан во втората половина на 2000 година што ја отсликува ескалацијата на

---

[126] Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија (2004), Скопје. Достапно на http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Nacionalna_strategija%2006.09.04.PDF [пристапено на 21.10.2013]

тензиите. Исто така инцидентите настанати како резултат на употреба на оружје забележани во западниот дел на Македонија (зафатен со конфликтот) се зголемуваат од 40% во 2000 на 52% во 2002 година. Во исто време со зголемување на бројот на инциденти, за 16% зголемени се и смртните случаи причинети од огнено оружје. Исто така, значајно е да се спомене дека во истиот период, само 17% од оружјето кое е користено во овие инциденти, било регистрирано, односно лиценцирано оружје, додека за 77 проценти од оружјето нема податоци за неговото потекло.[127]

[127] Grillot, R.S., Paes, W.C., Risser, H. and Stoneman, O.S. (2004), *A Fragile Peace: Guns and Security in Post-conflict Macedonia*, UNDP and the Small Arms Survey, p. 44

# ГЛАВА 4 - МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА НА МАЛОТО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ

## 4.1. Мерки и активности за контрола на мало и лесно оружје

Изразот „контрола на МЛО“ се однесува на „оние активности кои заеднички целат кон намалување на социјалното, економското и еколошкото влијание од неконтролираната пролиферација и поседување на МЛО“. Во таа насока, за да се изврши влијание врз целната заедница, оперативните цели треба да бидат креирани како дел од програмското планирање.[128]

*Контролата* во овој контекст означува еден вид на осигурување дека оружјето и муницијата се чуваат и употребуваат за дозволени цели, од поединци или групи, за кои надлежните органи предвидуваат дека нема да ги злоупотребат. Меѓутоа и покрај напорите да се контролира МЛО авторитетите се соочуваат со серија проблеми. Една од нив е долговечноста на малокалибарско оружје. Притоа, доколку тоа се чува внимателно, може да поминат и неколку децении пред тоа оружје да стане неупотребливо, но со репарирање на некои негови составни делови може да трае дури и подолго. Друга тешкотија претставуваат малите димензии на ова оружје, поради што е олеснето криењето, а зголемено криумчарењето.

Малото оружје често може да се случи да помине низ многу раце во текот на еден негов употребен рок, што дополнително ги комплицира напорите за контрола. Неговиот циклус започнува со производство и кога ќе се најде во нечии раце, не мора да значи дека ќе заврши таму. Крајниот корисник може да биде некој сосема друг, може и на различни делови од планетата.

Начините и активностите за контрола на оружјето можат да се поделат главно во три групи:

- Правна рамка;
- Активности кои се спроведуваат во пракса; и
- Активности насочени кон подигнување на јавната свест.

Во првата група влегува донесувањето на меѓународното и националното законодавство (закони и подзаконски акти), усвојување и ратификување на меѓународни протоколи и конвенции, усвојување на стратешки документи, формирање и функционирање на државни тела и органи итн. Овие активности зависат исклучиво од политичката желба и подготвеноста на националните влади за решавање на проблемот со оружјето.

---

[128] SEESAC, (2010), *МЛО во Југоисточна Европа*, Парламентарен прирачник , Белград

Во активности кои се спроведуваат во пракса, а кои имаат за цел да придонесат за намалување на бројат на МЛО и спречување на неговата пролиферација, се вбројуваат: контрола на производството, регистрирање и обележување на легалното оружје, следење на оружјето, безбедно управување со залихите на МЛО, прекинување на трансферот и на илегалната трговија со оружје на црниот пазар, собирање и уништување на нелегалното оружје од заедниците итн.

Активностите насочени кон подигнување на јавната свест, пред сè, се насочени кон пошироката јавност и вклучуваат градење на заедничка јавна свест за проблемот и поттикнување на заедничка солидарност. Овој вид на активности може да бидат поттикнати и спроведувани како од националните и локалните власти, така и од разни домашни и меѓународни невладини и граѓански организации и групи.

Во регулативите на Small Arms Survey (2013), во најважните акции кои се преземаат во рамки на мерките за контрола на МЛО вброени се следните: контрола на производството, регулирањето на поседувањето на МЛО од цивилите, безбедно управување со залихите на МЛО, контрола на меѓународните трансфери, контрола над брокерите, собирање на оружјето и уништување, маркирање, регистрирање и следење на МЛО.[129]

Контролата на распространувањето на МЛО е круцијално поради лесната достапност и можноста од злоупотреба на оружјето. Како и да е, тоа не е лесна задача. МЛО легитимно го поседуваат многу воени и цивилни корисници, а неговото производство е многу проширено-речиси 1.250 компании функционираат во најмалку 92 држави во кои се произведува оружје, делови за оружје или муниција.

Силна национална, регионална и меѓународна контрола е важна за да се спречи оружјето кое е произведено за легални цели да заврши како сопственост на некои криминални групи или недржавни вооружени групи.[130]

## 4.2. Правна рамка и инструменти за контрола на мало и лесно оружје

Поради големото влијание коешто МЛО го има врз безбедноста на државите, но и во Светот воопшто, во почетокот на деведесеттите години од минатиот век меѓународната заедница се фокусира на решавање на проблемите со МЛО, како еден од

[129] Small Arms Survey, (2013), *Control Measures*, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/regulations-and-controls/control-measures.html, [пристапено на 04.11.2013]
[130] SAFERWORLD (2012), *Small arms and light weapons control*: A training manual, стр. 22

своите главни приоритети. Импликациите кои ги има малото и лесно оружје врз безбедноста се поттик за засилени меѓународни и национални активности за воспоставување правна и институционална рамка, насочени кон решавање на проблемите.

Во последните години направено е значајно меѓународно досие во следење на пролиферацијата на МЛО. Потпишани се многубројни договори и обврски за суштински дијалог на меѓународно и регионално ниво. Во контекст на тоа, донаторите и земјите корисници на помошта преземаат голем број на специфични проекти. Постигнат е договор помеѓу земјите од Југоисточна Европа за справување со пролиферацијата на МЛО низ регионот, под заштита на многубројни меѓународни договори иницирани под закрила на ЕУ, НАТО, ЕАПС, ОБСЕ или Обединетите нации.[131]

#### *4.2.1. Меѓународна правна рамка и инструменти*

Во рамки на Советот на Европа, од Европскиот комитет за проблеми со криминалот[132] во 1978 година подготвен е првиот документ кој има за цел да се интензивираат заедничките активности за уништување на нелегалната трговија со огнено оружје и муниција, Европската конвенција за контрола на набавување и поседување на огнено оружје 1978/06/28.[133]

Во 1984 година, Комитетот на министри на земјите членки на Советот на Европа усвојува Препорака Р. (84) 23[134] со која се бара усогласување на националното законодавство коешто се однесува на огненото оружје, како минимум обврска што треба да се спроведе од државите.

Директивата на ЕУ за контрола на набавката и поседувањето на оружје е усвоена на први јануари 1993 година како придружна мерка на одлуката за поништување на контролите на внатрешните граници внатре во ЕУ. Сите земји кои имаат желба да пристапат во ЕУ мора да извршат усогласување на нивното законодавство со оваа Директива. Директивата ги дефинира правилата за набавување и

[131] SEESAC, (2010), *МЛО во Југоисточна Европа*, Парламентарен прирачник , Белград
[132] European Committee on Crime Problems
[133] European Convention on the control of the acquisition and possession of firearms by individuals, (1978), Достапно на: http://conventions.coe.int/Treaty/EN/Reports/Html/101.htm [пристапено на 04.11.2013]
[134] Recommendation No. R (84) 23 of the Committee of Ministers to Member States on the harmonization of national legislations relating to firearms, (1984), Достапно на: ttps://wcd.coe.int/com.instranet.InstraServlet?command=com.instranet.CmdBlobGet&InstranetImage=604690&SecMode=1&DocId=685066&Usage=2 [пристапено на 04.11.2013]

поседување на огнено оружје, како и трансферот на огнено оружје кон друга земја-членка на ЕУ. Оваа Директива обезбедува процедура која е базирана на прашањето за одреден трансфер на огнено оружје до земја-членка. Директивата, исто така, бара авторизација за патување со поседување на огнено оружје меѓу земјите-членки. Таа ја воведува Европската дозвола за огнено оружје, документ кој се издава врз основа на барање од властите на земјите-членки, на лице кое легално поседува и користи огнено оружје. Условите на оваа Директива се проширени со измените од 2008.[135]

Европската унија преку Заедничката акција за борбата против дестабилизирачкото натрупување и ширење на малото и лесно оружје, врз основа на барање за поддршка, обезбедува финансиска и техничка асистенција за земјите, групи на земји, меѓународните организации и невладините организации. Од 1999 година, преку Заедничката акција, ЕУ има усвоено 14 такви акции во Источна Европа, Латинска Америка и Карибите, во Азија и во Африка. Со одлука на Европскиот совет, помеѓу географските приоритети, посебно внимание е дадено на уништувањето на постојните резерви на МЛО во Источна и Југоисточна Европа и на акциите за поддршка за регионални мораториуми за мало оружје во Африка.[136]

На 16 декември 2005 година, Европскиот совет ја усвојува Стратегијата за поддршка на Заедничка акција за МЛО од 2002 година (2002/589/CFSP). Стратегијата е напишана во рамки на Европската безбедносна стратегија (2003), како што е случајот со сличната Стратегија за оружје за масовно уништување во 2003 година. Ова води кон создавање на „интегриран пристап и детален план за акција за борба против нелегалната трговија на МЛО и нивната муниција“.[137]

Целите на Заедничкиот став на ЕУ за извоз на оружје е контрола на посредувањето во трговијата со оружје во насока на избегнување на заобиколувања на санкциите на ОН, ЕУ или ОБСЕ, како и ембаргата за оружје, и критериумите наведени во Заедничкиот став за извоз на оружје на ЕУ. Заедничкиот став ги задолжува земјите-членки на ЕУ да воспостават јасна правна рамка за активности при посредување во трговијата со оружје. Дел од оваа правна рамка е лиценцираниот систем, каде што се оценуваат пријавите за дозволи за посебни посредувачки трансакции во согласност со одредбите во рамките на овој документ. Заедничкиот став, исто така, предвидува

---

[135] SEESAC, (2010), *МЛО во Југоисточна Европа,* Парламентарен прирачник , Белград
[136] Ibid.
[137] Ibid.

воспоставување на механизам за размена на информации за посредувачки активности.[138]

Обединетите нации прават огромни напори да им помогнат на државите за да воспостават контрола над оружјето. Во оперативна смисла на зборот, ОН се обидуваат да ја следат ефективноста на различните меѓународни ембарга за трансфер на оружје во различни области на конфликт. Првата меѓународна конференција на која се отворени прашањата и се дадени напори за решавање на проблемите предизвикани од недозволената трговија со оружје, под покровителство на ОН е одржана во јули 2001 година.[139] Со оваа конференција прашањата кои се однесуваат на малото и лесно оружје се ставаат високо на меѓународната агенда.

Како надополнување на Конвенцијата на ОН против меѓународниот организиран криминал, од 2001, подготвен е Протокол за борба против недозволено производство и трговија со огнено оружје кој стапува во сила на 03 јули 2005 година. Мерките кои се содржани во Протоколот на огнено оружје на ОН вклучуваат: зајакнување на домашното законодавство и зголемување на размената на информации меѓу владите за нелегално огнено оружје, трговците со оружје, изворите и патиштата на криумчарење. Овој документ претставува прв главен документ за политика на МЛО усвоен од ОН.

Програмата на Обединетите нации, која содржи акции за справување со малото и лесно оружје дава подетален опис на МЛО, отколку што тоа го прави Протоколот за огнено оружје на ОН. Во оваа програма се содржани сферите на акција против МЛО на меѓународно, регионално и локално ниво, а опфаќа и дел во кој е посветено внимание на трансферите на МЛО за секоја земја поединечно. Со оваа програма, државите се повикуваат на блиска соработка, а заради достигнување на зацртаните цели, се поттикнуваат на поголема размената на информации и меѓусебна помош при поставувањето и имплементирањето на стандардите.

Во 1992 година, ОН воспоставуваат добротворен *Регистар на трансфер* на конвенционално оружје. Од 1994 година, групата на водечките земји Г-8, издава периодични извештаи за поддршка на позицијата на ОН. Под покровителство на Норвешка и Канада, во јули 1998 година, група од 21 истомислени држави

138 Ibid.
139 The United Nations Report of the United Nations Conference on the Illicit Trade in Small Arms and Light Weapons in All its Aspects, New York, July 9-20, 2001. A/CONF. 192/15, contains the Program of Action to Prevent, Combat, and Eradicate the Illicit Trade in Small Arms and Light Weapons in All its Aspects, A/CONF. 192/L.5/Rev.1. The Program of Action is a politically binding document issued by the conference.

подготвуваат агенда за заедничко разбирање на проблемите на нерегулираниот транспорт на мало оружје.

Еден од последните документи поврзан со оваа област е Договорот за трговија со оружје[140] усвоен на 2 април 2013 година. Со него се предвидуваат цврсти правила за меѓународната трговија со оружје. Договорот дава широк опфат на категориите на конвенционално оружје (како и муниција и делови), како и транспарентност во однос на известувањето на реализираната трговија, пред сè поради безбедносните и хуманитарните последици од илегалната трговија и недоволни контролни мерки за различни трансфери на конвенционално оружје. Република Македонија е една од 116 земји кои го имаат потпишано овој договор.

Во 1997 година ЕУ, исто така, започнува програма за спречување и борба против нелегалниот трансфер на оружје. Тоа резултира со правно- обврзувачки „Кодекс на однесување“ за трансфер на оружје, донесен во декември 1998 година.[141] Кодексот им овозможува на владите на земјите- членки да ја следат етничката надворешна политика, тоа им дава на истите влади поголема контрола над националните компании кои купуваат и транспортираат оружје надвор од ЕУ. Тоа е нормален начин на кој трговијата на мало оружје е спроведена од компаниите на ЕУ.

Пактот за стабилност на Југоисточна Европа во ноември 2001 година го објавува Регионалниот план за спроведување за борба против неконтролирана пролиферација на малото и лесно оружје (SP SALW RIP). Во мај 2006 година овој план е ревидиран. Во споредба со многу други договори за контрола на оружјето, планот на Пактот за стабилност обезбедува конкретни механизми за помош на земјите во спроведувањето на обврските и инволвирањето на нивните влади во поставувањето на приоритети и донесувањето на одлуки за реализирање на напорите во регионот. Овие механизми на регионално ниво се поддржани или спроведени од СЕЕСАК, а во посебните земји од многубројни меѓународно поддржани инцијативи. На политички план, Регионалниот план за спроведување за борба против неконтролирана пролиферација на малото и лесно оружје на Пактот за стабилност се смета за успех, како и на оперативно ниво Планот обезбедува вреден и ефективен мандат за донесување ефективен одговор.[142]

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), исто така, има усвоено документ за МЛО, според кој акумулацијата на МЛО е една од основните

---

[140] The Arms Trade Treaty, (2013), Достапно на: http://treaties.un.org/doc/Treaties/2013/04/20130410%2012-01%20PM/Ch_XXVI_08.pdf#page=21, [пристапено на 04.11.2013]

[141] Дафилд, М. (2012), *Глобално владеење и нови војни*, Арс ламина, Скопје, стр. 199

[142] SEESAC, (2010), *МЛО во Југоисточна Европа*, Парламентарен прирачник , Белград

причини за дестабилизирање на неодамнешните регионални конфликти. Во овој документ се прави поделба на целите за пролиферација и ширење на МЛО на неколку категории во кои се опфатени различни норми и мерки. Во овие категории се вклучени: домашни регулативи за МЛО, вклучително контрола на производство, следење и водење досие; мониторинг и регулирање на меѓународната трговија со МЛО, вклучително и регулативите за посредувањето во трговијата со МЛО, заедничките критериуми за извоз и контрола на трансферот, како и размена на информации; и собирање на оружјето, управување со резервите и отстранување на вишокот – клучно за намалување на натрупување кое води кон дестабилизација и неконтролирано ширење на малото оружје и превенција од нелегално пренесување.[143]

И други меѓународни организации, исто така, се вклучуваат во борбата со лесно оружје, посветувајќи особено внимание на прашања кои се однесуваат на економскиот и човековиот развиток. Светската банка дел од своите ресурси ги насочува за разоружување и реинтеграција на борците од конфликтните региони во општеството. Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), пак си дава за задача да работи на превентивните мерки, односно на навремено откривање и ограничување на текот на оружјето во региони на потенцијален конфликт, а со цел да се спречи вооруженото насилство.

Заради тоа што најголем дел од трговијата со лесно оружје се одвива нелегално, клучната улога во процесот на намалување на бројот на МЛО го имаат националните влади, кои треба да донесат и да спроведуваат национални прописи за контрола и извоз на оружје.

### *4.2.2. Националното законодавство во функција на контрола и намалување на малото и лесно оружје*

Во периодот по осамостојување на Република Македонија, а посебно со интензивирање на аспирациите за членство во Европската Унија и НАТО, државата настојува да направи целосна трансформација и усогласување на домашното со европското законодавство. Во 2005 година од страна на Собранието, усвоен е Законот за оружје, кој дополнително неколку пати е изменет. Со донесувањето на овој Закон, државата прави напори да го преслика европското законодавство, а особено

[143] Ibid.

стандардите од Директивата за контрола на набавување и поседување на оружјето 91/477/ЕЕЗ на Советот на Европа.

Законот ги опфаќа следните начела:

- Регулирање на набавка, поседување и производство, промет и превоз со оружје и муниција;
- Контрола на набававката и поседувањето, како и производството, прометот и превозот со оружје и муниција;
- Ограничување на слободата на пазарот во однос на производството и трговијата со оружје и муниција, заради заштита на здравјето на луѓето и животната средина.

Со Законот за оружјето се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, онеспособување (деактивирање), промет, превоз и пренесување преку државната граница на оружје и муниција. Во исто време, одредбите на овој Закон не се однесуваат на вооружувањето и воената опрема, како и на оружјето и муницијата наменети за потребите на Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, казнено - поправните установи и другите државни органи и правни лица утврдени со посебни прописи.

Во Законот направена е класификацијата на оружјето во четири категорија:

- „А" забрането за набавување;
- категорија „Б" оружје што може да се набавува врз основа на одобрение;
- категорија „Ц" оружје што може да се набавува врз основа на одобрение *издадено под олеснителни околности; и*
- категорија „Д" оружје што е потребно да се пријави и за кое се издава потврда.

Во насока на контрола на набавувањето и поседувањето на оружјето дадено му е право на министерот за внатрешни работи да донесе Национален каталог за оружје и муниција што може да бидат произведени или увезени, односно да се набавуваат и поседуваат во Република Македонија врз основа на издадено одобрение, а предвидено е да може да се направи и каталогизација на прототип на ново произведено или увезено оружје.

Со Законот, децидно се пропишани условите за набавка на оружје од физички или правни лица, а во насока на спроведување на контрола на набавката на оружје.

## 4.3. Други активности за контрола и намалување на малото и лесно оружје

Од другите спомнати активности и мерки за намалување на малото и лесно оружје поголемо внимание ќе биде посветено на ограничувањето на трговијата, акциите за разоружување и уништување на нелегалното оружје и обележувањето на оружјето.

### *4.3.1. Ограничување на трговијата со мало и лесно оружје*

Улогата на трансфер на оружје при подгревање на конфликтите и овозможувањето терористички мрежи биле причина меѓународната заедница да преземе мерки за ограничување на трговијата. Претходните обиди, како преговорите за трансфер на конвенционално оружје меѓу САД и Советскиот Сојуз, не биле успешни, заради што било потребно да се преземат нови иницијативи кои ќе имаат поширока конституенција и со кои ќе се бара поголема контрола. Најопсежен обид за ограничување на воениот извоз е во областа на лесното оружје, поради притисокот од невладиниот сектор. Конференцијата на ОН од 2001 година, за ограничување на нелегална трговија на лесно оружје во сите негови аспекти, доведува до креирање на програма со активности, која бара земјите членки на ОН да преземат мерки за подобра контрола на лесното оружје, да изнајдат начини за следење на оружјето до нивните оригинални земји, да го засилат разузнавањето и да ги применуваат одредбите за следење на трансферот на лесното оружје. Најамбициозен потфат на полето на легислативата за тргување со оружје е предлогот за глобален Договор за трговија со оружје кој има почетна поддршка од 153 од вкупно 192 членки на ОН. Со тоа ќе се поставaт стандарди за одбивање на продажба врз база на прекршување на човековите права, придржување до постојните ембарга и дестабилизирање на снабдувачите во конфликтните области.[144]

[144] Хартунг, Д. В. *Меѓународна трговија со оружје*, во Вилијамс, П. Д. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс ламина, Скопје

***Република Македонија***

Извештаите кои ги подготвува Владата на Република Македонија укажуваат на тоа дека контролата на трансферот на оружје, заедно со домашната регулатива за контрола на малото и лесно оружје, е предмет од висок приоритет. Неколкуте преземени чекори во 2004 и 2005 година покажуваат дека ова е случај што треба да се земе предвид. На пример, на 16 јуни 2005 година, Владата ја усвојува првата Национална стратегија за контрола на малото и лесно оружје, што во тоа време ја вбројува во малкуте држави од југоисточна Европа што го имаа преземено овој чекор. Национална стратегија предвидува формирање на национална комисија за мало и лесно оружје, која ќе ја координира имплементација на националниот акционен план. Актуелниот состав на комисијата е именуван во јули 2013 година од Владата на Република Македонија.

Претходно, во 2004 година, Македонија унилатерално го прифаќа Кодексот на однесување на Европската Унија во врска со извозот на оружје, чекор што ја рефлектира желбата за подобрување на процедурите за контрола на трансферот во земјата.[145]

Македонија од дамнина претставувала дестинација и транзитна цел за шверц со оружје. Заради намалување на можностите за нелегална трговија со оружје направени се измени во системот за гранична контрола. Дополнително, направена е синхронизација на Стратегијата за интегрирано управување на границата, усвоена во октомври 2005 година со Националната стратегија за малото и лесно оружје. Со оваа синхронизација опфатени се оперaциските процедури на граничните премини и предавањето на должноста од армиските гранични чувари на пограничната полиција. Исто така, Македонија има воспоставено единица за борба против недозволена трговија и поседување на мало и лесно оружје (јануари 2005 година) во Секторот за организиран криминал при МВР. Дополнително, зголемена е вклученоста на Владата во разузнавачката соработка (со СЕЦИ центарот и Интерпол), а има воспоставено и соработка помеѓу канцеларијата на Јавниот обвинител на Република Македонија и канцеларијата на Државниот обвинител на Словенија во борбата против тешки кривични дела, вклучувајќи организиран криминал и шверц со оружје (формализирано во Меморандум на разбирање во март 2006 година).[146]

---

[145] SAFERWORLD (2007), *Контрола на трансферот со оружје во Македонија*, стр.1

[146] Ibid., стр.12

### *4.3.2. Акции за разоружување, собирање и уништување на малото и лесно оружје*

Знаејќи го фактот за сериозноста од постоењето на МЛО во светот се поактуелно е преземањето акции за контрола на оружјето. На национално ниво се случуваат многу акции за контрола на МЛО коишто вклучуваат: проекти за разоружување во постконфликтните региони; програми за уништување на вишокот количество оружје и муниција; доброволно собирање на оружјето; амнестирање од одговорност; процес за контрола на извозот; посредничка контрола; стандарди за запишување и бележење на оружјето; контрола врз поседувањето и употреба на оружјето од цивили итн.

Акциите за разоружување, односно собирање и уништување на оружјето, како мерка најчесто се преземаат по завршување на одреден конфликт. Целата на овие акции е да се соберат големите количини на оружје користени за време на конфликтот, за да се минимизираат шансите за повторно ескалирање и да се намалат опасностите од евентуална злоупотреба на истото од страна на структурите кои на некој начин располагале со истото. Слабата страна на овие акции е тоа што многу често се случува најголемата количина на предадено оружје да биде старо и речиси неупотребливо, а функционалното оружје да остане кај населението. Иако бројот на собрани парчиња оружје, може навидум да изгледа задоволителен, успешноста на овие акции може да биде доведена во прашање.

***Република Македонија***

Според CPDES (2005), се претпоставува дека големо количество на МЛО влегле во Република Македонија, посебно во годините околу конфликтот. Ова оружје се употребувало и од терористички групи, главно во конфликтот во Косово. Исто така, дел од оружјето е со потекло директно од Албанија, од големиот грабежот на касарните во 1997 година. Според податоците од 2004 година се претпоставува дека во Република Македонија имало меѓу 100.000 и 450.000 нелегално МЛО[147].

Во Република Македонија досега се спроведени две поголеми акции за разоружување на населението, веднаш по завршување на конфликтот во 2001 година.

Во првата акција „Неопходна жетва" која започна две недели после потпишувањето на Охридскиот рамковниот договор собрани се 3.875 парчиња на

---

[147] CPDES (2005), *Turning the Page: Small Arms and Light Weapons in Albania*

оружје и некаде околу 400.000 парчиња муниција. Во втората акција „Килибарна лисица" спроведена под мотото *Амнестија за оружјето* собрани се 7.571 парчиња на нелегално оружје, околу 100.000 парчиња на муниција и 165 килограми експлозив.[148]

Иако оценети како не многу успешни заради големиот број на старо и нефункционално оружје коешто е предадено, сепак овие акции имаат свој придонес во намалување на безбедносните импликации врз државата, бидејќи дел од функционалното оружје е одземено, а после тоа и уништено.

Формално, уништувањето на МЛО е регулирано со усвојување на Директива, која овозможува годишно уништување на сето собрано и конфискувано оружје. На пример, во 2008 година, со судска одлука се уништени околу 1.000 парчиња оружје и 130.000 парчиња муниција. Најголем напредок е постигнат со усвојување на законодавството за користење и поседување оружје во согласност со релевантните стандарди на ЕУ.[149]

***Босна и Херцеговина***

Босна и Херцеговина (БиХ) има направено значаен прогрес во последните години, во делот на контролата на МЛО. Во 2005 година формирано е Координативно тело за контрола на МЛО, а во мај 2006 година прифатена е Националната стратегија за контрола на МЛО од Советот на министри. Во 2008, започната е кампања за Експлозивни остатоци од војната (ERW), која завршува во средината на 2011година. Иако Директивата на ЕУ за Контрола на набавката и поседувањето оружје и натаму не е спроведена, Република Српска, сепак, има усвоено одредени измени на Законот за оружје (Службен весник 01-1277/07) во март 2009 г. и делумно го усогласува истиот со Директивата на ЕУ. Федерацијата на Босна и Херцеговина и регионот Брчко се во процес на усогласување со двете директиви- Директивата 91/477/ЕЕЗ и Директивата 2008/51/ЕЗ. Регионот Брчко веројатно многу брзу ќе го усогласи својот Закон за оружје со директивите на ЕУ. Во февруари 2009 година БиХ едногласно се приклучува кон Заедничкиот став на Советот на ЕУ 2008/944/CFSP. Заедничкиот став претставува значајно ажуриран и надграден инструмент, кој го заменува Кодексот на однесување при извоз на оружје. БиХ во континуитет објавува годишни извештаи за извозот на оружје, во согласност со Заедничкиот став на ЕУ. Усвоеното локално законодавство

[148] Атанасов, П. (2003), *Мултикултурализмот како теорија, политика и практика*, Евро Балкан Прес, Скопје

[149] SEESAC (2010), *МЛО во Југоисточна Европа*, Парламентарен прирачник, Белград

вклучува Закон за контрола на движењето на оружје и воена опрема (јуни 2009) и Измени на законот за производство на оружје и воена опрема (март 2009).[150]

***Република Хрватска***

Хрватска доследно се приклучува на релевантните меѓународни инструменти за контрола на МЛО. Хрватските власти, покажуваат последователност во програмите за собирање на оружје во последната декада, што резултира со собирање на околу 15.000 парчиња оружје, 450 килограми експлозиви и 552.000 рамки на муниција во текот на амнестијата низ целата земја, од септември 2007 до март 2008.

Влезот на Хрватска во НАТО во април 2009 година значи и зголемување на воените трошоци и пофокусиран пристап кон обновувањето и отстранувањето на старото наоружување. Влезот на Хрватска како рамноправен член во ЕУ е гаранција дека се следеле сите меѓународни стандарди.

***Република Албанија***

Албанија има постигнато одреден напредок во уништување на големите резерви од застарени парчиња оружје и муниција во земјата. Уништувањето на 90 илјади тони муниција преку програмата „Оружје во замена за развој" се одвива уште од 2002 до 2010 година. Еден од критериумите за влез во НАТО е уништување на големиот број резерви на најсмртоносните МЛО во земјата, што, според извештаите е завршено во јануари 2008 со помош на САД. Сепак, по експлозијата на магацин на муниција само два месеци по извештајот, во јавноста станува јасно дека сè уште има многу работа во однос на складирањето на МЛО во Албанија. Во јуни 2006 година Албанија ја прифаќа Спогодбата за стабилизација и асоцијација (SAA) со ЕУ. Тоа е успешен чекор во пресрет на постигнувањето на целта за земја членка на ЕУ. На 5 април 2007 година, Парламентот на Албанија го усвојува Закон за државна контрола на извозот и увозот на оружје, воена опрема и стоки со двојна употреба. Во 2009 година, Албанија го објавува својот прв Годишен извештај за извоз на оружје за периодот од 2007 до 2008 г. Извештајот содржи опис на националното законодавство кое се однесува на системот за контрола на извоз на воена опрема и стоки и технологии со двојна намена, како и опис на фазите од процесот за издавање на лиценци.[151]

---

[150] Ibid.
[151] Ibid.

### *4.3.3. Обележување на оружјето, како мерка за контрола*

Испитувањето и обележувањето на оружјето во Република Македонија е регулирано со Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата.[152] Со овој закон, извршено е усогласување со одредбите на Протоколот за борба против недозволено производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против транснационалниот криминал од 31.05.2001 година (Њујорк). Во Законот се содржани решенија што се однесуваат на испитување и жигосување на огнено оружје произведено на територијата на Република Македонија, обележување на увезено оружје, испитување и обележување на муницијата, исклучоци од правилата за испитување, жигосување, односно обележување на огненото оружје и муниција, овластување на правни лица за вршење испитување, жигосување, односно обележување на огненото оружје и муниција, надзор над работата на овие правни лица и прекршочни одредби за непочитување на одредбите од законот. Согласно истиот, правните, односно физичките лица кои вршат увоз на огнено оружје, должни се истото да го достават до овластен орган, заради обележување со ознака за увоз, во рок од 15 дена од денот на увозот.

Сепак мерките содржани во Законот се однесуваат само на легално произведеното и увезено оружје. Законската рамка не предвидува одредби за спречување на нелегалното поседување, трговија и увоз на оружје.

### *4.3.4. Акции за подигнување на јавната свест како мерка за контрола*

Подигнувањето на јавната свест за опасноста од оружје и оружено насилство најчесто се практикува од страна на граѓански организации, со или без поддршка на државните власти. На глобално ниво воспоставена е „недела за борба против оружјето" во рамките на која најчесто се одржуваат едукативни работилници, предавања, кампањи итн. со единствена цел граѓаните да се едуцираат за опаснота од употребата на оружје и да се мотивираат да го предадат доколку го поседуваат незаконски.

Успешноста на овие акции не може со сигурност да се потврди, меѓутоа на нив задолжително треба да се посвети поголемо внимание. Тие претставуваат значаен чекор во справувањето со нелегалното оружје и треба да го најдат своето место во преземените мерки за контрола.

---

[152] Службен весник на РМ, бр. 25/10 и 47/11.

## ЗАКЛУЧОК

На конфликтите обично се гледа како на негативна појава, која претставува динамичен процес. За да постои конфликт, треба да постојат најмалку две страни, кои имаат спротивставени мислења, гледања и интереси. Едната од страните во конфликтот секогаш е страна која напаѓа, а другата страна која се брани. При одвивање на еден конфликт, обично двете спротивставени страни се служат со различни средства за остварување на својата цел.

Низ историјата, различните автори прават различна поделби на конфликтите. Најчесто поделбите се правени според тоа кои се актерите во конфликтите, колкава е територијата што ја зафаќаат, со колкав интензитетот се одвиваат и по бројот на жртвите.

Во последно време природата на конфликтот е сменета недвосмислено. За разлика од првата половина на XX век во којшто доминираат војни помеѓу државите или таканаречените меѓународни војни, после Втората светска војна на сметка на намалување на бројот на војни помеѓу државите се зголемува бројот на конфликти, кои избувнуваат и се случуваат во границите на една држава. Причините за тие промени може да се бараат во вакуумот што се појавува по завршување на Студената војна и распадот на некои големи федерации и појавата на помалите држави. Денес повеќето модерни војни имаат карактер на внатрешен конфликт со надворешно мешање.

Внатрешните вооружени конфликти се застапени во сите делови на Земјината топка. Лесно избувнуваат и брзо се прошируваат. Поради својот карактер, тие предизвикуваат огромни страдања, особено на цивилното население. Во нив лесно се вклучува целокупното население во регионот каде што се одвиваат, и многу често нивните дејствија се прелеваат и во соседните области. Речиси секогаш предизвикуваат раселување на населението, а со тоа влијаат врз безбедноста и на соседните региони. Поради овие карактеристики лесно го привлекуваат вниманието на меѓународно ниво, и речиси секогаш постои опасност да прераснат во меѓудржавни конфликти.

Дефинирањето на внатрешните конфликти е особено тешко, но главна одлика за сите е дека се случуваат во рамки на границите на една држава. Во праксата не постојат цврсти и прецизно определени критериуми за јасно и целосно разграничување на тоа за каков внатрешен вооружен конфликт станува збор и мошне е тешко доволно прецизно да се направи јасна дистинкција помеѓу нив. Тешкотиите во дефинирањето и определување се резултат и на високиот степен на нивна меѓусебна поврзаност и

способност за трансформација и преминување од еден облик во друг. Тие можат да се појават во најразлични облици и да ја загрозат националната безбедност на државата.

Внатрешните вооружени конфликти многу често се појавуваат, лесно се прошируваат и предизвикуваат огромно страдање, посебно на цивилното население, кое заради нив е принудено на раселување. Причините поради кои настануваат можат да бидат неколку. Несомнено, слабата држава е потенцијално тло за почеток на внатрешен вооружен конфликт. Различностите по етничка и религиска припадност многу лесно можат да бидат причина за потпалување на првата искара и распламтување на конфликтите. Економските и социјални фактори се препознатливи како потенцијални извори на внатрешни конфликти. Различните перцепции и различните култури, исто така, придонесуваат за прибегнување кон конфликт.

Покрај другите фактори кои влијаат на настанување на конфликтите, голема улога во настанување и интензивирање на конфликтите има и оружјето. Особено ова важи за малото и лесно оружје, кое поради своите карактеристики и можност за распространување станува едно од најубиствените оружја во светот. Се зборува за најмалку петстотини милиони пушки, пиштоли и друго МЛО кои циркулираат во светот, кое се користи за да се убијат приближно 300.000 луѓе годишно во вооружени конфликти и 200.000 годишно во криминални активности.

МЛО претставува најраспространето оружје во светот. Евтино е, лесно достапно и едноставно за употреба. Тоа е најлесниот опис за едно од најсмртоносните оружја кои постојат на планетата. Големата убиствена моќ што ја има, едноставноста за ракување и одржување, издржливоста, лесната преносливост, употребата од војската, полицијата и цивилите е причината зошто претставува оружје на избор во многу конфликти. Едноставноста во производството придонесува за големиот број на фабрики низ светот да работат на негово создавање.

Ричиси и да не постои земја во светот којашто на некој начин не е вмешана во трговијата со МЛО. Поради неговата актуелност, трансферите со него претставуваат многу добар и профитабилен бизнис, па многу брокери и посредници се занимаваат со негово продавање. Огромно количество МЛО се извезува од земјите произведувачи и се распространува низ подрачјата зафатени со конфликти. Незаконската трговија со оружје претставува еден од најсложените и најопасни проблеми на современиот свет.

Причините поради кои луѓето набавуваат оружје можат да бидат најразлични, од економски, безбедносни, па сè до социјални. “Културата на оружје“ тука игра голема улога. Исто така, слабите контроли и пропустливите граници можат да доведат до

огромни трансфери на оружје и акумулирање на големо количество во одредени области.

Слободно може да се каже дека големото количество оружје влијае врз појавата на внатрешни вооружени конфликти. Иако само по себе, поседувањето оружје не мора да значи појава на конфликт, сепак, доколку на потенцијални кризни и тензични места постои големо количество МЛО, голема е веројатноста тоа да се употреби.

Поради многуте начини за трансфер на оружјето конфликтите траат подолго, а тоа влијае и врз зголемување на бројот на жртви. Можноста оружјето многу лесно да го најде својот пат до конфликтот за многу држави претставува и директно влијание врз нивната безбедност од соседните држави или други заинтересирани фактори. Најчесто нелегално трансферираното оружје се користи од недржавните учесници во конфликтот и финансиските средства со кои е набавено тоа оружје се таканаречени „црни пари“, односно се обезбедени од нелегални активности. Понекогаш може да се случи легалните трансфери на оружје да бидат пренасочени кон илегални патишта. Тоа најчесто се случува преку директно спонзорство од владата, невладини учесници со кршење на ембарго итн. Познати се и случаи каде што нелегалното оружје е стекнато преку ограбување на владините резерви или резервите на безбедносните структури, ограбување на продавници за оружје и сл.

На места каде што веќе постои конфликт, МЛО значително може да влијае и да го промени текот на настаните и да доведе до зголемувањето на интензитетот на борбите. Неговата ефективност може да се констатира од неколкуте примери во историјата кога групи вооружени исклучиво со МЛО рамноправно се носеле со многу поовооружени и технички поспремни армии.

МЛО значително влијае на безбедноста на граѓаните и после завршувањето на конфликтите. Поради едноставноста за криење и пренесување, постконфликтните акции кои се преземаат од државите за разоружување, собирање и уништување на оружјето многу ретко ги постигнуваат очекуваните резултати.

Од сето она што беше предмет на истражување на овој труд може да се заклучи дека не е едноставен процесот на справување со МЛО, особено со меѓународна трговија со мало и лесно оружје и негова пролиферација. Само еден сет на политички иницијативи не е доволен за да се реши овој проблем. Напорите за контрола на ширењето на малото и лесно оружје бараат, пред сè подготвеност за иницијативи како на меѓународна сцена, така и на регионално, национално и локално ниво. Националните влади особено ќе мора да одат надвор од нивната поддршка за

намалување на нелегалната трговија со лесно оружје и да ги преиспитаат сопствените улоги во тековната легалната трговија со оружје.

Еден од начините за намалување на количините на МЛО, а со тоа и намалување на веројатноста од појава на конфликти е воспоставувањето и прифаќањето на меѓународни норми кои ќе ги поддржуваат глобалните напори за справување со оружјето. Исто така транспарентноста на државите за ова прашање е многу значајно. Не ретко напорите за следење и контрола на ширењето на МЛО се попречени од недостатокот на детални информации за производство, продажба и транспорт на муниција и оружје. Националните влади треба да објавуваат детални годишни извештаи за увозот и извозот на оружје. Во отсуство на ефективен транспарентен систем, релативно е лесно дилерите на оружје, да ги скријат своите активности.

Подобрување на законодавството кое го регулира оружјето исто така е неопходно. Препораката е Република Македонија да направи измени во Законот за оружјето и подзаконските акти во насока на посебно дефинирање на малото и лесно оружје и мерки за негово намалување. Потребна е и поголема политичка волја од сите чинители во државата за да се обезбеди повисок степен на безбедност со имплементирање на пропишаните мерки.

Намалувањето на вишокот на оружје, исто така, е значаен фактор во насока на зачувување на безбедноста и минимизирање на можноста за појава на конфликт и насилно однесување. Проблемот на вишокот оружје особено се јавува во региони погодени од конфликти, па заради нивната ослабена економска моќ, продавањето на оружје може да претставува значаен извор на средства. Таквите случаи треба да бидат предмет на поголема опсервација од страна на меѓународната јавност и меѓународните институции, затоа што претставуваат погодно тло за развивање и на други криминални и нелегални активности (шверц со дрога, човечки органи, итн.) кои на еден или на друг начин имаат влијание врз безбедноста.

Воспоставувањето на повисоки стандарди за чување и складирање на МЛО од страна на безбедносните сили, односно постигнување на максимална контрола на воените складишта во кои што се чува оружјето за нивна употреба, треба да биде исто така еден од приоритетите. Потребно е да се преземат мерки за потешка пристапност до магацините и спречување на разгневена толпа да пристапи до резервите на оружје во евентуален следен сличен случај како примерот со Албанија 1997 година. Во таков хаотичен случај, веројатноста дека ќе се украде мало и лесно оружје е многу поголема, отколку некое потешко вооружување.

Намалување на влијанието на МЛО и вооружените конфликти врз безбедносните ситуации може да се постигне и со поголема контрола на територијата и границите на државите. Спречување на било каков шверц на оружје значително ќе го намали ризикот од појава на конфликти.

Вооружувањето со модерно и современо оружје од страна на безбедносните сили, исто така може да биде многу значајно, сè со цел за поголема супериорност во случај на конфликт и ситуација да бидат приморани да дејствуваат врз побунети вооружени групи.

## ПРИЛОГ

### Пиштоли и Револвери

Пиштолите и револверите спаѓаат во групата на мало оружје. Направени се пред се за да бидат лесни за носење и употреба. Се користат за цели до 30 метри.

GLOCK 17, 9 × 19, е најчесто користениот легален пиштол во светот. Поради неговата сигурност, натпросечен капацитет на рамка од 17 куршуми, и неговата мала тежина, се користи од полициските службеници во целиот свет.[153]



Слика 3: GLOCK 17

- Калибар: 9мм
- Тежина: 625г
- Должина: 186мм
- Висина: 113мм
- Ширина: 30мм
- Капацитет на рамка: 17 куршуми
- Земја на потекло: Австрија

### Автоматските пушки

Најпознатиот претставник во групата на мало оружје е АК-47. Развиена во 1946 година од Михаил Калашников - инженер од Советскиот Сојуз. Автоматската пушка насекаде позната како калашников е еден од најдобрите пример на основните индивидуално пешадиско оружје за последните 55 години и таа е ненадмината до ден денес. АК-47, со мали модификации се користи во повеќе од 50 земји во целиот свет.

[153] WORLD OF GLOCK (2009) *Safe Action pistol.* [online] Достапно на: http://www.glock.com/english/glock17.htm [пристапено на 05.05.2013].

Нејзината конструкција стана база за голем број на копии, верзии, и модификации. Но сепак, сите од нив работат на истиот принцип, развиен од Михаил.[154]



Слика 4: АК- 47

- Калибар: 7,62мм
- Тежина (со празна рамка): 4.300г
- Должина: 870мм
- Капацитет на рамка: 30 куршуми
- Домет: 800 м, најголема ефикасност до 400 м
- Земја на потекло: Русија

Автоматска пушка М -16 е најчесто користена од американската војска.[155]



Слика 5: М -16

[154] ENEMYFORCES, (2012), *Assault Rifle* [online] Достапно на: http://www.enemyforces.net/firearms/ak47.htm [пристапено на 03.06.2013]
[155] ENEMYFORCES, (2012), *Automatic Rifle* [online] Достапно на: http://www.enemyforces.net/firearms/m16.htm [пристапено на 03.06.2013]

- Калибар: 5,56мм
- Тежина (со празна рамка): 2.890г
- Должина: 986мм
- Капацитет на рамка: 30 куршуми
- Домет: 800 м/ најголема ефикасност до 550м
- Земја на потекло: САД

Табела 3.АК-47 и М16 процени направени за произведени автоматски пушки[156]

| Модел | Производство | Произведени парчиња (количина) |
|---|---|---|
| АК-47 (или други произведени по негова лиценца) | 1950 до сега | 35–100 милиони |
| М16 (и други вклучувајќи М4 и С7/8) | 1960 до сега | 8–12 милиони |

Heckler-Koch G36 создаден претежно за потребите на германските вооружени сили. Се користи како пешадиски оружје во голем број на земји, специјални сили и безбедносните сили. Основните компоненти на G36 се направени од стаклени влакна и армирана пластика. Има високи перформанси и лесен е за одржување.[157]



Слика 6: Heckler-Koch HK G36

- Калибар: 5,56мм
- Тежина (со празна рамка): 3.630г
- Должина: 999мм

[156] Извор: http://www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/H-Research_Notes/SAS-Research-Note-25.pdf
[157] ENEMYFORCES (2012) *Automatic Rifle* [online] Достапно на: http://www.enemyforces.net/firearms/g36.htm [пристапено на 03.06.2013]

- Капацитет на рамка: 30 куршуми
- Домет: 800м
- Земја на потекло: Германија

М-93 Црна Стрела, е снајперски пушка развиена од фабриката за оружје Црвена застава во Крагуевац во текот на 1990-тите. Од крајот на 1990-тите години се користи од југословенските вооружени сили. Исто така, се извезуваа во неколку земји, вклучувајќи ги САД.[158]



Слика 7: M-93 Black Arrow

- Калибар: (12.7x99мм); исто така достапни во 12.7x108мм
- Тежина: 16 кг
- Должина: 1670 мм
- Земја на потекло: Југославија/Србија

Тешки митралези (HMGs) се оружјата кои имаат калибар еднаков или поголем од 12.7мм, а помал од 20мм. Тие се преносливи од човек, но обично се монтираат на возила или се монтираат на земјата како противпешадиско и противавионско оружје. Тие се ефективни против: персонал; лесни оклопни возила; ниско и бавно летачки авиони и мали чамци.[159]



Слика 8: Browning M2hb

---

[158] Popenker, M. (2010), *Sniper Rifles.* [online] Достапно на: http://world.guns.ru/machine/usa/browning-m2hb-e.html http://world.guns.ru/sniper/large-caliber-sniper-rifles/yu/crna-strela-m93-e.html [пристапено на 03.06.2013]
[159] Popenker, M. (2010), *Machine gun.* [online] Достапно на: http://world.guns.ru/machine/usa/browning-m2hb-e.html [пристапено на 03.06.2013]

- Калибар: 12,7 x 99мм
- Тежина: 38кг без статив, 58кг со статив
- Должина: 1.650мм
- Земја на потекло: САД

Противтенковски водени оружје (ATGWs) се мали ракетни лансирни системи. Тие се разликуваат од ненаведувачките ракетни лансери, по тоа што нивните проектили се дизајнирани за да се управуваат, или бидат „водени" до целите по лансирањето (за време на летот). Овие оружје традиционално се дизајнирани за да се уништуваат или оневозможуваат оклопни возила, но во текот на последната деценија, производителите имаат развиено варијанти наменети за употреба против други цели, како што се добро утврдени бункери и згради.[160]



Слика 9: Spike ATGM

- Тежина: 34кг
- Должина: 1.670мм
- Земја на потекло: Израел

Преносливи лансирачи на противвоздушни проектилни системи (MANPADS) се земја-воздух проектили кои можат да бидат активирани од поединец или мал тим од луѓе против авиони. Овие системи на оружје често се опишани како рачни противавионски проектили. Во над 20 држави се произведени околу милион MANPADS за национална потреби или извоз. Најмалку 102 земји имаат или имале MANPADS во нивните арсенали. Американската влада проценува дека во целиот свет има околу 500.000-750.000 MANPADS иако е тешко да се каже точниот број.[161]

[160] ARMY-TECHNOLOGY (2012) *Spike Anti-Tank Missile, Israel.* [online] Достапно на http://www.army-technology.com/projects/gill/ [пристапено на 04.06.2013]
[161] ARMS CONTROL ASSOCIATION, (2012), *MANPADS at a Glance,* [online] Достапно на: http://www.armscontrol.org/factsheets/manpads [пристапено на 04.06.2013]



Слика 10: FIM-92A Stinger

- Должина: 1,5м
- Ширина: 13,96см
- Тежина (празно): 5,68кг
- Тежина (полно): 15,66кг
- Дострел: 1-8км
- Земја на потекло: САД

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

РМ- Република Македонија;

МЛО- Мало и лесно оружје;

ООН- Организација на обединети нации;

АНА- Албанска национална армија;

ОНА- Ослободителна народна армија;

ОВК- Ослободителна војска на Косово;

ОБСЕ- Организација за безбедност и соработка во Европа;

ЕУ- Европска Унија;

MANPADS (Man-Portable Air Defence Systems)- Преносливи системи за противвоздушна одбрана;

ЦИА (CIA)- Централна разузнавачка агенција на САД;

ГГЕ (GGE)- Група на владини експерти;

СМГ (SMG)- Полуавтоматска пушка;

ЛМГ (LMG)- Лесни митралези;

ХМГ (HMG)- Тешки митралези;

СРЈ- Сојузна република Југославија (1992- 2003);

НАТО- Северноатлантска Алијанса;

КФОР (NATO Kosovo Force)- Сили на НАТО на Косово;

ТВРА (Third World Relief Agency)- Хуманитарна муслиманска организација;

SAA- Спогодба за стабилизација и асоцијација;

УПСАЛА- Универзитет во Упсала, Швајцарија, Програма за мир и истражување на конфликти;

УЦДП (UCDP) - Програма со податоци за Упсала конфликт;

ЕАПС- Евроатлански партнерски совет;

ОЕЦД- Организација за економска соработка и развој;

СЕЕСАК (SEESAC)- Југоисточна и Источноевропска клирингшка куќа за контрола на малото и лесно оружје;

ERW- Експлозивни остатоци од војната;

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. АНАЛИТИКА (2011), *Македонија: Извештај за анализа на состојбата за анализа на состојбата на реформите во безбедносниот сектор 1991 – 2008 година*, Скопје

2. Атанасов, П. (2003), *Мултикултурализмот како теорија, политика и практика*, Евро Балкан Прес, Скопје

3. Богевска, М. К. (2011), *Од етничка разновидност до етничка еднаквост: Улогата на Охридскиот Рамковен договор во интеграцијата на етничките заедници*, Скопје

4. Вилијамс Д. П. (2012), *Студии по безбедност: Вовед*, Арс Ламина, Скопје

5. Георгиева, Л. (2007), *Творење на мирот: Мирот, безбедноста и конфликтите по студената војна,* Филозофски факултет, Скопје

6. Гоцевски, Т. (2006), *Основи на системот на националната одбрана*, 4. Дополнето издание, Филозофски факултет, Скопје

7. Гоцевски, Т. (1997), *Современи тенденции во одбраната*, Македонска ризница, Куманово

8. Дафилд, М. (2012), *Глобално владеење и нови војни*, Арс ламина, Скопје

9. Исмановски, С. (2008), *Конфликтот во Република Македонија: Тероризам или борба за права*, Фондација Институт отворено општество Македонија, Скопје

10. Коцева, Д. и Петровски, В. (2012), *Мултикултурализам - Етнички конфликт како општествен феномен - Причини и анатомија на конфликтот*, Годишен Зборник на Универзитет "Гоце Делчев" –Штип

11. Котовчевски, М. (2007), *Етиологија на вооружените конфликти*, Скопје

12. Котовчевски, М. (2003), *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје

13. Милошевска, Т. (2009), *Незаконската трговија со оружје и муниција како потенцијален безбедносен проблем*, Годишен зборник бр.62 на Филозофски факултет, Скопје

14. Нацев З и Начевски Р. 2000, *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово

15. Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија" број 7/05), донесен на 20.11.2012

16. SAFERWORLD (2007), *Контрола на трансферот со оружје во Македонија*,

17. SEESAC (2010), *МЛО во Југоисточна Европа*, Парламентарен прирачник, Белград

*****


18. Brzoska, M. (2007), SIPRY Yearbook, Appendix 2C. Collective violence beyond the standard definition of armed conflict *Collective violence beyond the standard definition of armed conflict*

19. Brown, M. E. (1996) The *International dimensions of internal conflicts,* Center for Science and International Affairs, Cambridge, Massachusetts

20. CPDES, (2005),*Turning the page: Small arms and light weapons in Albania*

21. Che, Kevin Ngang, (2007), *Small Arms and Light Weapons*, Africa's true WMD's: The role of SALW in conflict and insecurity in Sub-Saharan Africa, Stadstschlaining, Austria

22. Grillot, R.S., Paes, W.C., Risser, H. and Stoneman, O.S. (2004), *A Fragile Peace: Guns and Security in Post-conflict Macedonia*, UNDP and the Small Arms Survey

23. Freeman, M. (2000), *The Journal of Humanitarian Assistance, International Law and Internal Armed Conflicts: Clarifying the Interplay between Human Rights and Humanitarian Protections*

24. Gantzel K.J and Schwinghammer, T. (2000), Warfare Since the Second World War, New Brunswick, New Jersey

25. Hajdinjak, M. (2002), "*The Yugoslav Wars and the Development of Regional Criminal Networks in the Balkans: Smuggling in Southeast Europe*", Center for the Study of Democracy

26. ICRC (2008), ANNUAL REPORT, International Committee of the Red Cross

27. Jongman, J.A. (2001) *World Conflict & Human Rights*, Washington

28. Khakee, A. and Florquin, N. (2003), *Kosovo and the Gun*: Baseline Assessment of Small Arms and Light Weapons in Kosovo :Special Report

29. Laurence, J.E. (1998), *Light Weapons and Intrastate Conflit*: A Report to the Carnegie Commision on Preventing Deadly Conflict, New York

30. Nairobi Protocol for the Prevention, Control and Reduction of Small Arms and Light Weapons in the Great Lakes region and the Horn of Africa, signed in 2004

31. OSCE (2000), Document on Small Arms and Light Weapons

32. Rusi, I. (2002), From Army to Party: The Politics of the NLA, in Ohrid and Beyond: A Cross-ethnic Investigation into the Macedonian Crisis, IWPR: London

33. Singh, H. (2013), *Pentagon's South Asia defence and strategic year book 2013*, Pentagon Press, New Delhi

34. Snayder, J. (1993), *Nationalism and the Crisis of the Post- Soviet State. Survival*, 35(1), p. 5-26

35. Spectator Mundi (2013), *Oruzani konflikti*, Достапно на http://www.spectatormundi.org/oru382ani-konflikti.html

36. Small Arms Survey (2007), *Completing the Count,* Civilian firearms, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/A-Yearbook/2007/en/full/Small-Arms-Survey-2007-Chapter-02-EN.pdf

37. Small Arms Survey (2013), *Armed Actors*, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/armed-actors.html

38. Small Arms Survey (2004), *Rights at Risk*, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/publications/by-type/yearbook/small-arms-survey-2004.html

39. Small Arms Survey (2013), *Producers* , Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/de/weapons-and-markets/producers.html

40. SAFERWORLD (2012), *Small arms and light weapons control*: A training manual

41. Small Arms Survey (2013), *Transfers* , Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/de/weapons-and-markets/transfers.html

42. Small Arms Survey (2013), *Transfers*, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/weapons-and-markets/transfers.html

43. Small Arms Survey, (2013), *Illicit Trafficking*, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/weapons-and-markets/transfers/illicit-trafficking.html

44. Small Arms Survey, (2013), *Control Measures*, Достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/regulations-and-controls/control-measures.html

45. United Nations General Assembly (1997), http://www.un.org/Depts/ddar/Firstcom/SGreport52/a52298.html

46. WORLD OF GLOCK (2009), *Safe Action pistol*. Достапно на: http://www.glock.com/english/glock17.htm

47. ENEMYFORCES (2012), *Automatic Rifle* Достапно на: http://www.enemyforces.net/firearms/g36.htm

48. Popenker M. (2010), *Sniper Rifles* Достапно на: http://world.guns.ru/machine/usa/browning-m2hb-e.html

*****

1. http://www.un.org/disarmament/convarms/SALW/

2. http://www.sipri.org

3. http://www.globalpost.com/dispatch/news/regions/middle-east/121128/small-arms-middle-east-conflict-weapons

4. http://www.nato.int/docu/review/2011/arms-control/201103-photostory/EN/index.htm

5. http://www.un.org/events/smallarms2006/index.html

6. http://www.ucdp.uu.se/gpdatabase/gpregions.php?regionSelect=9-Eastern%20Europe

7. http://www.smallarmssurvey.org

8. http://www.spectatormundi.org/

9. http://legacy.prio.org/NISAT

10. http://www.glock.com/english/glock17.htm

11. http://www.enemyforces.net/firearms/ak47.htm

12. http://world.guns.ru/sniper/large-caliber-sniper-rifles/yu/crna-strela-m93-e.html

13. http://www.army-technology.com/projects/gill/

14. http://www.armscontrol.org/factsheets/manpads

15. http://plusinfo.mk/vest/72010/Srbite-se-vooruzheni-do-zabi